# МЕРЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Институт за комуникациски студии

ШТЕТ-НА

Институт за комуникациски студии

respublica


**Наслов на публикацијата:**
Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Едиција:**
ResPublica respublica



**Автори:**
Вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска
Проф. д-р Елеонора Серафимовска
Александра Теменугова
Проф. д-р Весна Шопар
Проф. д-р Маријана Марковиќ
м-р Бојан Георгиевски
м-р Михајло Лахтов
м-р Мила Стаменова
Асс. м-р Теа Конеска-Василевска
Дарко Малиновски
Владимир Делов



**Уредник:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Јазична редакција:**
Проф. д-р Симона Груевска-Маџоска

**Графички дизајн:**
Татјана Коцева Спирова

**Техничко уредување:**
Дејан Јовески

**Место и година:**
Скопје, 2024

# Содржина


Вовед — 4

1. Мониторинг на комуникациските практики и наративи на политичките актери преку нивните интернет- и фејсбук-страници — 5

1.1. Комуникациски практики на политичките партии и нивните лидери во ноември 2023 — 6

Утврдени индикатори за присуство на штетни наративи — 8

Мониторинг на комуникацијата на членовите на Владата на РСМ преку официјалните фејсбук-страници во ноември 2023 — 21

1.2. Комуникациски практики на политичките партии и нивните лидери во декември 2023 — 24

Мониторинг на комуникацијата на членовите на Владата на РСМ преку официјалните фејсбук-страници во декември 2023 — 42

1.3. РЕЗИМЕ — 43

2. Мониторинг на медиумското известување за политичките актери — 48

2.1. Извештај за мониторингот на известувањето на онлајн-медиумите за политичките актери — 49

Извештај за ноември 2023 година — 49

Извештај за декември 2023 година — 58

2.2. Извештај за мониторинг на известувањето на ТВ-станиците за политичките актери — 67

Извештај за ноември 2023 година — 67

Извештај за декември 2023 година — 77

2.3. РЕЗИМЕ — 90

Клучни карактеристики за известувањето на онлајн-медиумите во ноември и декември 2023 — 90

Клучни карактеристики за известувањето на ТВ-станиците во ноември и декември 2023 — 91

# Вовед

Вториот извештај „Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“ е сублимат на податоците од мониторингот на комуникациските практики на политичките актери во ноември и декември 2023 во кои се идентификувани штетни наративи. Дополнително, извештајот содржи анализа како овие штетни наративи се третирани во централните информативни изданија на девет телевизии и 11 онлајн-медиуми. Исто како и во првиот извештај за септември и октомври 2023, и тука емпириски се доловени содржината и обемот на штетните наративи пропагирани од политичките актери, интензитетот, темите и субјектите кон кои се насочени негативните пораки. Притоа, во извештајот се посочени прекршувањата на стандардите и начелата за недискриминирачка и транспарентна политичка комуникација од страна на политичките претставници, како и стандардите за професионално и етичко новинарско известување.

Податоците содржани во овој извештај се добиени со комбинација на повеќе методи и техники: квантитативно-квалитативна анализа преку мониторинг – набљудување, следење и утврдување присуство на претходно дефинирани индикатори (вкупно 14), кои пак се поврзуваат со некои од 16-те штетни наративи; критичка дискурзивна анализа – испитување на јазикот, реториката и стратегиите за врамување што ги користат политичките актери и медиумите. Методолошката рамка, примероците и динамиката на следење, како и детали за целиот истражувачки процес се достапни на: ШТЕТ-НА.

Истражувањето „Мерење на политички **штет**ни **на**ративи“ (**ШТЕТ-НА**), Институтот за комуникациски студии (ИКС) го реализира во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Користи факти“, поддржан од Британската амбасада во Скопје. Истражувањето е лонгитудинално и во текот на 2023 и 2024 година во неколку фази го спроведува тим од ИКС во соработка со истражувачи и експерти од областа на комуникациите и медиумите, како и со медиумски професионалци во делот на мониторингот и на контролата.

# 1. Мониторинг на комуникациските практики и наративи на политичките актери преку нивните интернет- и фејсбук-страници

Предмет на мониторингот се интернет-страниците и фејсбук-профилите на 10-те политички партии кои се застапени со најмалку двајца пратеници во Парламентот (Алијанса на Албанците, Алтернатива, ДУИ, Демократско движење, ВМРО-ДМПНЕ, Левица, ЛДП, Нова социјалдемократска партија, СДСМ, Социјалистичка партија). На Фејсбук се мониторирани и профилите на лидерите на политичките партии, како и профилите на претседателот на Владата на РСМ и 13 заменици на премиерот и министри од Владата. Селектираните актери кои предмет на мониторингот се земени предвид затоа што тие се креатори на доминантните пораки, јавниот дискурс и наративот, а токму тој наратив пенетрира во медиумите и преку нив се шири до целата јавност.

Во текот на ноември и декември, овие актери се анализирани во следните денови, согласно на динамиката „секој последователен трет и четврти ден во месецот“.

Денови на мониторинг на политичките актери во ноември

| S | M | T | W | T | F | S |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | 30 | 31 | 1 | 2 | **3** | **4** |
| 5 | 6 | **7** | **8** | 9 | 10 | **11** |
| **12** | 13 | 14 | **15** | **16** | 17 | 18 |
| **19** | **20** | 21 | 22 | **23** | **24** | 25 |
| 26 | **27** | **28** | 29 | 30 | | |

Вкупно 14 денови

Денови на мониторинг на политичките актери во декември

| S | M | T | W | T | F | S |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | **1** | **2** |
| 3 | 4 | **5** | **6** | 7 | 8 | **9** |
| **10** | 11 | 12 | **13** | **14** | 15 | 16 |
| **17** | **18** | 19 | 20 | **21** | **22** | 23 |
| 24 | **25** | **26** | 27 | 28 | **29** | **30** |
| 31 | | | | | | |

Вкупно 16 денови

**Денови на мониторинг на политичките актери во ноември:**

3, 4, 7, 8, 11, 12, 15, 16, 19, 20, 23, 24, 27, 28 ноември (вкупно 14 денови).

**Денови на мониторинг на политичките актери во декември:**

1, 2, 5, 6, 9, 10, 13, 14, 17, 18, 21, 22, 25, 26, 29, 30 декември (вкупно 16 денови).

## 1.1. Комуникациски практики на политичките партии и нивните лидери во ноември 2023

Во периодот од **1 до 30 ноември,** на интернет- и фејсбук-страниците на 10-те политички партии и нивните лидери, како и на владините министри, беа **идентификувани вкупно 92 објави на интернет-страниците на партиите и вкупно 79 фејсбук-објави кои содржат штетен наратив**. Мониторингот покажа дека има и политички актери на чиишто интернет- и фејсбук-страници не се детектирани штетни наративи [Алијанса за Албанците (АА), Либерално-демократската партија (ЛДП), Нова социјалдемократска партија (НСДП), и Социјалистичка партија на Македонија (СПМ)]. Што се однесува до владините министри, забележани се штетни наративи кога комуницираат преку официјалните владини фејсбук-канали (такви се случаите со заменик-претседателот на Владата и министер за политички систем, Артан Груби, министерот за правда, Кренар Лога, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, и министерката за култура, Бисера К. Стојческа). Кај опозициските партии на Албанците, здружени во коалицијата „Европски сојуз за промени“ (ЕСП) се забележани штетни наративи од партиите Алтернатива и Демократско движење само на Фејсбук. Кај третиот коалициски партнер во коалицијата, односно кај партијата Беса и лидерот Билал Касами, во мониторираните денови  не се идентификувани штетни наративи.

Анализата се однесува само на комуникациите на политичките актери каде се идентификувани штетни наративи (индикатор/и за штетни наративи). Со оглед дека политичките актери практикуваат да споделуваат  исти објави и на интернет- и на фејсбук-страниците, а со цел да се избегне двојна анализа на квантитативните податоци, во мониторингот е применета селекција на комуникацискиот канал, односно овие исти содржини се анализираат или од објавите на интернет- или на фејсбук-страниците. Со мониторингот не се анализираат коментарите од публиката споделени на обата комуникациски канала.

Табела 1: Приказ на објави со штетен наратив според политички актер на интернет- и на фејсбук-страници



На **интернет-страниците** на партиите **најмногу штетни наративи се забележани кај ВМРО-ДПМНЕ (38) и СДСМ (37)**. Со речиси двојно помалку следува Левица (16) и само еден на интернет-страницата на ДУИ (1). На **фејсбук-страниците**, пак, **најмногу штетни наративи се забележуваат кај Левица, кои заедно со објавите од лидерот Апасиев, имаат вкупно 30 објави (38 %)** со штетни наративи; СДСМ, заедно со министрите Николовски и Костадиновска-Стојчевска, има вкупно 25 објави (31,6 %), а кај ВМРО-ДПМНЕ заедно со Мицкоски, нотирани се вкупно 6 објави со штетни наративи. Ако се земе предвид координираната комуникација на опозицискиот блок на Албанците составен од партиите Демократско движење, Алтернатива и Беса, тогаш вкупно се забележуваат 11 објави со штетни наративи (или 13,9 % од штетните објави на Фејсбук за овој месец).

Анализата на фејсбук-комуникацијата на **официјалните профили на владините министри покажа дека се искористени за споделување со содржини со штетни наративи.** Таков е случајот со заменик-премиерот задолжен за прашања за политички систем и односи меѓу заедниците, **Артан Груби** (3 објави или 3,8 % од објавите со штетни наративи), кај министерот за правда од Алијанса за Албанците **Кренар Лога** (4 објави или 5,1 % од објавите), а кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство од СДСМ **Љупчо Николовски** и министерката за култура **Бисера Костадиновска-Стојчевска** исто од СДСМ (по 2 објави или 2,5 % од објавите).

Според приказот на формата во која се „спакувани" штетните наративи (Табела 2), може да се забележи дека **партиите и на интернет- и на фејсбук-страниците најчесто комуницираат преку соопштенија за јавност и прес-конференции.** Интересно е да се забележи дека реакциите и интервјуата со штетни наративи се многу почести на Фејсбук, отколку на интернет-страниците. Говорите со штетни наративи се позастапени на интернет во споредба со Фејсбук. Изјавите се најретка форма на објавување штетни наративи, и на двата комуникациски канала. Дополнително, анализата покажува дека на интернет-страниците СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ најмногу објавуваат штетни наративи преку соопштенија, додека Левица тоа најчесто го прави кога објавува говори на партиските претставници и кај ДУИ едниот штетен наратив е во форма на реакција. Од друга страна, на фејсбук-страниците, најмногу штетни наративи во форма на прес-конференции се забележани кај СДСМ и Алтернатива, на фејсбук-страницата на Левица штетните наративи се наоѓаат најчесто во форма на соопштенија, а кај ВМРО-ДПМНЕ и Мицкоски најмногу се забележуваат реакции со штетни наративи. Поводот за објавите на Фејсбук во кои се забележани штетни наративи е најчесто актуелен настан и општествено случување или тема; ретко поводот за објавите со штетни наративи е актуелен настан или псевдонастан.

Табела 2: Приказ на фреквенции на видовите објави на интернет и на Фејсбук



За ноември, и **на интернет и на Фејсбук главна тема за која се продуцираат штетни наративи е убедливо внатрешната политика.** На интернет-страниците кај СДСМ и ДУИ сите забележани штетни наративи се за прашања од внатрешната политика, исто како и кај Левица, но кај нив е забележана по една објава од областите правосудство и надворешна политика. Кај ВМРО-ДПМНЕ има речиси ист број објави со штетни наративи на тема внатрешна политика и здравство, но се појавуваат штетни наративи за сите други теми вклучувајќи економија, надворешна политика, социјална политика, правосудство, криминал, корупција и друго. Од мониторираните фејсбук-профили повторно внатрешната политика е единствената тема за која се развиваат штетни наративи кај речиси сите политички актери, а разновидност на теми се забележува само на фејсбук-страницата на Алтернатива, вклучувајќи ги темите правосудство и криминал, и на фејсбук-страницата на Левица каде покрај внатрешна политика како најчеста тема, се забележуваат штетни наративи и за сите други теми.

Денови со најмногу штетни наративи се деновите во кои популарни теми биле од внатрешната политика, како што се вести за можен криминал и корупција во власта, Законот за амнестија, вести за можна коалиција меѓу ВМРО-ДПМНЕ и Левица по следните избори, одбележувањето на Денот на албанското знаме – 28 Ноември.

## Утврдени индикатори за присуство на штетни наративи

Во **70,7 %** од мониторираните објави на **партиските интернет-страници** се забележани **непроверени наоди кои се користат како основа за обвинување на политички противници.** Следен **доминантен индикатор се тврдењата за корумпираност, непрофесионалност и злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (со 69,7 %).** Слична е динамиката **и на Фејсбук** - ова се двата најзастапени индикатора во идентификуваните објави со штетни наративи. Следни најчесто идентификувани индикатори се намерното непренесување на целосната слика за „настанот“, односно намерното изоставање информации што ја побиваат позицијата на тој што ги изнесува, што е понагласено на интернет-страниците, како и употребата на зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас/ние/нашето, кое е добро, и вас/вие/вашето, кое е лошо, што е позастапено на фејсбук-страниците.

Табела 3: Приказ на застапеност на индикаторите за штетни наративи (интернет и Фејсбук)

Фреквенции

| | Индикатор | Интернет страници | Фејсбук страници |
|---|---|---|---|
| 1. | Тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења | 64 | 53 |
| 2. | Непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) се користат како основа за обвинување на политички противници | 65 | 56 |
| 3. | Злоупотреба на информации од приватен карактер или лични трагедии, попреченост, социјален статус, брачен статус на своите политички противници за остварување на сопствената цел | | 1 |
| 4. | Етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица (медиумски работници, граѓански активисти, политички противници, носители на јавни функции...). | 12 | 7 |
| 5. | Говор со којшто се навредува одредена група или, пак, се оправдува говор на омраза кон одредена група, врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа | 1 | 3 |
| 6. | Намерно непренесување на целосната слика за „настанот“, намерно изоставање информации што ја побиваат позицијата на тој што ги изнесува | 31 | 19 |
| 7. | Се тврди дека е вистина дека политички противници/јавни институции се манипулирани од заднински (тајни) моќни групи (на пример, масони итн.) и притоа не се изнесуваат никакви факти или докази или, пак, се користат извори што немаат никаков кредибилитет и авторитет во областа | 1 | 2 |
| 8. | Употреба на реченици, формулации со коишто се обвинува странски ентитет (или ентитети) за мешање во внатрешните работи на државата, спротивно на интересите на државата, што, всушност, е нарушување на демократските процеси | 3 | 6 |
| 9. | Употреба на зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас/ние/нашето и вас/вие/вашето. Вообичаено, ние/нашето е добро, позитивно и пожелно, а вие/вашето е лошо, негативно и непожелно | 15 | 26 |
| 10. | Употреба на зборови и формулации со коишто се навредува, омаловажува, исмева некоја личност и/или група врз основа на нејзината родова и/или полова припадност | 0 | 0 |
| 11. | Употреба на зборови со коишто се навредува, дискредитира, озлогласува некоја група луѓе (странци/туѓинци) со цел да се предизвика страв, одбивање и дистанцирање од нив, дури и предизвикување на одредено однесување кон таа група | 0 | 1 |
| 12. | Употреба на реченици, зборови, формулации со коишто се велича сопствената етничка припадност, а сите други се помалку важни, вредни, достојни | 0 | 1 |
| 13. | Слики, видеа и аудиозаписи што се креирани со цел да ја доведат јавноста во заблуда дека нешто е реалност и вистина, ама не е (и чија невистинитост може да се докаже) | 0 | 2 |
| 14. | Зборови/реченици со коишто експлицитно или имплицитно, директно или индиректно се промовираат сопствените идеологии/активности/однесувања како нешто што е во корист на народот/широките народни маси/обичниот „чесен човек“, човечноста, додека идеологиите/активностите/однесувањата, карактеристиките на политичките противници се промовираат како нешто што служи на одредена мала елитна група луѓе, која не ја одразува волјата на народот | 27 | 29 |

■ Интернет страници ■ Фејсбук страници

Мониторингот на интернет-страниците покажува дека непроверените наоди и тврдењата за корумпираност, како и намерното непренесување на целосната слика за „настанот“ најчесто се искористени за развивање на штетните наративи за поткопување доверба во институциите и пристрасна селекција, но поретко се забележува дека индикаторот за намерно изоставање на информации се користи и за создавање дезинформациски наративи. Понатаму, етикетирањето, исмевањето и грубото непочитување на политичките опоненти најчесто се користат за демонизирање и напади на личноста, а поретко и за креирање дезинформации. Употребата на зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби помеѓу „ние“, како добро, и „вие“, како лошо, се користи за поттикнување поделби во општеството, но поретко и за ширење паника, страв и несигурност. Со зборовите со коишто експлицитно или имплицитно се промовираат сопствените карактеристики како нешто што е во корист на народот, додека карактеристиките на опонентот се промовираат како нешто што не ја одразува волјата на народот и служи само на мала елитна група се развиваат штетни популистички наративи, но мониторингот на фејсбук-страниците покажува дека поретко овие зборови се користат за развивање штетни наративи на екстремен патриотизам, теории на заговор и тврдења за странско влијание.

Дополнително, Фејсбук-мониторингот покажува поретко користени индикатори за штетни наративи и тоа: говор со којшто се навредува одредена група или се оправдува говор на омраза кон одредена група; неосновани тврдења дека политички противници/јавни институции се манипулирани од тајни моќни групи со што се шири паника, страв и несигурност; употреба на формулации со коишто се обвинува странски ентитет за мешање во внатрешните работи во државата, спротивно на интересите, и се развива наратив за странско влијание во земјата; употребата на зборови со коишто се навредува, дискредитира, озлогласува некоја група луѓе и формулации со коишто се велича сопствената етничка припадност, а сите други се помалку важни, создава штетен наратив на етноцентризам; употребата на слики, видеа и аудиозаписи што се креирани со цел да ја доведат јавноста во заблуда се користени за пристрасно селектирање, напади на личноста и ширење несигурност и паника. Еднаш се забележува и злоупотреба на информации од приватен карактер за нарушување на репутацијата на политички опоненти.

Табела 4: Приказ на застапеност на штетни наративи во објавите на политичките партии на нивните интернет-страници




| | ДУИ | СДСМ | ЛЕВИЦА | ВМРО-ДПМНЕ |
|---|---|---|---|---|
| Дезинформации | | | | 4 |
| Поткопување на довербата во институциите | | 39 | 31 | 73 |
| Пристрасна селекција | 1 | 3 | 20 | 35 |
| Напади на личност | | | 2 | 10 |
| Говор на омраза | | | | 1 |
| Манип. Аудио-визуелна | | | 2 | |
| Теории на заговор | | | | 1 |
| Странско влијание | | 1 | | 2 |
| Поттикнување поделби | | 3 | 9 | 3 |
| Ширење паника, страв и несигурност | | | 4 | 1 |
| Популизам | | 11 | 6 | 10 |

Во 38-те објави на Интернет, ВМРО-ДПМНЕ 73 пати се обидувале да ја поткопаат довербата во јавните институции, а често употребувале и пристрасна селекција, популизам и напади на личноста, додека поретко изнесувале дезинформации, штетни наративи за поттикнување поделби, тврдења за странско влијание, теории на заговор, ширење паника и несигурност и говор на омраза. Левица исто така најчесто се обидувала да ја поткопа довербата во институциите и користела пристрасна селекција на информации, но исто така имале најмногу обиди за поттикнување поделби од сите други партии.[1] И СДСМ исто најчесто се обидувале да ја поткопуваат довербата во институциите на локално ниво, кои се управувани од градоначалници од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, а често користеле и популизам, поретко пристрасно селектирале информации, поттикнувале поделби и зборувале за странско влијание. Кај ДУИ е забележана само една објава со штетен наратив – пристрасно селектирање информации, при што таквата слика може да ја доведат јавноста до погрешни заклучоци.

Табела 5: Приказ на застапеност на штетни наративи во објавите на политичките партии на Фејсбук




| | Бисера К. Стојчевска | Љупчо Николовски | Артан Груби | Африм Гаши | ВМРО-ДПМНЕ | Христијан Мицкоски | Кренар Лога | Демократско Движење | Изет Меџити | Алтернатива | Димитар Апасиев | СДСМ | Левица |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поткопување доверба | | | 1 | 2 | 3 | 6 | 1 | 4 | 3 | 5 | 7 | 32 | 41 |
| Пристрасно селектирање | 2 | 3 | | 2 | 1 | | 1 | 5 | 4 | 7 | 10 | 9 | 35 |
| Дезинформации | | 1 | | | | | 1 | | 2 | 2 | | | |
| Поттикнување подлеби | 1 | | | 1 | | | 2 | | 1 | | | 3 | 12 |
| Ширење паника, страв и несигурност | | | 2 | 1 | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | 1 |
| Популизам | | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | 2 | 2 | 2 | 6 | 10 |
| Напади на личност | | | | | 1 | | | 1 | | 1 | | | 3 |
| Говор на омраза | | | | | | | | | | | | | 3 |
| Манипулативна аудиовизуена содржина | | | | | | | | | | 1 | | | 4 |
| Странско влијание | | | | | | | | | | | | 2 | 3 |
| Етноцентризам | | | 1 | | | | | | | | | | 1 |
| Екстремен патриотизам | | | | | | | | | | | | 1 | 1 |
| Теории на заговор | | | | | | | | | | | | 1 | |
| Злонамерни информации | | | | | | | 1 | | | | | | |

Од мониторингот и анализата на фејсбук-комуникацијата на политичките актери, повторно се забележува дека доминираат обидите за поткопување на довербата во јавните институции и пристрасното селектирање информации, но често се јавува и популизмот и поттикнувањето поделби. Дополнително, се забележува дека Левица развивала штетни наративи со говор на омраза, најчесто поттикнувала поделби и напаѓала личности, а заедно со Алтернатива се единствените кои користеле манипулативна аудиовизуелна содржина. Дезинформации се изнесувале во објави од профилите на Алтернатива, лидерот на Демократско движење, Изет Меџити, и министрите Љупчо Николовски и Кренар Лога. Индикатори кои укажуваат на присуство на етноцентризам се забележани кај Левица и заменик-премиерот и министер за политички систем, Артан Груби. Кај Левица и СДСМ се забележуваат тврдења за штетно странско влијание и екстремен патриотизам, а исто така, освен кај овие политички субјекти, и кај Кренар Лога се забележува ширење паника и страв.

1 Поретко користеле популистички наратив, ширеле паника, страв и несигурност, демонизација и напади на личности, како и манипулативна аудио-визуелна содржина.

## СДСМ – Социјалдемократски сојуз на Македонија

Јавната комуникација на партијата СДСМ во ноември продолжува претежно со објава на соопштенија од партијата на дневно ниво, кои се пласираат и на нивната интернет-страница и на партиската фејсбук-страница. На **интернет-страницата на СДСМ** се забележани 37 објави со штетни наративи. Најчест актер кон кого се упатени партиските објави е ВМРО-ДПМНЕ (во 31 од 37 објави), па Христијан Мицкоски (во 15 од 37 објави) и Левица – како трет најспоменуван актер (во 5 од 37 објави). Слично е и **со фејсбук-комуникацијата**: ВМРО-ДПМНЕ е најчесто спомнуван актер, потоа следи СДСМ (партијата се прикажува како актер) и на трето место е Христијан Мицкоски.

Притоа, слично како и во претходните два месеца, СДСМ го продолжува трендот опозициската партија да ја именува како „ДПМНЕ", некогаш и како „Белата палата" алудирајќи на седиштето на партијата, а нивниот лидер само како „Мицкоски." Во анализираните објави, СДСМ се прикажува себеси како „проевропски блок", како бранител на народот, транспарентна партија која е ориентирана кон ЕУ.

Што се однесува до **темите**, СДСМ во ноември штетно комуницирала на прашања од внатрешната политика, поконкретно темата за европските интеграции на земјата, извештајот за напредокот на земјата којшто го објавува Европската комисија, скандалот со Клиниката за онкологија, критика за работењето на градоначалниците од ВМРО-ДПМНЕ.

Во однос на штетните наративи кои се појавуваат кај СДСМ, најчесто се забележуваат примери на **популистичка реторика при што партијата е претставена како бранител на граѓаните која работи за народот.** По повод две години од одржувањето на локалните избори, има серија објави во првата половина на месец ноември (3 - 7 ноември) во кои најчесто доминира изнесувањето н**аводи за поткопување на довербата на институциите на локалната власт.** Додека во некои од соопштенијата насочени кон одредени општини предводени од градоначалници од ВМРО-ДПМНЕ се спомнуваат проекти и ветувања на градоначалниците, има и општи објави во кои се опфаќаат повеќе елементи, а притоа не се дадени податоци за поткрепа на наводите. Во објавата главен актер е ВМРО-ДПМНЕ, која е именувана со „ДПМНЕ", а тонот на соопштението е негативен. Се изнесуваат непроверени и непоткрепени наводи, пристрасно селектирање со цел да се поткопа довербата во институциите кои ги водат градоначалници од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. Како на пример, *Резултатот на локалната власт на ДПМНЕ во над 40 општини е 0 проекти и безброј нереализирани ветувања од изборните програми, Наместо развој, локалните власти на ДПМНЕ обезбедија нови долгови и партиски вработувања, на половина од мандатот на виделина исплива поразителната неспособност на градоначалниците од ДПМНЕ* [Соопштение за јавност, 04.11.2023, 2 години локална власт, ДПМНЕ не ја оправда довербата од граѓаните - СДСМ - Социјалдемократски сојуз на Македонија (sdsm.org.mk)]

Во однос на **реториката којашто се користи кон Левица и ВМРО-ДПМНЕ** се забележува користење наративи со кои овие партии се етикетираат како **„анти-ЕУ" и „антизападни"** политички партии. Во соопштение во кое се критикува однесувањето на пратениците на Левица во Собранието, покрај изнесените критики и барањето одговорност се наведува и дека *на еден многу лош начин граѓаните видоа што значат сценаријата на Левица. Ова што денеска го гледаат граѓаните е потврда на она што го говориме цело време. Со Левица и нивниот коалициски партнер можни се само инциденти, насилства и хаос. Односот на Левица кон институцијата Собрание е однос кон државата, денес компјутерот во Собрание, утре народот. СДСМ нема да дозволи сценаријата на проруската Левица да успеат.* Со именувањето на Левица како „проруска", се инсинуира дека идеологијата на Левица е блиска и им служи на интересите на Русија како странски ентитет. [Соопштение за јавност, 20.11.2023, Одговорност за дивеењето на Левица во Собранието мора да има, нема да дозволиме насилни сценарија - СДСМ - Социјалдемократски сојуз на Македонија (sdsm.org.mk)] (објавено и на ФБ).

Забележително е што во ноември СДСМ ја интензивира употребата на синтагмата **„коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и Левица“** и покрај тоа што овие две партии немаат формално потпишан коалициски договор. Ваквата тенденција кога свесно се произведуваат и се шират  неточни информации е многу блиска со дефиницијата за дезинформациите[2], што во неколку наврати е нотирана и во мониторингот на политичките актери и во известувањата на медиумите. Таков е примерот со објавата на интернет-страницата во којашто портпаролката на СДСМ, Богданка Кузеска, употребува повеќе штетни наративи како дезинформација, пристрасно селектирање, етикетирање, напад на идеологиите на политичките противници дека служат на странски ентитети, напади на личноста:

> *Левица е проруска, анти-НАТО и анти-ЕУ партија која се поклонува на диктатори како Енвер Хоџа. Радикална десница, вљубена во режим исто како и ДПМНЕ. Тоа се антиевропските вредности на коалицијата ДПМНЕ и Левица, на Мицкоски и Апасиев. Одамна е сѐ јасно, сега само се потврдува. На претстојните парламентарни избори ќе имаме два политичка блока. Првиот проевропски блок, предводен од СДСМ кој се бори за европска иднина, поголеми плати и пензии, подобар животен стандард и европски вредности. И еден антиевропски блок од ДПМНЕ и Левица кој е за изолација и кој значи економско уназадување, стагнација и оддалечување од Европската Унија и демократскиот свет. Граѓаните не сакаат изолација, нови иселувања на младите и неизвесност. Граѓаните сакаат членство во ЕУ, поголеми плати, подобар животен стандард, сакаат младите својата иднина да ја градат во европска држава, дома, во својата татковина. Затоа антиевропската коалиција на ДПМНЕ и Левица ги чека пораз од граѓаните на изборите наредната 2024 година. [27.11.2023, Соопштение, објавено на интернет-страницата и на Фејсбук, Вредностите на коалиција меѓу ДПМНЕ и Левица се против НАТО и против ЕУ - СДСМ - Социјалдемократски сојуз на Македонија (sdsm.org.mk)]*

Слична реторика на етикетирање, служење на странски ентитети, поткопување на довербата, напади на личноста, ширење паника се користи и во соопштение од партијата во кое се исмева можна коалиција меѓу ВМРО-ДПМНЕ и Левица, на пр. *Дали коалицијата ДМПНЕ-Левица ќе почива на вредностите на диктаторот Енвер Хоџа? Може и Мицкоски следната година да оди да му се поклони на диктаторот Енвер Хоџа како што го направи тоа Апасиев.* Се наведува дека вредностите за кои се залагаат Мицкоски и Левица се исти и дека од *партнер на демократскиот свет, на САД и ЕУ сакаат да ја вратат државата во времето кога беше изолирана и заробена, а дека Мицкоски е во дил со партија која е против НАТО и ЕУ и фактор на дестабилизација, изолација и загрозување на европскиот пат на земјата.* [Соопштение за јавност, 27.11.2023, Дали на вредностите на Енвер Хоџа ќе почива коалицијата ДПМНЕ-Левица? - СДСМ - Социјалдемократски сојуз на Македонија (sdsm.org.mk)]

Во јавната комуникација на СДСМ исто така се забележани и објави со популистички наратив и пристрасно селектирање во кои се промовира СДСМ како сојузник и спасител на граѓаните. Во објава за градење на социјални станови, покрај објавата во која се дадени податоци за проектот и дека се гради најголемата зграда со 312 станови во Општина Бутел, се додава и дека *За СДСМ сите се важни, грижата за сите е важна. Ако се направи споредба со времето на ДПМНЕ, вредноста на оваа зграда од 10 милиони евра е еднаква на 4 лава – споменици од Скопје 2014. Тоа е суштинска разлика помеѓу СДСМ и ДПМНЕ. СДСМ се грижи за подобар живот на граѓаните, ДПМНЕ за споменициите. СДСМ не сади палми и жални врби во Вардар, туку вложува во потребите на граѓаните.* [Соопштение за јавност, 19.11.2023, СДСМ инвестира во современа инфраструктура и се грижи за ранливите - СДСМ - Социјалдемократски сојуз на Македонија (sdsm.org.mk)]

2 И покрај мноштвото дефиниции за поимот „дезинформација“, во ова истражување е дефиниран како „Споделување информации или тврдења што не се вистинити, со намера да се предизвика штета или да се манипулира јавното мислење“. Види повеќе на листата со штетни наративи.

## ВМРО-ДПМНЕ

Во месец ноември, **на интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ се забележани 38 објави** со штетен наратив, најмногу во форма на партиски соопштенија, неколку партиски реакции, неколку прес-конференции на портпаролите Марија Митева и Наум Стоилковски, пратениците Драган Ковачки и Миле Лефков, едно интервју на пратеникот Бојан Стојановски во централниот дневник на ТВ Сител и еден говор на пратеничката Жаклина Пешевска во Европскиот парламент. Повеќето од овие објави се на тема внатрешна политика (13), иако забележани се и 11 објави со штетни наративи на тема здравство, но присутни се и штетни наративи за надворешна политика, социјална политика, економија, правосудство, криминал, корупција и друго. И **на фејсбук-страниците на ВМРО-ДПМНЕ и на лидерот Христијан Мицкоски, во вкупно 6-те објави**[3] со штетни наративи, 3 кај Мицкоски и 3 кај ВМРО-ДПМНЕ, темата е внатрешна политика. Сите се во форма на видео, освен една објава со текст и фотографии кај Мицкоски, а содржински најчесто се во форма на реакции, но има и говор и прес-конференција. На 19 ноември е забележана објава со штетен наратив и на двете фејсбук-страници.

Во интернет-објавите, **ВМРО-ДПМНЕ најчесто се претставуваат како спасители и бранители на народот** и поретко како бранители на правдата, идентитетот и како транспарентна партија. Исто и на Фејсбук, Мицкоски себеси се претставува како спасител и бранител на народот, а ВМРО-ДПМНЕ дополнително на овие две карактеристики, на фејсбук-профилот се претставуваат и како бранители на правдата.

Во **30 од 38 интернет-објави со штетни наративи, ВМРО-ДПМНЕ е главен актер** и единствен извор на изнесените информации, а поретко се појавуваат два или повеќе други извори кои се користат во објавите. Во овие објави **најмногу се споменува и негативно се зборува за Владата или „власта на СДС и ДУИ", а често и индивидуално се критикуваат СДСМ (именувани како СДС) и ДУИ.** Овој месец често ја критикувале и Клиниката за онкологија, а дополнително забележано е и негативно спомнување и критика на правосудните органи, ЈО, ОЈО, јавната обвинителка Вилма Русковска и претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска. Од високи функционери најнегативно се зборува за премиерот Димитар Ковачевски, но негативно се споменувани и претседателот на државата Стево Пендаровски, министерот за надворешни работи Бујар Османи, министерката за одбрана Славјанка Петровска, министерот за здравство Фатмир Меџити, заменик-премиерот и министер за политички систем и односи меѓу заедниците Артан Груби, министерот за транспорт и врски Благој Бочварски и градоначалничката на Скопје Данела Арсовска. **Поретко се забележува негативен тон во споменувањето на Левица и лидерот Димитар Апасиев.** По еднаш се споменати и неутрално се говори за собраниската анкетна комисија за скандалот на Клиниката за радиологија и онкологија, за Европската комисија, за ОБСЕ, за пациентите на Клиниката за радиологија и онкологија, за пензионерите и за РЕК Битола, а со позитивен тон се споменува само претседателот на Србија, Александар Вучиќ.

Слично и во идентификуваните фејсбук-објави со штетни наративи **на профилот на Мицкоски се споменуваат „владата на ДУИ и СДСМ" со негативен тон,** земјоделците со неутрален и пензионерите со позитивен тон. Интересно е именувањето на Владата во која поголемиот коалиционен партнер е СДСМ, а ДУИ е помалиот партнер, односно наместо владата предводена од СДСМ и ДУИ, **најчесто се именува како владата на „ДУИ и СДС", со што суптилно се сугерира дека ДУИ е главниот лидер на Владата на РСМ.** Дополнително, во неговите фејсбук-објави се јавуваат градоначалникот на Струмица, Костадин Костадинов, и советниците во Советот на Струмица со неутрален тон, а компанијата Бехтел и Енка со негативен тон. Исто и во фејсбук-објавите на страницата на ВМРО-ДПМНЕ **со позитивен тон се споме-**

3 Со цел да се избегне двојна анализа на квантитативните податоци, во случај кога политичките актери споделуваат исти објави и на интернет- и на фејсбук-страниците, во мониторингот е применета селекција на комуникацискиот канал, односно во овој случај за ВМРО-ДПМНЕ не се анализирани двојните содржини од интернет и Фејсбук.

**нуваат градоначалниците од својата партија, а со негативен тон се зборува за „СДС и ДУИ“**, премиерот Ковачевски и за централната власт.

Во **идентификуваните интернет-објави со штетни наративи, најмногу се забележуваат тврдења за корумпираност, неотчетност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења, непроверени наоди како основа за обвинување на политичките противници и намерно изоставање информации.** Поретко се забележува етикетирање, исмевање и грубо непочитување на политичките противници, како и директно или индиректно промовирање на сопствените карактеристики како нешто во корист на народот, наспроти елитните карактеристики на политичките опоненти кои не ја одразуваат волјата на народот. Ретко се забележуваат тврдења без поткрепа дека политичките противници се манипулирани од заднински моќни групи, како и обвинувања на странски ентитети за мешање во внатрешните работи на државата, употреба на формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу ние – доброто и вие - лошото и говор на омраза.

На пример, интернет-соопштението од 19 ноември, насловено Што толку го радува Ковачевски 5 дена да лумпува по Белград, кога во Македонија расте сиромаштијата, инфлацијата, долгот, паѓа стандардот и економијата тоне?! изобилува со штетни наративи кои ја опишуваат службената посета на премиерот Ковачевски во Србија. Се забележува пренесување на нецелосни информации со што се врши пристрасна селекција *Гледаме пее по кафеани и отвора шишиња вино...Ковачевски да се весели и да прави баханалии по регионот со денови,* но и тврдења за корумпираност и злоупотреба на службената должност *...кога ништо не функционира во државата освен корупцијата и организираниот криминал на власта* и непроверени наоди како *да го праша претседателот на Србија, Вучиќ како успева да ја одржи инфлацијата пониска од нашата, како успева да го одржи растот на БДП повисок од нашиот, како успева да изгради автопати, како привлекува странски инвестиции...,* со што се прави обид да се поткопа довербата во премиерот и во Владата. Во објавата се забележува и исмевање и грубо непочитување кон премиерот со што се врши напад на личноста: ***Ковачевски нека внимава, алкохолот може да му предизвика мачно чувство како некој да го сече со нож во стомакот, особено што имал хируршка интервенција на абдоменот и сè уште има проблеми, поради кои и одбегнал служење на воениот рок.***

Во соопштение од 28 ноември насловено *СДС и ДУИ ја саботираат Анкетната за Онкологија за да не се дознае вистината и да ги заштитат своите кадри во скандалот Диво месо*, може да се препознае штетниот наратив на пристрасно селектирање информации и обидот за поткопување на довербата во институциите, во врска со скандалозниот случај со Клиниката за онкологија, за кој тече истрага во Јавното обвинителство за злоупотреба и продажба на лекови на нелегалниот пазар. Како и во останатите 10 соопштенија на оваа тема, ВМРО-ДПМНЕ ги обвинува СДСМ и ДУИ за скандалот и користи тврдења за корумпираност и злоупотреба на службена должност - *Нервозата во СДС од работата и заклучоците на Анкетната комисија за скандалот на Клиниката за онкологија, покажува дека канцер-мафијата е тесно поврзана со власта,* непроверени наоди *Вакwиот здравствен башибозук бил возможен само со знаење, одобрување или директно учество на највисоките функционери во институциите и власта,* и намерно непренесување на целосната слика за настанот *– клучната одговорност треба да се бара кај поранешниот министер за здравство Венко Филипче, тогашните медицински и економски директори на Онкологија..., тогашната директорка на ДСЗИ..., тогашните директори на ФЗО...,* иако укажувањата за можни злоупотреби во оваа клиника датираат и пред мандатот на министерот Филипче и останатите споменати директори[4].

4 Државниот завод за ревизија за ЈЗУ Клиника за радиотерапија и онкологија има направено ревизорски извештаи во 2008, 2012 и 2021 година. Извор: https://360stepeni.mk/izveshtajot-na-dzr-za-onkologija-na-komisiska-rasprava-ima-brojni-propusti-koi-direktno-vlijaat-na-uslugite-shto-gi-dobivale-patsientite/

Сличен тренд се појавува и на Фејсбук, каде и на профилот на партијата и на профилот на лидерот Мицкоски се забележува изнесување непроверени наоди и тврдења за корумпираност и злоупотреба на власта, но и намерно испуштање информации и експлицитна промоција на своите карактеристики како нешто што е во полза на народот. Од друга страна, **СДСМ и Владата предводена од СДСМ и ДУИ се претставува како елитна политичка група која работи за лични, наместо за интересите на народот**. Со користење на вакви формулации во објавите се развиваат штетни наративи за поткопување на довербата во институциите и популизам. На пример, во фејсбук-објава на профилот на Мицкоски од 7 ноември од посета на земјоделците од с. Дрмени, Ресен се забележуваат непроверени наоди и тврдења за корупција и криминал без аргументација и докази: *Проблемите со кои се соочуваат тие се големи, власта не покажува никаков интерес да најде решение за истите, бидејќи само ги интересираат криминалните бизниси кои ги тераат, со што се прави обид за поткопување на довербата во Владата. Понатаму во објавата се прави споредба со која се развива популистички наратив: За новата влада која ќе ја формира ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата, главен приоритет ќе биде решавањето на проблемите на земјоделците и нивна помош.* Дополнително, само на профилот на партијата ВМРО-ДПМНЕ во една фејсбук-објава од 28 ноември, која е проследена и со партиско соопштение објавено на интернет-страницата, се забележува видео со исечоци од изјави на премиерот и се етикетира и навредува Ковачевски во врска со покачувањето на платите на функционерите, со што се развива штетен наратив за демонизација на личноста: *Ковачевски без срам ги манипулираше граѓаните 8 месеци и ветуваше кратење на функционерските плати во стилот 'ако не овој понеделник, наредниот петок сигурно' и пак ништо не направи. Сè што фати исуши, сè што вети излажа.*

## Демократска унија за интеграција - ДУИ (Bashkimi Demokratik për Integrim – BDI)

За разлика од другите политички партии, јавната политичка комуникација на партиската интернет- и фејсбук-страница е прилично „олабавена" од штетни наративи. Кај политичката партија ДУИ се забележани објави во кои доминира етнички мотивиран дискурс, посебно во периодот околу 28 Ноември, кога се одбележува Денот на албанското знаме, а кој ден исто така е национален празник на Република Албанија. Најчесто објавите се промотивни за партијата која се претставува како бранител на правата на Албанците, прозападна и проевропска опција која работи во склад со западните вредности.

Ставот на ДУИ да се прикаже како бранител на албанските интереси е изразен и во реакцијата на ДУИ по повод поставувањето на крстот на Попова Шапка, кое се смета како провокација за муслиманската, претежно албанска заедница. Во објавата на ДУИ се префрла одговорност на градоначалникот на Тетово Билал Касами, кој доаѓа од политичката партија Беса, изнесувајќи критика, пристрасно селектирање и непоткрепени наводи, етикетирање, напади на личноста, поткопување на довербата во институцијата и поттикнување на поделба на ние - добро и тие - лошо: *Дали поставувањето на овој крст е нешто претходно договорено меѓу Беса на Билал Касами и ВМРО ДПМНЕ, услуга чувана во тајност од граѓаните за помошта што ВМРО - ја понуди на Беса на локалните избори за општина Тетово? Нереакција на општината и тенденцијата сето ова да помине во молк доволно говори за договор меѓу ВМРО и Беса. Но, тетовчани не молчат, ниту ние ќе молчиме против овој скандалозен пазар.* (16.11.2023, Реакција, соопштение за јавност, објавена на интернет-страницата на ДУИ и на нивната фејсбук-страница)

## Левица

Во ноември, на **интернет-страницата** на партијата Левица **се забележани 16 објави**[5] со штетен наратив, најчесто во форма на говори, поретко соопштенија, едно интервју и една реакција, но содржински

5 17,4 % од вкупниот број идентификувани интернет-објави со штетни наративи од сите мониторирани партии.

речиси сите се на тема внатрешна политика, со исклучок на по едно соопштение за надворешна политика и за правосудство. И на **фејсбук-страницата** на лидерот Димитар Апасиев сите 7 нотирани објави со штетни наративи се на тема внатрешна политика, најмногу во форма на реакции, но има по една објава со интервју и говор. **Поголема разновидност на теми е забележана на фејсбук-страницата на Левица каде се идентификувани 23 објави со штетни наративи**, иако најчесто на тема внатрешна политика, има и неколку објави за криминал и корупција и по една објава на тема економија, образование, социјална политика и правосудство. На овој профил штетните наративи се најчесто во форма на соопштенија, но има и неколку интервјуа, реакции и една изјава.

Во објавите со штетни наративи на интернет- и на фејсбук-страницата, Левица најчесто се прикажуваат како спасители и бранители на народот и правдата, а еднаш се прикажуваат како бранители на идентитетот. Во објавите со штетни наративи на фејсбук-профилот на Апасиев забележан е еден обид да се претстави како бранител на идентитетот.

Во речиси сите објави со штетни наративи на **интернет-страницата** на Левица, партијата се јавува како главен актер и единствен извор на изнесените информации, со исклучок на една објава во која се забележани два извора на информации. **Во интернет-објавите со штетен наратив најмногу се споменува и негативно се зборува за „широка коалиција СДС-ДУИ-ДПМНЕ“ и „власта на СДС-ДУИ“ наречена „хибриден режим“, а често негативно се споменува и Собранието, додека спикерот на Собранието Џафери се именува како „дезертер“**. Дополнително, СДСМ или „СДС“ ги нарекуваат квислиншка партија, **ВМРО-ДПМНЕ или „ДПМНЕ“ ги нарекуваат „лажна опозиција", а ДУИ - „сецесионисти“**.[6] Единствено само Европската комисија и Градот Скопје се споменуваат со неутрален тон, додека пораките за Законот за животна средина, хидроцентралата „Чебрен“ како национално и стратегиско богатство, министерот за економија Бектеши, Општина Карпош и украинските војници се споменуваат со амбивалентен тон.

Слично и на **фејсбук-страницата** на Левица, најчесто со негативен тон се зборува **за „СДС“ и за Владата, а негативно се споменуваат и „ДПМНЕ“, пратеникот на ДУИ Зибери**, [Ослободителната народна армија - ОНА или Ushtria Çlirimtare Kombëtare, UÇK (алб.)] и **ДУИ именувани како „учки“**, Али Ахмети, Димитар Ковачевски, судии, обвинителот Ислам Абази, министрите Јетон Шаќири, Бујар Османи и Каја Шукова, градоначалникот на Тетово Билал Касами, градоначалникот на Ѓорче Петров, Александар Стојкоски, градоначалникот на Прилеп, Борче Јовчески, фирмата Бехтел и Енка, фирмата на поранешниот вицепремиер Кочо Анѓушев - Брако именувани како **„хохштаплери“**, Државна лотарија, ЕВН и Правниот факултет во Скопје именувани како **„фосили“**.[7] Амбивалентност во тонот се забележува кога се говори за Битола, Влае, Општина Чаир, Европската комисија и ЕСМ Продажба. Исто така и во објавите со штетни наративи на фејсбук-страницата на лидерот Апасиев, најчесто негативно се зборува за „ДПМНЕ“, **„СДС“**, спикерот на Собранието именуван како **„Таљат“**, меѓународната заедница наречена „Запад“, Северна Македонија именувана како „Северна“, Маја Кадиевска наречена **„вмроидна елита“**, Пуцко Петрол како **„султан“**, пратениците и САД, додека само „македонскиот народ“ се споменува со позитивен тон.

На интернет-страницата на Левица **најмногу објави со штетни наративи се забележани на 20 ноември кога се објавени пет видеа од говорите на пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов во Собранието**, во врска со усвојувањето нов Деловник, кога предизвикаа агресивен инцидент со уништу-

6 Со негативен тон и критика Левица ги споменува и министерката за одбрана Славјанка Петровска, министерот за правда Кренар Лога, Стевчо Јакимовски и лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски, а поретко негативно ги споменувала и Бесник Авдија, ЈСП, Пуцко Петрол, рудникот во Пробиштип, Советот на Општина Гази Баба.

7 Содржините на објавите кои ги содржат овие негативни именувања се подетално анализирани подолу.

вање опрема во собраниската сала, кој е пренесен во едно од видеата објавени на интернет-страницата на Левица. Од друга страна, пак, на фејсбук-страниците на Левица и Апасиев, најмногу објави со штетни наративи се забележани на 27 ноември, кога Апасиев има објавено две реакции со критика кон ВМРО-ДПМНЕ, а кај Левица има седум објави со штетни наративи на различни теми.

**Во идентификуваните интернет-објави со штетни наративи, најмногу се забележуваат тврдења за корумпираност, неотчетност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења, непроверени наоди како основа за обвинување на политичките противници и употреба на зборови со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу ние - доброто и вие - лошото.** Поретко се забележуваат и намерно непренесување на целосната слика за „настанот" и реченици со коишто експлицитно или имплицитно се промовираат сопствените карактеристики како нешто што е во корист на народот, додека карактеристиките на политичките противници се промовираат како нешто што служи на одредена мала елитна група луѓе, која не ја одразува волјата на народот. Со тоа, најчесто се развивале штетни наративи за поткопување на довербата во институциите, пристрасно селектирање на информации, поретко се поттикнувале општествено-политички поделби, популистички наративи, обиди за ширење паника, страв и несигурност, демонизација на политички опоненти и манипулативна аудио-визуелна содржина.

На пример, на 20 ноември, на интернет-страницата на Левица е објавено видео и текст од говор на лидерот Апасиев од Собранието во врска со донесувањето нов Деловник на Парламентот, насловено Патриотите на батерии од ДПМНЕ, квислинзите од есдеес и сецесионистите од ДУИ ја ставаат јамката на парламентарната демократија. Уште од насловот на објавата и други реченици како „Непочитуван дезертер од претседател", се забележуваат груби навреди и оцрнување на овие политички актери. Дополнително, Апасиев изнесува непроверени наоди, намерно пропушта информации и изнесува тврдења за корумпираност и непрофесионалност - *...ДПМНЕ и ДУИ ќе ви ги шверцаат сите закони со европско знаменце во следниот парламентарен состав. Ова што денес ќе го направи Претседателот на Собранието на Република Македонија е без преседан во парламентарната историја... во идниот парламентарен состав, СЕКОЈ ЗАКОН, ама буквално СЕКОЈ закон ќе биде како сегашниве, озлогласен со ЕУ знаменце. Тоа значи дека опозицијата, без оглед дали има педесет и девет, педесет и осум, или било колку пратеници, нема да може ништо да спречи. Тоа е влез во диктатура...*", со што развива штетен наратив на пристрасна селекција и поткопување на довербата во институциите. Дополнително се забележува и употреба на зборови со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас - доброто и вас – лошото: *Овие три политички аждаи кои ја цицаат крвта на македонскиот народ сакаат во иднина да нема опозиција,* со што се поттикнуваат поделби и се шири страв и несигурност. Исто така, може да се забележи и популистички наратив во објавата: *Претседателе, Ви давам чесен пионерски збор, дека ова нема да ви биде простено и услов за секоја идна влада во која ќе има можност да учествува Левица, ќе биде Вие да скапете во затвор токму поради ова,* каде ја става својата партија во улога на бранител и спасител на народот, правдата и демократијата - Ние сме тука со сите сили да ве спречиме.

Кога се работи за темите од надворешна политика, Левица исто така шири наративи за наводно штетни надворешни влијанија и притисоци кои може да ја поткопаат довербата во институциите и создаваат паника, несигурност и страв во јавноста. На пример, во соопштение на интернет-страницата на партијата од 24 ноември насловено Политиката на подаништво ја вовлекува државата во војна (со манипулативна аудио-визуелна содржина, односно фотографија од министерката за одбрана Славјанка Петровска со украинско знаме врз кое е испишана пораката од насловот на објавата) Левица користи непроверени наоди и тврдења за нетранспарентност и непрофесионалност за да ја обвинува „владата на СДС и ДУИ" и „НАТО" за вовлекување на државата во војна преку дозволување обука на украински војници во нашата држава: *Антинародната Влада на СДС и ДУИ овозможила обука на украински војници во Македонија, со што уште еднаш директно ја вовлекуваат државата во конфронтација со земја членка на Советот за безбедност... Ова е само уште еден доказ дека насилното вовлекување на земјата во НАТО, нè прави потенцијална мета, заради остварување на интересите на трети држави, а на огромна штета на Македо-*

*нија... Несомнено е дека Македонија нема апсолутно никаков интерес од вмешување и учество во воени дејствија кои се директна последица на империјалистичката политика која ја води Колективниот запад.* Дополнително, со овој наратив се оцрнува политичката власт во државата и НАТО како нешто лошо и непожелно и се создава паника во јавноста.

Слично и на фејсбук-страницата на Левица и на Апасиев најчесто се употребувале неосновани тврдења за корупција, непроверени наоди и употреба на зборови со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу ние - доброто и вие - лошото. Со тоа се развивале штетни наративи на пристрасна селекција, поткопување доверба во институциите и поттикнување поделби во општеството. Во поретки случаи и на двата профила се забележуваат објави со намерно непренесување на целосната слика за „настанот" - *Се виде вчера кој против кого, тоа значи сите 118 против двајцата од Левица,* употреба на формулации со коишто се обвинуваат странски ентитети за мешање во внатрешните работи во државата – *Ние сме експериментална држава и овде се гледа замешателство на колективниот Запад на којшто тие се експоненти,* како и зборови со коишто директно или индиректно се промовираат сопствените карактеристики како нешто што е во корист на народот, наспроти карактеристиките на опонентите како нешто што не ја одразува волјата на народот – *Единствен народен пркос кој го гледате тука е Левица. Нема друга, нема никој кој дава таков отпор* (Видеообјава од интервју на фејсбук-профилот на Апасиев, 24 ноември). Со тоа се развиваат штетни наративи на популизам, теории за странски влијанија, како и ширење страв и паника. Исто поретко се забележува и етикетирање и грубо исмевање на политички опоненти со што се развиваат штетни наративи за демонизација на личностите, а не се поштедени и други ентитети и личности, на пример *Едните исти фосили на Правен факултет 300 години ни ги пишуваат истите закони, само се вртиме во круг.* (Видеообјава од интервју на Апасиев на фејсбук-профилот на Левица, 27 ноември) или *...султанот од ПУЦКО ПЕТРОЛ, на кој сè што имавме му дадовме за да ги напуниме со гориво автобусите.* (Видеообјава од говор на фејсбук-профилот на Апасиев, 28 ноември).

Дополнително, **на фејсбук-страницата на Левица се забележува етноцентризам и екстремен патриотизам.** На пример, во објава од 20 ноември насловена МОЛК ЗА СКАНДАЛОЗНИОТ ОГЛАС НА „БЕХТЕЛ И ЕНКА" ЗА СЕВЕРНОМАКЕДОНСКИ ЈАЗИК се вели *Резултатите на владеењето на предавничката СДС и сецесионистите од ДУИ се крајно погубни во однос на државата и општата добробит. Корпоративната диктатура, која ја официјализираа со европско знаменце за да му се дозволи на Артан ГРУБИ да се богати. Владата, која ја сочинуваат импотентните квислинзи од СДС и етнотрибалистичките сецесионисти од ДУИ, дозволува една корпорација да го надополнува проектот за редефинирање на државните идентитетски обележја. Антимакедонската политика на предавничките СДС и ДУИ резултира со целосно редефинирање на антифашистичкиот македонски идентитет во НАТО-вски северномакедонски идентитет.* И само во овие неколку реченици може да се забележат непроверени наоди, навреди и етикетирање, тврдења за корумпираност, но може да се забележи и етноцентризмот со што се обвинува компанијата и партиите на власт за „флагрантно деградирање на македонскиот јазик" и идентитет. Етноцентристичкиот наратив се развива и во екстремен патриотизам со популистичката формулација: *Левица во својата програма се залага за поништување на т.н. Преспански договор со Грција и на криминалните илегални уставни амандмани произлезени од истиот - поради непочитување на правото на самоопределување!*

Исто така, на фејсбук-профилот на Левица се забележува и говор на омраза (конкретно кон ДУИ) и манипулативна аудиовизуелна содржина, на пример во објава од 23 ноември каде е дизајнирана кратка порака со фотографија од Апасиев и се вели: *Учките се силеџии, ДПМНЕ и СДС се нивни колаборатори* или во објава од 12 ноември каде се вели: *...политичкиот водач на УЧК - Али Ахмети, денес е претседател на ДУИ кој смело тврди дека 'Албанците во Македонија се господари'. Терористите, со македонска крв на своите раце, денес градат меморијални центри, го поткопуваат нашиот национален идентитет, и уживајќи луксузно во украденото богатство одлучуваат за политичкиот правец на Македонија.*

## Европски сојуз за промени (Lidhja Evropiane për Ndryshim)

Политичките субјекти Алтернатива, Демократско движење и движењето Беса како албански опозициски партии се здружени во т.н. **Европски сојуз за промени и забележливо е дека почесто излегуваат со заеднички ставови**, коишто се објавуваат на фејсбук-профилите на сите три субјекти, придружени со логоата на политичките партии. Изјавите и реакциите на Демократско движење, Алтернатива и Беса најчесто **содржат критики за работењето на ДУИ** како најголема албанска партија која е дел од Владата. Темите кои најчесто се третирани во мониторираните објави се од областа на внатрешната политика, поконкретно за владеењето на правото и за корупцијата.

**Во ноемврскиот мониторинг кај ЕСП се нотирани 11 објави со штетни наративи**, вкупно за сите три партии и нивните лидери. Во објавите со штетни наративи **најчесто се забележуваат тврдења за корумпираност, неотчетност, злоупотреба на службената должност, напади на личноста, експлицитно или имплицитно се промовираат сопствените карактеристики како нешто што е во корист на народот, додека карактеристиките на политичките противници се промовираат како нешто што служи на одредена мала елитна група луѓе, која не ја одразува волјата на народот.** Во таа насока, најчестите штетни наративи се за поткопување на довербата во институциите, пристрасно селектирање на информации, поттикнување на општествено-политички поделби, популистички наративи, демонизација на политички опоненти и манипулативна аудио-визуелна содржина.

Во соопштение на фејсбук-профилот на Алтернатива (споделена и кај Изет Меџити, лидерот на Демократско движење): „Стоп за притисокот врз судиите на Врховниот суд", се изнесува критика за притисокот што се прави врз Врховниот суд и неговата претседателка Беса Адеми. Притоа, Европскиот сојуз за промени се прикажува како застапник на правдата, истовремено со нецелосно поткрепени наводи тврдејќи дека политичкиот опонент работи за мала група на луѓе: *ДУИ и СДСМ продолжуваат да ги нарушуваат сите демократски вредности, институционалната независност, интегритетот на судиите и воопшто на правосудниот систем, со присила врз нив, за да го вратат Груевски и да му го спасат животот, како и на неговите криминалци, сето тоа во корист на изборните калкулации за следните парламентарни избори. Затоа, ја поздравуваме оваа изјава, која ќе помогне уште еднаш да се разобличи ДУИ и нејзиниот кредибилитет што недостасува, како и да докаже дека ја изгубила и ја губи поддршката и политичкото влијание.* (3.11.2023, Објава на фејсбук-профилот на Алтернатива, а објавена и на фејсбук-профилот на Изет Меџити од ДД, https://www.facebook.com/photo?fbid=731340912361146&set=a.101685251993385)

Една од темите која се третира во јавната комуникација на Европскиот сојуз за промени е корумпираноста на високи претставници на ДУИ, а **посебно се истакнува Артан Груби**. Во објава која се однесува на **работењето на Државната лотарија**, се изнесуваат тврдења со кои се поткопува довербата во институциите водени од ДУИ и дека *граѓаните страдаат од бизнисите на игри на среќа на ДУИ и дека ДУИ е претворена во партија која се занимава со зделки за игрите на среќа*, а за Државната лотарија дека е *симбол на срамот на актуелното раководство на ДУИ.* За ДУИ се тврди дека од партија која била симбол на борбата за правата на Албанците, се претворила во партија која се занимава со коцкарски чаршии. *За жал, ДУИ денес повеќе личи на бизнис-октопод кој ги усовршил сите механизми за присвојување на јавните пари. Сите декларативни заложби за полноправно членство во ЕУ, почитувањето на нашите стратегиски меѓународни пријателства се само фасада за нивните лични и партиски бизнис-интереси. По сето она што ние и медиумите објавивме дека се случува во Државна лотарија, досега требаше да ја дочекаме оставката на Артан Груби и неговиот поранешен помошник Папарим Бајрами, како и постапувањето на надлежните државни органи. Бидејќи ништо од ова не се случи, како Европски сојуз за промени - најавуваме на пошироката јавност дека во следниот период уште повеќе ќе ја откриеме инволвираноста на раководството на ДУИ во бизнисот на игрите на среќа.*
(8.11.2023, фејсбук-објава од профилот на Алтернатива)

Во друга објава, исто така посветена на Артан Груби и на работењето на Државна лотарија се изнесуваат наводи за незаконско работење, со коментар дека *политичката партија ДУИ не е партија, туку бизнисмен и злотворен октопод.*

## Мониторинг на комуникацијата на членовите на Владата на РСМ преку официјалните фејсбук-страници во ноември 2023

Покрај мониторингот за присуство на штетни наративи, **фејсбук-профилите на премиерот, замениците на премиерот и министрите се мониторираат со цел да се идентификува евентуална злоупотреба на официјалните владини комуникациски канали на Фејсбук за партиска комуникација,** односно дали го почитуваат Етичкиот кодекс за јавни службеници, според кој тие треба да ги извршуваат работните задачи на политички неутрален и непристрасен начин и да не го застапуваат своето политичко уверување во вршењето на работните задачи.

Овој месец забележани се штетни наративи во фејсбук-објави на четири високи функционери од владата и тоа **заменик-премиерот Артан Груби, министрите за правда Кренар Лога, за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски.**

На фејсбук-профилот на заменик-премиерот **Артан Груби** во ноември се забележани три објави со штетни наративи. На пример, во објава на Фејсбук, директен пренос од свечената академија по повод 111 години на Денот на знамето има обраќање на заменик-премиерот Артан Груби, а се користат симболи со кои се изразува етноцентризам и национализам, странско влијание, поттикнување на поделби на ние - доброто и тие - лошото, изразување на екстремен патриотизам, пристрасно селектирање и поткопување на довербата во други политички субјекти. Во обраќањето, ДУИ е прикажана како партија бранител на албанскиот национален идентитет, ориентирана кон ЕУ, за разлика од други политички субјекти кои не го почитуваат Охридскиот договор, не ја признаваат независноста на Косово, не ги признаваат албанското знаме и јазик и се против ЕУ и НАТО:

> *Ако ноември имаше етничка припадност ќе беше Албанец. А ние да ја завршиме нашата работа, а судбината на нацијата сме му ја оставиле на тој кому сме му ја дале довербата, Али Ахмети. Да живее албанската нација и знаме. Вечна да е Албанија. (28.11.2023,* фејсбук-објава, *директен пренос на настан)*

Дополнително, оваа објава е од партиски настан и е објавена на службениот фејсбук-профил на заменик-премиерот во Владата, која е составена од неколку коалициски партнери, со што се злоупотребува службен профил за партиска пропаганда.

Овој месец забележани се четири објави со штетни наративи на фејсбук-профилот на министерот за правда **Кренар Лога** од партијата Алијанса на Албанците. Во интервју, министерот настапувајќи како генерален секретар на Алијанса за Албанците изнесува критики кон работата на ВМРО-ДПМНЕ и изнесува непоткрепени наводи поучувајќи ги албанските партии да бидат внимателни затоа што *Мицкоски сака да го врати времето на Груевски,* дека тој е политичар што сака да им се одмаздува на Албанците преку идната политичка моќ да изврши вистинско соочување и иако Мицкоски тоа не го истакнувал јавно, тоа го правеле неговите партиски активисти на терен бидејќи веќе рекол *како е можно Албанците да имаат голем број на јавни функции во Македонија и ова е најголемата опасност за 2024.* Со ваквиот дискурс се изнесуваат непоткрепени наводи и се шири паника и несигурност кај јавноста за политичкото дејствување на одредени политички субјекти, преку поттикнување на поделби за ние - доброто и тие - лошото, етикетирајќи ги политичките опоненти дека служат на мали групи, на луѓе и нивните интереси, наместо за доброто на граѓаните. (7.11.2023, фејсбук-објава од интервју на министерот за правда Кренар Лога и функционер на Алијанса за Албанците)

Наратив во кој се користи етикетирање, исмевање, наводи за служење на странски ентитети, странско влијание, поткопување на довербата, ширење паника и несигурност, во однос на ВМРО-ДПМНЕ и Левица се користи  во објавата на министерката за култура, **Бисера Костадиновска-Стојчевска** која на службениот профил изнесува партиски став:

> *Вистинските вредности за кои се залага Мицкоски се исти како оние на неговиот потенцијален коалициски партнер, антиевропската Левица. Од партнер на демократскиот свет, на САД и ЕУ, сакаат да ја вратат државата во времето кога беше изолирана и заробена. Тоа ќе - донесе економска неизвесност, назадување и блокади. Граѓаните не сакаат антиевропски политичари. Граѓаните сакаат политичари кои работат за сигурна иднина, поголеми плати, подобар животен стандард, за младите својата иднина да ја градат во европска држава, дома, во својата татковина. (фејсбук-објава, 26.11.2023, Мицкоски призна и ја потврди... - Бисера Костадиновска Стојчевска | Facebook)*

И министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски во ноември го користел службениот фејсбук-профил за промоција на партиските политики од партиска активност во Струмица и за пресметка и напад на ВМРО-ДПМНЕ. Притоа, со служење со пристрасно селектирање, непоткрепени наводи и етикетирање се напаѓаат „ДПМНЕ" како најголема штета за македонското земјоделство: *Додека тие најплодните земјишта ги земаа од земјоделците и ги дадоа на некој си Субрата Рој, ние тие земјишта ги вративме назад кај земјоделците. Цели 6 години 5.000 ха плодна земја стоеше необработена, заробена од Субрата Рој.* Потоа со популистички дискурс се промовира СДСМ како спасител на граѓаните: *денес ова земјиште е назад кај вистинските земјоделци и се обработува. Секоја една педа обработлива површина ја ставаме во функција, за обработка на храна и се даваат информации за мерките кои ги презела СДСМ: Минатата година ставивме на располагање 14.000 ха земјоделско земјиште за обработка. Со новите измени во Законот за земјоделско земјиште, се изборивме и за прв пат креиравме јасни чекори со кои се заштитува земјоделското земјиште од 1 до 4 категорија од можни пренамени за изградба на енергетски објекти. Успеавме во нашата цел! Е ова се факти од кои нема бегање, ова е разликата меѓу нас и нив.* [фејсбук-објава, 11 ноември 2023 година (💯Нема нешто поубаво кога човек има мирна... - Ljupcho Nikolovski | Facebook)]

Кај **носителите на функции од партијата СДСМ кои се дел од Владата, се забележува трендот каде фејсбук-профилите кои ги имаат како носители на државни функции истовремено се користат и за објавување содржини и промоција на партиските активности** и партијата СДСМ, односно не се прави поделба помеѓу државните и партиските активности.

На службената фејсбук-страница на премиерот **Димитар Ковачевски**, има објави за врачување награди на најуспешните екипи на „турнир во баскет 'Филип Неделковски' во организација на младите социјалдемократи од ОО на СДСМ Аеродром" и честитка за „32 години од постоењето на Социјалдемократската младина на Македонија". Има и објава без наслов, со четири фотографии на премиерот и претседател на СДСМ Димитар Ковачевски и сопартијците, во локални партиски простории во Струмица: *Пријатна средба со претседателот на општинската организација на СДСМ Струмица, претседателот на СДММ, претседателката на Форумот на жени, претседавачот на Советот на Општина Струмица и градоначалникот од редовите на СДСМ. Социјалдемократите од Струмица многу добро знаат што значи победнички дух и како се испорачуваат победнички резултати кои граѓаните знаат да ги вреднуваат.* (24.11.2023 година, фејсбук-објава)

На официјалниот фејсбук-профил на вицепремиерот за европски прашања **Бојан Маричиќ** е споделена објава за партиски активности на СДСМ во Општина Кисела Вода: *Со другарите и другарките од ОО СДСМ Кисела Вода ја продолжуваме борбата државата да оди напред, да оди во ЕУ, каде гарантирани се повисоки плати и пензии, каде економијата на државата ќе расте. Граѓаните се разочарани од менаци-*

*рањето на општините од страна на ВМРО-ДПМНЕ кој знае само да блокира и да ја држи државата во неизвесност.* (5.11.2023 година, фејсбук-објава)

Кај министерката за животна средина и просторно планирање **Каја Шукова** има објава за едукативна трибина на СДСМ за женско и машко здравје. (20.11.2023, фејсбук-објава)

Слична објава има и на службениот профил на министерот за внатрешни работи **Оливер Спасовски** со објавени содржини од партиски активности, од трибина во Куманово за женско и машко здравје. (24.11. 2023 фејсбук-објава)

Кај министерката за одбрана **Славјанка Петровска** на службениот профил има објава за промоција на подмладокот на партијата СДСМ со роденденска честитка *Многу дни пребродивме ние, ама заедно... заедно и ќе продолжиме вие младите и ние искусните. Ве сакам мои млади социјалдемократи. Среќен роденден СДММ - еднаш СДММ цел живот СДММ.* (11.11.2023, фејсбук-објава)

Покрај министрите од редовите на СДСМ, во мониторираниот период забележана е праксата на профилот на министерот за надворешни работи **Бујар Османи** да се објавуваат и промотивни материјали за партиски активности. Објавено е видео од партиски настан на ДУИ во Чаир на англиски и на албански јазик, *DREJTËPËRDREJT - Promovimi i Sekretariateve të BDI-së - Dega Çair / LIVE - Promotion of BDI Secretariats - Çair Branch* (видео: 1 час 42 мин.), (13.11.2023 година, фејсбук-објава, видео и видео од партиски настан на ДУИ во Куманово).
(16.11.2023, фејсбук-објава)

Ваквиот тип објави во кои не се прави разлика меѓу активностите на лицата како носители на партиски и носители на јавни функции претставува кршење на принципите за професионална комуникација со јавноста. Носителите на јавни функции се должни во својот однос кон јавноста да споделуваат одлуки, политики и други информации од дејноста која ја вршат. Додека, пак, за промоција на партиските активности потребно е да постојат посебни канали за комуникација кои ќе бидат водени и одржувани, како и финансирани од ресурси на партијата, а пак каналите за комуникации кои ги имаат како државни функционери треба да бидат поддржани со ресурси од јавниот сектор во кој работат и од портпароли во јавните институции.

## 1.2. Комуникациски практики на политичките партии и нивните лидери во декември 2023

**Предмет на мониторинг:** Интернет-страници на политички партии и фејсбук-профили на политички актери




**Месец:** Декември, 2023 година. Денови за мониторинг се: 1, 2, 5, 6, 9, 10, 13, 14, 17, 18, 21, 22, 25, 26, 29, 30 декември (вкупно 16 денови).[8]

Во периодот од 1 до 31 декември, од мониторирањето на интернет- и на фејсбук-страници на 10 политички партии и нивните лидери, беа идентификувани вкупно **105 објави на интернет-страниците** на партиите и вкупно **71 фејсбук-објави** кои содржат штетен наратив.

Повеќе од половина, односно **58,1** проценти од идентификуваните штетни наративи на **интернет-страниците на партиите** овој месец **се од партијата ВМРО-ДПМНЕ, потоа 30,5 проценти од СДСМ и 11,4 проценти или 12 објави од Левица.**[9]

На **фејсбук-страниците, пак, не се идентификувани објави со штетни наративи кај ВМРО-ДПМНЕ, освен две објави кај лидерот Христијан Мицкоски, а најмногу штетни наративи се забележуваат кај Левица, кои заедно со објавите од лидерот Апасиев, имаат вкупно 31 објава (43,7 проценти од вкупниот број) со штетни наративи, додека кај СДСМ се забележани 16 објави (или 22,5 проценти од вкупниот број) со штетни наративи.** Понатаму, на Фејсбук се забележани 12 објави со штетни наративи кај Алтернатива и заедно со трите објави кај лидерот Африм Гаши претставуваат 21,1 процент од вкупниот број фејсбук-објави со штетни наративи, додека кај нивниот коалициски партнер Демократско движење забележани се четири објави со штетни наративи. Овој месец се забележуваат **штетни наративи и кај двајца министри од Владата**, и тоа два кај министерката за култура од СДСМ, **Бисера Костадиновска-Стојчевска** и министерот за економија од ДУИ, **Крешник Бектеши.**[10]

8 Динамиката за следење на содржините на политичките актери е „секој последователен трет и четврти ден во месецот“.

9 На интернет-страницата на ДУИ, Алијанса на Албанците, Алтернатива, Демократско движење, ЛДП, Нова социјалдемократска партија и Социјалистичка партија не се забележани штетни наративи.

10 На фејсбук-страницата на Арбен Таравари, Али Ахмети, Изет Меџити, Моника Зајкова, Горан Мисовски, Љупчо Димовски, Алијанса на Албанците, ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ, ЛДП, НСДП и Социјалистичка партија на Македонија во декември не се забележани штетни наративи.

Анализата подолу се однесува само на комуникациите на гореспоменатите политички актери во кои се идентификувани штетни наративи (индикатор/и за штетни наративи). Со цел да се избегне двојна анализа на квантитативните податоци, во случај кога политичките актери споделуваат исти објави и на интернет-и на фејсбук-страниците, во мониторингот е применета селекција на комуникацискиот канал, односно овие исти содржини се анализираат или од објавите на интернет- или на фејсбук-страниците. Со мониторингот не се анализираат коментарите од публиката споделени на обата комуникациски канала.

Табела 6. Приказ на објави со штетен наратив според политички актер (интернет и Фејсбук)




Овој месец **не се детектирани** објави со штетни наративи на мониторираните **интернет- и фејсбук-страници на партиите ДУИ, Алијанса на Албанците, ЛДП, Нова социјалдемократска партија и Социјалистичка партија, како и на нивните лидери.**

Во обидот да се пресмета која партија имала најштетна јавна комуникација и ако се земе предвид дека партиите се разликуваат во нивната големина и квантитетот на нивните јавни комуникации, направена е **споредба на бројот на објави со штетни наративи со вкупниот број објави на двата комуникациски канала на политичките субјекти** (Табела 7). Оттука може да се заклучи дека на интернет-страниците **најштетна била комуникацијата на Левица, на чија интернет-страница во 80 проценти од објавите се забележува штетен наратив, додека кај ВМРО-ДПМНЕ во 38,6 проценти, а кај СДСМ во 27,3 проценти од вкупниот број објави во месецот се забележува штетна комуникација.** Слично, и **од фејсбук-страниците** може да се забележи дека кај Левица во 50 проценти и кај лидерот Апасиев во 41 проценти од објавите се забележува штетен наратив, додека кај СДСМ, каде има најголем број објави (111), во само 14 проценти се забележува штетен наратив. Иако со значително помал вкупен број објави, на фејсбук-страницата на Алтернатива во 50 проценти од објавите се забележува штетен наратив, додека кај лидерот Африм Гаши во 30 проценти од објавите се забележува штетна комуникација.

Табела 7. Фреквенции на објави со и без штетен наратив




Денови со најмногу штетни наративи се **13 и 14 декември**, кога **најчести теми** во домашните медиуми биле од внатрешната политика за составот на идната техничка Влада и предлозите за претседателски кандидати, случајот со двојното убиство на 14-годишната Вања Ѓорчевска и на 74-годишниот Панче Жежовски, Самитот ЕУ – Западен Балкан и уставните измени како услов за продолжување на евроинтеграцискиот пат на земјата, обвинувања од ДУИ кон Општина Тетово за политички притисоци во образованието и апсењето државни службеници за рушење на заштитениот објект „Хотел Шар Ан" во скопската чаршија.

Според приказот на формата во која се „спакувани" објавите (Табела 8), може да се забележи дека партиите и на интернет- и на фејсбук-страниците, исто како и претходниот месец, најчесто споделувале штетни наративи преку соопштенија за јавност и прес-конференции. Интересно е да се забележи дека изјавите и говорите со штетни наративи се позастапени на фејсбук-страниците, додека реакциите се почесто застапени на интернет-страниците. Со само седум проценти застапеност на Фејсбук, интервјуата се најретко застапена форма на објавување штетни наративи.

Табела 8: Приказ на фреквенции на видовите објави на интернет и Фејсбук




Како и претходниот месец, главна тема за која се продуцирале штетни наративи е внатрешната политика и на интернет во 60 проценти од објавите и на Фејсбук во 73,2 проценти од објавите со штетен наратив. На интернет-страниците, сите објави со штетни наративи од СДСМ биле на тема внатрешна политика, но како честа тема месецов може да се забележи и економијата, особено кај ВМРО-ДПМНЕ, и надворешната политика, криминалот и корупцијата, особено кај Левица. Темите за кои најретко се продуцирале штетни наративи на интернет-страниците во декември се социјалната политика и образованието. На фејсбук-страниците, кај СДСМ повторно сите објави со штетни наративи се на тема внатрешна политика, како и двете објави со штетни наративи на профилот на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Мицкоски, а кај Левица и Алтернатива може да се забележи и корупцијата како честа тема за која се продуцирале штетни наративи.

Со многу сличен тренд од минатиот месец, **и во декември, на интернет- и на фејсбук- страниците најчесто се користеле непроверени наоди како основа за обвинување на политички противници и непотткрепени тврдења за корумпираност, непрофесионалност и злоупотреба на службената должност. Дополнително, на интернет-страниците во скоро половина од објавите се забележува и промовирање на сопствените идеологии како нешто што е во корист на народот, додека карактеристиките на политичките противници се промовираат како нешто што не ја одразува волјата на народот.** Во околу третина од објавите се забележува и етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица, намерно непренесување на целосната слика на „настанот", како и употреба на слики, видеа и аудиозаписи креирани со цел да ја доведат јавноста во заблуда дека нешто е реалност и вистина, ама не е. Со помала застапеност од 17,1 проценти во објавите на интернет се забележува и оцрнување на одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу ние – доброто и вие – лошото, а многу поретко се забележуваат и обвинувања за штетна вмешаност на странски ентитети во внатрешните политики на државата како и говор со којшто се навредува одредена група или се оправдува говор на омраза. На фејсбук-страниците, покрај истите индикатори за штетни наративи кои се следат од интернет, може да се забележи поголема застапеност на обвинувањата на странски ентитети за вмешаност во домашната политика, но ретко се застапени и обвинувања дека политичките противници се манипулирани од заднински моќни групи, а и зборови со кои се навредува, омаловажува, исмејува некоја личност врз основа на нејзината родова и/или полова припадност.

Табела 9: Приказ на застапеност на индикаторите за штетни наративи (интернет и Фејсбук)

Фреквенции

| | Индикатор | Интернет страници | Фејсбук страници |
|---|---|---|---|
| 1. | Тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења | 73 | 26 |
| 2. | Непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) се користат како основа за обвинување на политички противници | 79 | 59 |
| 3. | Злоупотреба на информации од приватен карактер или лични трагедии, попреченост, социјален статус, брачен статус на своите политички противници за остварување на сопствената цел | | |
| 4. | Етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица (медиумски работници, граѓански активисти, политички противници, носители на јавни функции...). | 32 | 13 |
| 5. | Говор со којшто се навредува одредена група или, пак, се оправдува говор на омраза кон одредена група, врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа | 1 | |
| 6. | Намерно непренесување на целосната слика за „настанот“, намерно изоставање информации што ја побиваат позицијата на тој што ги изнесува | 38 | 16 |
| 7. | Се тврди дека е вистина дека политички противници/јавни институции се манипулирани од заднински (тајни) моќни групи (на пример, масони итн.) и притоа не се изнесуваат никакви факти или докази или, пак, се користат извори што немаат никаков кредибилитет и авторитет во областа | | 1 |
| 8. | Употреба на реченици, формулации со коишто се обвинува странски ентитет (или ентитети) за мешање во внатрешните работи на државата, спротивно на интересите на државата, што, всушност, е нарушување на демократските процеси | 3 | 8 |
| 9. | Употреба на зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас/ние/нашето и вас/вие/вашето. Вообичаено, ние/нашето е добро, позитивно и пожелно, а вие/вашето е лошо, негативно и непожелно | 18 | 18 |
| 10. | Употреба на зборови и формулации со коишто се навредува, омаловажува, исмева некоја личност и/или група врз основа на нејзината родова и/или полова припадност | | 1 |
| 11. | Употреба на зборови со коишто се навредува, дискредитира, озлогласува некоја група луѓе (странци/туѓинци) со цел да се предизвика страв, одбивање и дистанцирање од нив, дури и предизвикување на одредено однесување кон таа група | | |
| 12. | Употреба на реченици, зборови, формулации со коишто се велича сопствената етничка припадност, а сите други се помалку важни, вредни, достојни | | |
| 13. | Слики, видеа и аудиозаписи што се креирани со цел да ја доведат јавноста во заблуда дека нешто е реалност и вистина, ама не е (и чија невистинитост може да се докаже) | 33 | 10 |
| 14. | Зборови/реченици со коишто експлицитно или имплицитно, директно или индиректно се промовираат сопствените идеологии/активности/однесувања како нешто што е во корист на народот/широките народни маси/обичниот „чесен човек“, човечноста, додека идеологиите/активностите/однесувањата, карактеристиките на политичките противници се промовираат како нешто што служи на одредена мала елитна група луѓе, која не ја одразува волјата на народот | 42 | 12 |

Во идентификуваните објави со штетни наративи и на двата комуникациски канала **кај СДСМ најчесто се забележуваат непроверени наоди (59,4 проценти од објавите)**, но во интернет-објавите може да се забележи и честа употреба на зборови со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу ние – доброто и вие – лошото, додека во фејсбук-објавите почесто се забележува етикетирање, исмевање и грубо непочитување на политичките противници. Во објавите со штетни наративи на **ВМРО-ДПМНЕ на интернет, преовладуваат непоткрепени тврдења за корумпираност, непрофесионалност и злоупотреба на службената должност (93,4 проценти од објавите)** и непроверени наоди (во 82 проценти од објавите), но во половина од вкупниот број идентификувани објави со штетен наратив може да се забележат и етикетирање, исмевање и грубо непочитување на политичките

противници, информации и зборови со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу ние – доброто и вие – лошото. Дополнително, во една објава се забележува говор на омраза и во една се забележува обвинување за штетно странско влијание. На фејсбук-профилот на лидерот **Христијан Мицкоски**, во двете идентификувани објави со штетни наративи се забележуваат непоткрепени обвинувања за корупција и непрофесионалност, непроверени наоди, информации, слики, видеа и аудиозаписи што се креирани со цел да ја доведат јавноста во заблуда, зборови со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу ние – доброто и вие – лошото и промовирање на сопствените идеологии како нешто што е во корист на народот, додека карактеристиките на политичките противници се промовираат како нешто што не ја одразува волјата на народот. Слично и **кај Левица во скоро сите идентификувани објави со штетен наратив на интернет (83,3 проценти) се забележуваат непроверени наоди**, а во повеќе од половина од објавите се забележуваат и непоткрепени тврдења за корумпираност, а поретко се забележува и етикетирање, изоставање информации и предизвикување поделби и раздори помеѓу ние - доброто и вие - лошото и обвинувања за присуство на негативни странски влијанија. Сличен е трендот и во фејсбук-објавите со штетен наратив на Левица, додека кај лидерот Апасиев се забележува и една објава со сексизам. Сличен тренд на идентификувани индикатори за штетни наративи се забележува и во фејсбук-објавите кај Алтернатива, лидерот Гаши и Демократското движење.

**Табела 10:** Приказ на застапеност на штетни наративи во објавите на политичките партии на интернет-страници




| | ВМРО ДПМНЕ | СДСМ | Левица |
|---|---|---|---|
| Говор на омраза | 1 | 0 | 0 |
| Ширење паника, страв и несигурност | 0 | 8 | 1 |
| Странско влијание | 1 | 0 | 2 |
| Теории на заговор | 1 | 0 | 0 |
| Напади на личност/демонизација | 26 | 2 | 4 |
| Пристрасно селектирање | 26 | 16 | 13 |
| Популизам | 29 | 3 | 1 |
| Поткопување доверба | 131 | 29 | 16 |
| Поттикнување поделби | 0 | 15 | 3 |

Со горенаведените индикатори, на интернет-страниците, сите три партии најчесто се обидувале да ја поткопаат довербата во институциите: ВМРО-ДПМНЕ во своите вкупно 61 објави, 131 пат се обидувале да ја поткопаат довербата во институциите, СДСМ 29 пати во вкупно 32 објави и Левица 16 пати во вкупно 12 објави. ВМРО-ДПМНЕ, со убедливо најголем број штетни наративи, покрај обидите за поткопување на довербата во институциите, развивале и штетни популистички наративи

(во 29 наврати), пристрасно селектирале информации кои може да ја доведат јавноста во заблуда и развивале наратив за демонизација на политички опоненти. Дополнително се забележуваат и по еден штетен наратив за негативно странско влијание, теории на заговор и говор на омраза. СДСМ исто често применувала пристрасна селекција на информации која може да ја доведе јавноста до погрешни заклучоци и поттикнувала општествени поделби, а поретко развивал и штетен наратив со ширење паника, страв и несигурност. Дополнително се забележуваат и три штетни наративи на популизам и два со напади и демонизација на личност. Кај Левица, со најмал број штетни наративи во споредба со другите две партии, често користеле пристрасна селекција на информации, а поретко креирале и штетни наративи за демонизација на личност, поттикнување поделби, странски влијанија и ширење страв, паника и несигурност.

**Табела 11:** Приказ на застапеност на штетни наративи во објавите на политичките партии на Фејсбук




| | Африм Гаши | Христијан Мицкоски | Димитар Апасиев | Алтернатива | Демократско движење | Левица | СДСМ | Крешник Бектеши | Бисера К. Стојчевска |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дезинформации | | | | 4 | 2 | | 2 | | |
| Поттикнување поделби | 1 | | 4 | | | 9 | 2 | | 1 |
| Поткопување доверба | 4 | 3 | 12 | 19 | 8 | 25 | 18 | | |
| Популизам | 2 | 1 | | 4 | 2 | 2 | 1 | | |
| Пристрасно селектирање | 5 | 2 | 10 | 22 | 10 | 21 | 17 | 1 | 2 |
| Напади на личност/демонизација | 1 | 1 | 4 | 4 | | 3 | 8 | | |
| Теории на заговор | | | | | | 1 | | | |
| Странско влијание | | | 3 | 1 | | 5 | | | |
| Ширење паника, страв и несигурност | 2 | 1 | 1 | 4 | 2 | 4 | | | |
| Сексизам | | | 1 | | | | | | |
| Манипулативна аудиовизуелна медиумска содржина | 1 | | 2 | 1 | | 4 | | | |
| Екстремен патриотизам, и/или национализам | 1 | | | 3 | | | | | |

Од мониторингот и анализата **на фејсбук-страниците се забележува истиот тренд на најчестите штетни наративи за поткопување на довербата во институциите (вкупно 89) и пристрасно селектирање информации кое води до погрешни заклучоци во јавноста (вкупно 90).** Важно да се спомене дека во декември на Фејсбук се идентификувани осум штетни наративи со дезинформации, четири на фејсбук-страницата на Алтернатива, две кај Демократското движење и две кај СДСМ. Кај Левица се забележуваат најмногу штетни наративи за поттикнување поделби, за штетни странски влијанија и користење манипулативна аудиовизуелна медиумска содржина во споредба со другите и само кај нив се забележуваат теории на заговор и сексизам. На фејсбук-страниците на Алтернатива и лидерот Африм Гаши се забележани штетни наративи на екстремен патриотизам и национализам. Популистичките наративи се забележуваат поретко кај сите политички субјекти, освен кај Димитар Апасиев, и ширењето страв, паника и несигурност е исто поретко присутно кај сите освен СДСМ. Од друга страна, пак, кај СДСМ може да се забележат најмногу напади на личност во споредба со останатите политички субјекти. Идентификуваните објави со штетни наративи кај министрите Бектеши и Костадиновска-Стојчевска се обиди за пристрасно селектирање информации со кои се доведува јавноста до погрешни заклучоци, додека кај Костадиновска-Стојчевска се забележува и обид за поттикнување општествени поделби.

## Социјалдемократски сојуз на Македонија - СДСМ

Комуникацијата кон јавноста на политичката партија СДСМ во месец декември продолжува со фокус на прашањата од внатрешната политика, а во тој контекст се става и членството во ЕУ. **Најчести теми се темата за евроинтеграциите, при што често се изразува критика кон ВМРО-ДПМНЕ и Левица како политички опции кои не ја поддржуваат европската интеграција на земјата, обвинувања кон ВМРО-ДПМНЕ во врска со убиствата на Вања Ѓорчевска и Панче Жежовски и за врски со криминал, критики кон локалната власт, односно градоначалници на ВМРО-ДПМНЕ.** Мониторингот покажал дека ден со најмногу штетни наративи е 10 декември, периодот кога се објавувани детали од истрагата за убиствата, како и решенијата за техничката влада која треба да се формира пред изборите, на почетокот на 2024 година. Во периодот по одржувањето на состанокот на Советот на ЕУ на 15 декември, кога немаше позитивна одлука за отворање на поглавјата од преговорите, следуваат повеќе објави во кои се критикуваат ВМРО-ДПМНЕ и Левица како анти-ЕУ политички опции. Штетните наративи кои се забележани во мониторингот најчесто се поврзани со поткопување на довербата во институциите, пристрасно селектирање, непоткрепени наоди и поттикнување поделба меѓу нас - доброто и тие - лошото. Претежно **фокусот на штетните наративи им се опозициските партии ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот лидер Христијан Мицкоски, како и партијата Левица.**

Честопати објавите кои се соопштенија на интернет-страницата на СДСМ се претходно дадени изјави од функционери или официјални лица од партијата, или кои се испраќаат до медиумите како соопштенија, се прикачуваат на интернет-страницата, а исто така се објавуваат и на фејсбук-страницата на партијата, односно се објавува истата содржина на повеќе комуникациски канали (cross-posting), со цел да се зајакне пораката во јавниот медиумски простор.  На пример, доколку премиерот и претседател на СДСМ даде изјава, од истата се испраќа соопштение, фото- и видеоматеријал до медиумите, се прикачува на интернет-страницата, а видеоисечок со воведен текст се објавува на фејсбук-страницата. Истата практика е и кога дава изјави портпаролката на СДСМ, некој од пратениците во Собранието во својство на СДСМ, некој висок функционер на партијата или пак станува збор за обраќања од партиски или владини активности.

Во **32-те објави** со штетни наративи на **интернет-страницата на СДСМ, во 19 (59,4 %) е забележано изнесување наоди кои не се проверени и не се поткрепени со тврдења, а често се користи пристрасна селекција.** Од 32 објави на интернет-страницата на СДСМ, во 19 примери се служеле со непроверени наоди или наоди што тешко можат да се проверат, а кои се користат како основа за меѓусебно обвинување на политички противници, во 15 се користеле зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу ние - доброто и вие - лошото. Во девет примери има тврдења за корумпираност, нетранспарентност, непрофесионалност, злоупотреба на службена должност без обид за поткрепа на тие тврдења, во два примера се користело етикетирање и грубо непочитување на политичките опоненти со користење негативни зборови и намерно непренесување на целосната слика, намерно изоставање информации што ја побиваат позицијата на тој што ги изнесува.

Во штетните наративи нотирани на фејсбук-страницата на СДСМ се забележува дека **најчест споменат актер е ВМРО-ДПМНЕ (во 14 од 16 објави), Христијан Мицкоски (во 4 од 16 објави) и во 3 Левица**. Во објавите на Фејсбук исто така е продолжена практиката ВМРО-ДПМНЕ да се именува како „ДПМНЕ" а нивниот лидер како „Мицкоски." Во објавите на интернет-страницата, од 32 објави со штетен наратив, во 23 негативно се зборува за ВМРО-ДПМНЕ, во 10 за Мицкоски, во 6 за локална власт на ВМРО-ДПМНЕ, во 7 за Левица. Додека, позитивно и неутрално зборувале за ЕУ (во 5 објави) и позитивно за граѓаните (во 3 објави со штетен наратив).

Кога се анализира односот кон актерите кон кои се упатени пораките, СДСМ најчесто зборува за ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски и Левица - со негативен тон, поретко за локалната власт на ВМРО-ДПМНЕ,

но и тогаш со негативен тон, а во ретките случаи во кои се зборува за ЕУ и за граѓаните - со неутрален и позитивен тон. Притоа, **себеси се претставуваат како „ориентирани кон ЕУ“, „спасител“, „бранител на народот“ и по еднаш како „бранител на идентитет“, „на правда“ и „на транспарентност“**. СДСМ честопати објавува соопштенија, поврзани со актуелни настани, реакции или пак од обраќања на претседателот на партијата и партиските функционери во кои себеси се претставува како европската опција која ја води државата и која треба да продолжи да ја води државата. **Политичките опоненти ги претставува како „антиевропски“, „антидемократски“, „анти-ЕУ“, како политичка опција која не е добра за државата, која е „блокатор на европските интеграции“**. Со таквите наративи со кои се проектира ние - доброто и вие - лошото, без да се дадат аргументи, факти, образложенија зошто СДСМ се европската опција, а нивните опоненти не се, се продуцира популистички наратив со кој се поттикнуваат поделби во општеството и се охрабрува дополнителна поларизација.

Во изјава на претседателот на СДСМ Димитар Ковачевски, коментирајќи изјава на висок американски претставник, тој ја прикажува својата партија како спасител на народот, ориентирана кон евроатлантските вредности, како спасители на македонскиот народ, изјавувајќи дека *Ако погледнете во годините наназад ние ветивме интеграција на државата во НАТО, испорачавме. Споредете го тоа со една кола што ја гледате. Тоа е кола која што ве вози во Вашингтон каде што се депонирани потписите за членството во НАТО. Тоа е кола која што обезбеди почнување на преговорите со ЕУ, ве води во Брисел... Тоа е кола која што го реализира Коридорот 8 и впрочем тоа е кола којашто вреди да се има. Додека пак политичките опоненти, ВМРО-ДПМНЕ се прикажани како од друга страна што имате, имате кола направена од стиропор којашто никој не би ја купил.* (Соопштение, 2.12.2023)

Ваквиот тип објави се посебно зачестени по **15 декември, односно по одржувањето на состанокот на Советот на ЕУ** по кој веќе беше извесно дека поради неможноста да се направат уставните измени согласно со европската преговарачка рамка на земјата, нема да се одржи политичка меѓувладина конференција и отворање поглавја од пристапните преговори за членство во ЕУ.

Таков пример е соопштението во кое во изјава на пратеникот Дарко Каевски во својство на портпарол на СДСМ се посочува дека *единствен кочничар на државата е анти-ЕУ и анти-НАТО коалиција на ДПМНЕ и Левица. Иако имаме успешен скрининг, иако имаме силна поддршка во Унијата и отворени врати, поради активната блокада на Мицкоски и Апасиев во македонското Собрание не започна процесот на отворање поглавја. Виновникот има име и презиме: Мицкоски и ДПМНЕ. Мицкоски ги понижи македонските граѓани и македонскиот народ. Откако пропаднаа и сите лаги со коишто го плашеа македонскиот народ, дека некој ќе ни го смени идентитетот, дека ќе сме се асимилирале и бугаризирале. Сега на граѓаните им е кристално јасно: со ДПМНЕ и Левица нема Европска Унија, нема иднина. ДПМНЕ ја загуби идеолошката матрица и почна да забегува заедно со Левица.*

Преку користење непоткрепени наводи, пристрасно селектирање, со популистички дискурс се етикетира политичкиот противник како анти-ЕУ опција која не работи за доброто на граѓаните, додека СДСМ се претставува како прогресивна опција која работи за доброто на граѓаните и е бранител на народот и на националните интереси. Па така, во изјавата се вели дека *СДСМ се профилира како партија којашто единствена го брани националниот интерес на македонскиот народ да биде дел од големото европско семејство, признаен и почитуван. Со СДСМ имаме заштитен македонски јазик и идентитет и извесно членство во ЕУ, подобар животен стандард, поголеми плати и пензии. Затоа на овие избори за кочничарите, за активните блокатори, за антиевропскиот блок на ДПМНЕ и Левица им следува голема казна и пораз. Активната блокада на европскиот пат паѓа за само неколку месеци и ќе биде поразена. Со глас за СДСМ и Европскиот фронт се обезбедува европска иднина, продолжуваме по европскиот пат и полноправно членство во ЕУ. СДСМ ќе ја формира новата проевропска Влада која ќе ја однесе земјата во Европската Унија и која ќе обезбеди европска иднина, европски стандард и европски вредности.*

(Соопштение, 17.12.2023)

Следниот ден се објавува соопштение кое е многу слично со горенаведената изјава, со цел да се зајакне дискурсот во јавноста. И во ова соопштение директно се посочува дека *блокадите на антиевропската коалиција на ДПМНЕ и Левица се единствената причина поради која државата не започна со процесот на отворање поглавја, и покрај успешно завршениот скрининг-процес, силната и недвосмислена поддршка и отворените врати на ЕУ. Деструктивните активни блокади на ДПМНЕ во македонското Собрание се на штета на државата и на сите граѓани.* Со овие наводи се посочува на одговорност на политичките партии кои не се согласија на уставните измени потребни за одржување на политичката меѓувладина конференција со ЕУ и отворање на поглавјата од преговорите со ЕУ. Во таа насока се наведува и дека *на изборите блокаторите на европскиот пат, ДПМНЕ и Левица ќе бидат казнети и поразени. Активната блокада е времена блокада.* Во ова соопштение преку користење непоткрепени наводи и пристрасно селектирање, со оглед на тоа дека имаше и други политички партии што, на пример, не ги поддржаа уставните измени, а противењето на ВМРО-ДПМНЕ и Левица не се единствената причина зошто немаше уставни измени, СДСМ се прикажува како спасителска, модерна и европска опција за граѓаните, се користи популистички дискурс во името на граѓаните, создавајќи поделба меѓу ние - доброто и тие - лошото за политичкиот опонент кој се етикетира како политички актер што не работи за доброто на граѓаните (Соопштение, 18.12.2023).

Со соопштение во кое се коментира настапот на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски во интервју, со негативен тон се зборува за него и партијата како анти-ЕУ: *Јасно како ден е дека со Мицкоски и ДПМНЕ нема членство во ЕУ ниту за 100 години. Мицкоски тоа јавно го потврди пред целата јавност, на телевизија, во интервју за 360 степени, велејќи „може да бидат и сто години“, а „можеби и никогаш да не биде“.* СДСМ се претставува како спасител, на страната на народот и со проевропска ориентација. Користејќи непоткрепени наводи и популистички дискурс се обвинува ВМРО-ДПМНЕ за кочење на европските интеграции, а во тој контекст се става и партијата Левица, индиректно алудирајќи на нивен можен заеднички настап: *Кочењето на европскиот пат е на директна штета на граѓаните, на повисок стандард, поголеми плати, поголеми пензии, подобра иднина за младите.* Ставовите се ставаат и во контекст на идните избори велејќи дека *блокадите на ДПМНЕ и Левица на евроинтеграцијата се закана за иднината на државата и мора да бидат поразени, а дека на изборите граѓаните ќе бираат помеѓу двата блока кои ќе се соочат проевропскиот предводен од СДСМ и антиевропскиот предводен од ДПМНЕ и Левица. Глас за проевропската коалиција предводена од СДСМ на претседателските и на парламентарните избори е глас за членство во ЕУ, напредок и сигурна иднина* (Соопштение, 21.12.2023).

Претседателот на СДСМ и премиер Димитар Ковачевски на партиска трибина „Повеќе за сите“ во Неготино изјавува дека *со ДПМНЕ има помалку за граѓаните а има помалку и за државата. Најлошо е тоа што со ДПМНЕ нема иднина. Оваа партија ја загуби својата идеолошка ориентација и од прозападна стана антизападна партија, против НАТО и ЕУ. Јавно на телевизија, Мицкоски самиот потврди дека со ДПМНЕ нема ЕУ ниту за 100 години. ДПМНЕ е единствената партија којашто во Извештај на Европската комисија со име и презиме е наведена како кочничар на европскиот пат и реформите. Ние многу добро знаеме што значи ДПМНЕ, 11 години бевме заглавени, далеку од членството во НАТО, далеку од ЕУ. Загубивме 11 години, а младите се иселуваа и работеа по европските земји по ресторани. Имаме обврска пред сегашните, а уште повеќе кон идните генерации и тоа не смееме да го дозволиме повторно* (Соопштение, 22.12.2023). Преку користење навреди за политичките опоненти, исмевање и изнесување критика дека тие не работат за стратегискиот курс на државата, со пристрасно селектирани факти, се создава популистички дискурс со кој се поттикнува етикетирање на ние - доброто и вие - лошото меѓу политичките актери.

Поттикнување поделби на ние - доброто и тие - лошото се забележува и во објави на СДСМ кои се поврзани со убиството на Вања Ѓорчевска и Панче Жежовски и првоосомничениот Љупчо Палевски, кој, според владејачката партија, е познат од бизнис- и политичкиот живот во Македонија кој се поврзува со ВМРО-ДПМНЕ. *Палевски, кој е осомничен за двојното убиство што ја потресе целата македонска јавност, беше близок соработник на режимот на ДПМНЕ и јавно го поддржуваше Мицкоски, но и нивниот*

*коалициски партнер Левица. Со радикални ставови, Палевски беше алатка на ДПМНЕ во црна кампања против СДСМ, но и против сѐ што означува демократија во Македонија и за подгревање етнички тензии. Неговата маргинална политичка партија со радикална и проруска ориентација е производ и алатка на политиките на прекутна агресија од страна на ДПМНЕ во изминативе две децении. Како дел од 'Бојкотирам' заедно со ДПМНЕ и Левица беа против членството во НАТО. Беа и дел од насилните протести против францускиот предлог и поставуваа гилотина пред Собранието* (Соопштение, 6.12.2023). Дополнително има објави во кои се зајакнува пораката за наводната блискост на Палевски и ВМРО-ДПМНЕ, при што се изнесуваат непоткрепени наводи, пристрасно селектирање и груби навреди кон политичкиот противник, создавајќи дискурс на ние - доброто и вие - лошото: *Радикалните ставови на Палевски беа алатка на ДПМНЕ, треба да се истражат односите со Мицкоски. Изјавите на Христијан Мицкоски и настапите на неговата ДПМНЕ добиваат опасна димензија. Нивната изопачена потреба да го злоупотребуваат случајот со смртта на Вања ја покажува нивната нечовечност. Трет ден нема одговор на прашањето за средбата на Мицкоски со Палески. Што се разговарало на таа средба? Што се договарало? Зошто се молчи? Мицкоски треба да излезе пред граѓаните и да одговори. Обидите за манипулација, поткопување на истрагата и ширење паника кај граѓаните отвораат сериозни сомнежи за целите на ДПМНЕ и Мицкоски* (9.12.2023, фејсбук-објава, видео и текст, пратеничка на СДСМ во својство на портпарол). Во иста насока е и изјавата на пратеникот на СДСМ Мартин Костовски, во својство на портпарол на СДСМ, во која се изнесуваат критики на сметка на ВМРО-ДПМНЕ и Левица во врска со актуелен настан - убиствата на Вања Ѓорчевска и Панче Жежовски, при што се користи груба навреда кон политичките противници, пристрасно селектирање и непроверени наоди со цел да се омаловажат и да се поткопа довербата во нив како кредибилни политички актери: *Додека цела Македонија жали, а институциите целосно го расветлија случајот, ДПМНЕ и Левица сакаа да профитираат врз трагедијата и човечките жртви. За жал ова не е прв пат. Очигледно ДПМНЕ и Левица имаат изопачени некрофилски разбирања за политиката, прашањето е дали има грам човечност во ДПМНЕ и Левица?* (Соопштение, 6.12.2023). Ваквиот дискурс од манипулативна природа придонесува за поттикнување поделби во општеството меѓу ние - доброто и тие - лошото, при што политичкиот противник се оцрнува, грубо се навредува и етикетира како политички актер кој е во блиски релации со лица кои извршуваат тешки кривични дела, како и идеолошки дека се поврзува со лица кои се против европската интеграција на земјата, односно стратегиските цели.

Во таа насока треба да се спомене дека личните трагедии и сензитивните теми кои будат силен интерес кај јавноста, не треба да се злоупотребуваат во политички цели, а политичките актери е потребно одговорно да комуницираат со јавноста. Дополнително, преку изнесувањето непоткрепени наводи и пристрасно селектирање се поткопува довербата во политичкиот опонент и се поттикнува понатамошна поделба меѓу граѓаните, а притоа се користи популистички дискурс за да се покаже сопствената партија како бранител на народот и на правдата.

Поттикнувањето на поделби, популизам и пристрасно селектирање се забележува и во објави на СДСМ кои се насочени кон други политички партии од опозицијата, но се доведени во корелација со нивниот главен политички опонент ВМРО-ДПМНЕ. Во соопштение за јавност, градоначалникот на Тетово Билал Касами е критикуван дека соработува со ВМРО-ДПМНЕ и дека оваа соработка на општинско ниво не е во интерес на општината, туку за партиски интереси. Притоа се наведува дека *доказ за тесната соработка и меѓусебна согласност на сите одлуки во Тетово меѓу градоначалникот Касами со ДПМНЕ, се речиси половина од директорските и раководните позиции во Општина Тетово, коишто ги извршуваат кадрите на Христијан Мицкоски, меѓу кои и секретарот на општината, втора по важност општинска функција. Нивната цел е поттикнување на национализам и верски поделби меѓу граѓаните. Тоа се деструктивните политики на ДПМНЕ, кои го делат народот и ја влечат државата назад. Зад сите штетни одлуки на Касами во Тетово стои ДПМНЕ* (Соопштение, 26.12.2023). Со контрадикторниот текст, во кој прво се обвинуваат ВМРО-ДПМНЕ и Беса за соработка, а потоа и за поттикнување национализам и верски поделби меѓу граѓаните, се изнесуваат непоткрепени наводи без соодветни докази, пристрасно селектирање и етикетирање на ние - доброто и вие - лошото, со што се изнесуваат манипулативни информации, се шири популистички дискурс и се поттикнува поделбата во општеството.

## ВМРО-ДПМНЕ

Во месец декември, **на интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ се забележани 61 објава со штетни наративи**[11], најмногу во форма на партиски соопштенија, потоа прес-конференции и најмалку реакции. Денови со најмногу (односно по пет) објави со штетни наративи се 2, 9, 14 и 17 декември.

Овој месец, **ВМРО-ДПМНЕ е повторно главен актер и извор на изнесените информации, а најчесто негативно зборува за Владата, именувајќи ја како „власта на СДС и ДУИ" и премиерот Димитар Ковачевски нарекуван „Таче" и „дезертер"**, но често се критикуваат и министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, СДСМ именуван како **„СДС"**, а поретко негативно се споменуваат и Стевче Јакимовски, ДУИ, спикерот на Собранието Талат Џафери нарекуван **„Деспотот од Форино"** и **„дезертер"**, Министерството за внатрешни работи, претседателот Стево Пендаровски и судството. Со неутрален тон често се споменуваат граѓаните/народот и поретко ЕУ.

Во идентификуваните објави со штетни наративи **на интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ, во 67,1 проценти нема некоја посебна намера да се прикажат во некое одредено светло, но, како и претходниот месец, кога сакаат да се прикажат на некој начин, тогаш тоа е како спасители и бранители на народот и поретко како бранители на правдата.** Исто така се забележува дека најчесто од другите партии се обидувале да се претставаат како транспарентна партија.[12]

Најчестата тема во објавите со штетни наративи е внатрешната политика, конкретно за номинацијата на Талат Џафери за премиер на идната техничка влада како прес-конференцијата на Стоилковски: *СДС откако го инсталираше дезертерот Ковачевски, сега го инсталира дезертерот Џафери за премиер, само затоа што Мала Речица така им рекла* (прес-конференција, 9.12.2023) или *СДС и за премиерската фотелја се пазари, слугата Ковачевски ќе стане за да седне стопанот од ДУИ, Талат* (соопштение, 10.12.2023), обвинувања кон СДСМ за предизборни партиски вработувања, како на пример прес-конференцијата на портпаролката Марија Митева: *Над 1000 вработувања на 4 месеци пред избори, Ковачевски да не се надева дека ова ќе го намали нивниот пораз* (прес-конференција, 26.12.2023) или *Никогаш не било полошо - Ковачевски во паника масовно го полни јавниот сектор со партиски послушници за да ги мотивира и да го ублажи поразот* (соопштение, 29.12.2023) и *реакции во одбрана на лидерот Мицкоски од политички напади.* (реакција, 13.12.2023).

На пример, во една од објавите каде се говори за номинацијата на Талат Џафери за премиер, насловена *Со Талат премиер се случува целосна дуизација на Македонија овозможена од СДС и Ковачевски* (соопштение, 9.12.2023), ВМРО-ДПМНЕ користи непроверени и непоткрепени наоди за корупција и злоупотреба на службената должност: *СДС и Димитар Ковачевски целосно ја уништија Македонија... Уште еднаш на дело се покажа и докажа дека ДУИ е власт, а СДС подизведувач. Како Ахмети им свири, така Ковачевски и СДС играат, етикетирање и демонизација на Талат Џафери: Џафери или командант Форина во 2001 година дезертирал од македонската армија и преминува во УЧК... . А јавноста е сведок и на низа прекршувања на собраниски процедури од страна на Џафери, како употреба на европското знаменце на закони кои немаа врска со европската регулатива, само имаа врска со криминалите на ДУИ..., намерно*

11 Овој месец не се забележани објави со штетни наративи на фејсбук-страницата на ВМРО-ДПМНЕ. Со цел да се избегне двојна анализа на квантитативните податоци, во случај кога политичките актери споделуваат исти објави и на интернет- и на фејсбук-страниците, во мониторингот е применета селекција на комуникацискиот канал, односно во овој случај за ВМРО-ДПМНЕ не се анализирани двојните содржини пренесени од интернет на Фејсбук.

12 И на фејсбук-профилот на лидерот Мицкоски не се забележува каква било намера за себепретставување во двете идентификувани објави со штетни наративи.

*непренесување на целосната слика на настанот – СДС и Ковачевски не го прифаќаа предлогот на ВМРО-ДПМНЕ за укинување на техничката влада, за да може Џафери да биде премиер..., и остри обвинувања за криминал и корупција кон СДСМ и ДУИ – Со назначувањето на Талат Џафери за технички премиер, на Македонија и се случува целосна дуизација... Ковачевски само за да опстои уште некој месец, спремен е сè да им отстапи на ДУИ и Ахмети и тоа на штета на македонскиот народ... Криминалците од ДУИ целосно го преземаа управувањето со државата, затоа и во Македонија цвета криминалот и корупцијата....* Заедно со овие штетни обиди за поткопување на довербата во институциите на државата (конкретно Владата и Парламентот), напад на личноста на премиерот и претседателот на Собранието, соопштението завршува со популистички предизборен наратив – *На Македонија - се случува дуизација, а Ковачевски е директно одговорен за тоа... Затоа на следните избори СДС и Ковачевски мора да бидат поразени. За Македонија да оди напред, СДС и Ковачевски мора да заминат!*

Исто така, **овој месец се забележуваат повеќе напади кон министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски**, главно за случајот со двојното убиство на Ѓорчевска и Жежовски – *Спасовски е 8 години министер, тоа што не функционира системот е негова вина, Вања можела да биде спасена* (реакција, 17.12.2023), но има обвинувања со негативни етикети кон министерот и за неефикасност во справување со криминалот – *До толку е забеган што не сфаќа дека согласувањето е и признание за сопственото промашување и невршење на својата обврска за што мора да сноси одговорност... За овие случаи, народот вели ем шуто ем боде.* (соопштение, 17.12.2023) и за проблемите со промена на личните документи на граѓаните (соопштение, 22.12.2023), *Спасовски успеа да ја девалвира службата и да го наруши угледот, ефикасноста и ефективноста која МВР секогаш ја имало... Со Спасовски во МВР, народот не може да се надева ниту на основните услуги кои треба да ги добива од ова Министерство. Никогаш не било полошо. Важно е да ги поразиме!*, а со овие негативни етикети, тврдења за непрофесионалност и корумпираност и популистичките пораки со кои се претставуваат како бранители на народот и победници на идните избори, додека ги презентираат институциите предводени од функционери од СДСМ како комплетно уништени, се развиваат најчестите штетни наративи на ВМРО-ДПМНЕ за месецов, односно обиди за поткопување на довербата во институциите и пристрасно селектирање на информации кои може да ја доведат јавноста во заблуда.

Дополнително овој месец, честа тема е и економијата, со фокус на критика кон Владата за антикризните мерки, како на пример *По секој пакет мерки на власта на СДС и ДУИ народот е посиромашен, економијата подевастирана, а државата е поздолжена – и овој пакет е за евтин предизборен поткуп* (реакција, 13.12.2023), поскапувањето на струјата – *Внимание, Владата честиташе Нова година, нема радиодифузна, но има поскапа струја за 400 денари на секоја сметка* (прес-конференција на Митева, 29.12.2023), критика за високите плати на функционерите – *Ковачевски зема 50 евра повеќе плата секој работен ден, а народот го залажува со 1.000 денари за цел месец* (соопштение, 1.12.2023), како и за буџетот на државата за 2024 година, на пример прес-конференција на пратеникот Бојан Стојаноски насловена *Буџетот за 2024 е досега историски највисок, нереален, предизборен и составен така за да може да се искраде* (прес-конференција, 2.12.2023), каде најчесто се користат непроверени наоди и непоткрепени наоди за корупција, непрофесионалност и неотчетност, популистички реторики и напади (етикетирање) на личности за криминал и „неспособноста" на „СДС и ДУИ" за владеење со државните институции, со што се развива сериозно штетен наратив за поткопување на довербата во институциите.

Овој месец, поретко се застапени темите правосудство, криминал, надворешна политика, корупција, образование и здравство. Особено на тема надворешна политика, односно интеграцијата на земјата во ЕУ и моменталната блокада за предвидените уставни измени, наративот на ВМРО-ДПМНЕ е дека „корупцијата и криминалот" на „СДС и ДУИ" и нивната неспособност во водењето на надворешната политика се виновни за „неуспехот" на евроинтеграцискиот процес на државата, очигледен во прес-конференциите на портпаролката Митева *Европските пријатели со кои се фалеше Ковачевски се невидливи, поради криминалот и корупцијата во врвот на власта Македонија не ги започна преговорите* (17.12.2023) и *Криминалот на Ковачевски и Ахмети е причина за блокадата на Македонија во ЕУ* (18.12.2023), реакцијата

*Шамивче за лажните солзи на Ковачевски, неуспехот на Македонија последица на криминалот и неспособноста* и соопштението *Зошто СДС не лобираше кај Шолц од нивната сестринска партија, да го извади бугарскиот премиер од состанокот додека се гласа за Македонија да почне преговори?* (18.12.2023).

**На фејсбук-профилот на лидерот Христијан Мицкоски се забележани две објави со штетен наратив, кој е најчесто обвинувачки, со етикети кон СДСМ за неспособност, криминал и лошо владеење.** Во објава од 6 декември на монтирано видео, насловено *Спасовски призна дека знаеле сè за Палчо. Зошто ништо не презеле?* направена е анализа на снимка од прес-конференцијата на министерот за внатрешни работи Спасовски во врска со случајот на двојното убиство на Вања Ѓорчевска и Панче Жежовски, со коментари во кајрон. Коментарите се најчесто броење моменти кога министерот вели дека веќе одговорил на некое прашање или кога некој му суфлира од страна, и се поставуваат манипулативни прашања како *Како може министер за внатрешни работи во најголемата истрага да не знае клучни детали?* Оваа објава е всушност аудиовизуелен запис креиран со цел да ја доведе јавноста во заблуда, бидејќи изобилува со непоткрепени тврдења за непрофесионалност и неотчетност на министерот Спасовски, со што се развива штетен наратив за демонизација на министерот и се заклучува *Македонија полош министер не памети! Оставка веднаш!*, а со тоа се поткопува јавната доверба во Министерството за внатрешни работи и се врши пристрасно селектирање на информации кои може да ја доведат јавноста до погрешни заклучоци. Втората идентификувана објава со штетен наратив на фејсбук-профилот на Мицкоски, од 13 декември е реакција за наводна „црна" кампања на СДСМ против него, а содржи текст и фотографија од судска пресуда за клевета од медиумот Бриф.мк, усвоена во негова полза. Текстот од објавата започнува со намерно изоставање информации за одредено случување – *Гледам дека СДСМ овие денови води кампања со прикажување фотографии со луѓе кои ниту се мои соработници ниту, пак, освен сликањето имам каква било близина, а понатака може да се забележат непроверени наоди – Тоа е нивниот избор за дефокус од големите теми и водењето перманентна црна кампања против мене која им се удира од глава секој ден* и непоткрепени тврдења за неотчетноста и непрофесионалноста на СДСМ, *Осудени се последователно неколку пати и тоа од ова нивно судство за ширење на лажни вести, клеветење и невистини,* со кои се развива штетен наратив на пристрасно селектирање информации и поткопување на довербата во институциите предводени од СДСМ. Дополнително, може да се забележи и популистички наратив со промоција на својата партија и оцрнување на СДСМ - *Колку тие се позлобни во лагите толку јас сум помотивиран да ги поразиме, смениме и да ја изградиме Македонија. Важно е да создадеме квалитетно општество базирано на принципи, вредности и морал. Важно е да има одговорност и да донесеме иднина.*

## Демократска унија за интеграција – ДУИ (Bashkimi Demokratik Për Integrim – BDI)

Во мониторираниот период се забележани **многу мал број штетни наративи од страна на партиски функционери на ДУИ.** Поголемиот дел се однесуваат на злоупотреба на службени фејсбук-профили на владини функционери за испраќање партиски пораки или промоција на партиски настани. Во објавите на оваа политичка партија се забележува дека поретко се појавуваат соопштенија како партиски ставови, а почесто комуникацијата кон јавноста ја вршат високи функционери на партијата со изјави како министерот за надворешни работи Бујар Османи кој е и портпарол на партијата, заменик-премиерот Артан Груби кој често е присутен во јавноста, а поретко и преку интервјуа претседателот на Собранието Талат Џафери и претседателот на ДУИ Али Ахмети. **ДУИ ретко објавува коментари на тековни дневни актуелни теми, нема многу голем сообраќај на социјалните медиуми како политичка партија.**

На фејсбук-страницата на министерот за економија **Крешник Бектеши** е објавено видео од партиски активности на ДУИ во кое тој се обраќа како функционер на ДУИ со упатување пораки кон опозицискиот блок на Албанците за кои вели дека имаат само амбиции и желби да се биде дел од Владата, како замена на ВМРО-ДПМНЕ. *Единственото барање објавено денеска е токму ова, Демократско движење, Беса и Алтернатива во техничката влада да ја заменат ВМРО-ДПМНЕ. Зошто да го заменат ВМРО-ДПМНЕ? Заради лични интереси, лични амбиции, лични желби или договори што ги направиле претходно, да ги поделат Албанците, и тоа не можат да го скријат за кратко време.*
(фејсбук-објава, 14.12.2023).

## Левица

Во декември, **на интернет-страницата на партијата Левица идентификувани се 12 објави со штетен наратив, најмногу на 14.12.2023 (вкупно 4 објави), додека на фејсбук-страницата на партијата се идентификувани 21 објава, а на фејсбук-страницата на лидерот Димитар Апасиев 11 објави со штетни наративи.** На трите комуникациски канали објавите се најчесто во форма на соопштенија со фотографија, но поретко се користени и формите на говори, реакции, изјави, прес-конференции и интервјуа. Најзастапена тема во објавите со штетни наративи на интернет-страницата на партијата е внатрешната политика[13], а поретко се зборува за надворешната политика, криминалот и корупцијата. На фејсбук-страниците на Левица[14] и на Апасиев[15] најчеста тема е исто внатрешната политика, а поретко се забележуваат темите: криминал и корупција, економија, социјална политика и здравство.

Во објавите со штетен наратив на интернет-страницата на Левица повторно се забележува најголем диверзитет на навредливи именувања. **Најчесто се зборува за СДСМ која се именува како „СДС“ и се нарекува „петоколонашката СДС“ и за Владата која ја нарекуваат „хибриден режим на СДС и ДУИ“. Дополнително, Струмица ја опишуваат како „последно упориште на заевизмот“. ВМРО-ДПМНЕ го именуваат како „ДПМНЕ“, лидерот на партијата како „Мицкоски, министер на опозиција“, а градоначалникот на Тетово Билал Касами е нарекуван „фашист“, „сецесионист“ и „иредентист“.**

На **фејсбук-страницата на Левица најчесто негативно се зборува за власта, односно Владата и СДСМ, а поретко и за ДУИ,** премиерот Димитар Ковачевски, претходниот премиер и лидер на СДСМ Зоран Заев, лидерот на Алтернатива Африм Гаши и Државната изборна комисија (ДИК). Во идентифи-

13 Конкретно од внатрешна политика темите се: порака на Билал Касами по повод Денот на албанското знаме, средба на Левица со европратеници и нивен коментар за барањата за уставни промени, критика од европратеникот Мик Волас на ЕУ и НАТО, изградба на зграда од 34 ката во Карпош, отворање албанска паралелка во Чашка, општа критика на актуелната власт, кривична пријава од Левица против Талат Џафери, неказнување на семејно насилство, демант на соопштението на ВМРО-ДПМНЕ дека Левица направила кворум во Собрание во корист на Владата, физички напад врз активист на Левица од директор на затворот во Штип, критика за изборот на Медарска за член на ДКСК и обвинувања дека е блиска до Заев, пратеничко прашање на Крмов за нападнатиот член на Левица во Штип.

14 Конкретно темите од внатрешна политика се: Зависност на Македонија од странски фактори при водењето на внатрешната политика, филибастеринг на Левица за Деловникот на Собранието, дива депонија во Бунарџик, општествени реперкусии по убиството на Вања Ѓорчевска/политичко толерирање на криминалци, однос на капитализмот кон народот, рудник Иловица, изградба на 34-катници во Карпош, критика на Преспанскиот договор/употреба на кованицата „северномакедонски“, критика за повратот на персонален данок, критика на Владата за ниските цени за откуп на тутунот, урбанистичка мафија во Гевгелија, укинување на функционерските апанажи, обвинувања на Владата дека поддржува загадувачи наместо да се грижи за чистиот воздух, неизграден студентски град кој го ветила власта, работата на ДИК пред претстојните избори, закани од Билал Касами за уривање на крстот на Шара, критика дека партијата на косовскиот премиер ќе учествува на изборите во Македонија, критики за нереализирана програма за економски развој на Свети Николе, одзив на претстојните парламентарни избори, критика за неисплатените пензии за декември пред Нова година, Владината одлука - во недела 31 декември да работат трговските објекти.

15 Конкретно темите од внатрешна политика се копањето на локалитетот „Црн камен“ за автопатот што го гради Бехтел и Енка, говорот на гостин на пленумот на Левица против НАТО, критика на предновогодишно носење закони во Собранието од областа на урбанизмот, посетата на Левица на Струмица, критиката на раководството на Општина Долнени, критиката на односот на властите кон американската амбасадорка, обвинувањето кон СДСМ дека ја уништува Итната медицинска помош, загадениот воздух во Скопје, отворањето албанска паралелка во Чашка, заложбите на власта за ЕУ наспроти нивното неевропско однесување, критиката на ВМРО-ДПМНЕ за шурување со власта.

куваните штетни наративи **на фејсбук-профилот на лидерот Апасиев најистакнат политички субјект за кој негативно се зборува е ДУИ, но и Владата именувана како „власта“, СДСМ именувани како „СДС“ и ВМРО-ДПМНЕ именувани како „ДПМНЕ“**. Овој месец Апасиев ја нарекува **власта „ненародна“**, а ги споменува и Стевчо Јакимовски и амбасадорката на САД, **Анџела Агелер**, именувајќи ја како **„губернаторка“**, а **премиерот** го именува како **„Таче“** и **лидерот на ВМРО-ДПМНЕ** како **„Мицко“**.

Слично како и претходниот месец, на интернет- и на фејсбук-страниците на Левица и на лидерот Апасиев најчесто не се забележува посебна намера за себепретставување, но поретко се забележани обиди да се претстават како спасители и бранители на идентитетот и на народот.

Димитар Апасиев најчесто објавува кратки пораки и/или аудиовизуелни содржини, но и пренесува објави од партискиот фејсбук-профил и блиски соработници. Повторно е очигледен трендот на **користење хаштагови каде е најистакнато навредливото етикетирање, како и антизападниот наратив.** На пример, во објава каде е идентификуван сексизам (во хаштаговите) и напад на личности и антизападен сентимент, објавена е фотографија на која се поздравуваат (прегрнуваат) министерката за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска и амбасадорката на САД Анџела Агелер, со порака *Во канџите на Губернаторката (колоризирано)*, со два хаштага – „#ВазаленМенталитет“ и „#ГоспожаМинистерка“ (фејсбук-објава на Апасиев, 18.12.2023).

Дополнително, Апасиев продолжува со наративот дека ВМРО-ДПМНЕ е всушност во коалиција со СДСМ и ДУИ и дека единствената опозиција во државата е Левица, на пример, во една реакција:

*УРБАНИСТИЧКАТА МАФИЈА го сардиса Собранието!*

*Во последните денови од мандатот, пред Нова година, стигнуваат секакви закони од сектор урбанизам - за дивоградби, приватизации на државни земјишта, пролонгирање на рокови за поднесување барања и сл.*
*Ова е плод на #ШирокатаКоалиција (СДС + ДУИ + ДПМНЕ), која веќе наголемо си функционира во парламентот - при носењето на Буџетот, извесното гласање на заедничката Пржинска влада, а и преку претседателствувањето со Комисијата надлежна за шверц на овие закони.*
*ОТПОРОТ ќе го даде - кој ако не ние!*
*p.s. Памет у глава за следни избори, немој после „јеби га“* 😘
*#ЛевицаОдПарламент*
*#ДвајцаПротивСите*“ (фејсбук-објава, Апасиев, 14.12.2023)

Во објавата се користи со непроверени наоди и изоставање информации за законите од сектор урбанизам во Парламентот и непоткрепени тврдења за корупција и криминал на „#ШирокатаКоалиција“ со кои се прави пристрасно селектирање на информации и поткопување на довербата во институциите, но очигледна е и употреба на оцрнувачки зборови со кои се предизвикуваат поделби и раздори помеѓу доброто – „отпорот“ на Левица и лошото – „СДС + ДУИ + ДПМНЕ“ или „УРБАНИСТИЧКАТА МАФИЈА“. Поттикнувањето поделби преку оцрнување на групи во општеството е забележано и во кратка објава на Апасиев за отворање на канцеларија на Левица во Струмица во која се вели *Влеговме и во дувлото на ЗАЕВИЗМОТ.* 🤘 (фејсбук-објава, Апасиев, 14.12.2023).

И овој месец во јавната штетна комуникација на Левица и лидерот Апасиев се забележува низок степен на меѓуетничка толеранција, особено по повод отворањето на албанска паралелка во Чашка[16], но и за рушење на крстот на Попова Шапка и по повод Денот на албанското знаме.

16 https://levica.mk/pres-centar/soopshtenija-reakcii/protesti-protiv-nasilieto-na-ministerot-shakjiri-vo-naselba-chashka/

На пример, во соопштение на интернет-страницата на Левица насловено *Касами повика на рушење на уставниот поредок – ОЈО итно да постапи* (1.12.2023) со манипулативна визуелна содржина, односно фотографија од Касами и монтирано знаме на голема Албанија во задднината, се забележуваат непроверени наоди како *Оваа изјава претставува своевидна кулминација на долгата низа крајно националистички, етнотрибалистички и максимално сецесионистички ставови и дела на т.н. албански политички партии во Македонија по повод Денот на албанското знаме и демонизација на Касами со која се поттикнува говор на омраза – Касами повика на рушење на уставниот поредок. Првиот човек на Движењето Беса и актуелен коалиционен партнер на ДПМНЕ во Советот на Тетово, сецесионистот Билал Касами, честитајќи го Денот на знамето на Албанија, упати јасна ИРЕДЕНТИСТИЧКА ПОРАКА... иредентисти како Касами отворено го подриваат уставниот поредок и суверенитетот на Македонија. Исто така, може да се забележи и ширењето страв и паника и поттикнувањето поделби – Јавно ги повикуваме 'патриотите' од ДПМНЕ и „европјаните" од СДС да ја осудат оваа изјава на Билал Касами и да објаснат на македонските граѓани – како со вакви сецесионистички албански политички партии, кои отворено ги искажуваат своите ставови за ОТЦЕПУВАЊЕ од Македонија и креирање на Голема Албанија, можат да коалицираат и да „планираат европска иднина"?!*

Слично, во соопштение на фејсбук-страницата на Левица насловено *ФАШИСТОТ КАСАМИ ЌЕ УРИВА КРСТ НА ПРИВАТЕН МАНАСТИРСКИ ИМОТ - АЛБАНСКАТА ЕКСТРЕМНА ДЕСНИЦА ВОДИ ВО КРИЗА* (25.12.2023) се забележува грубо етикетирање и непроверени наоди и наводи за корумпираност на Касами со што се поткопува довербата во Општина Тетово, но и тврдења за негативни странски влијанија *Државата, но и Европа да ги разобличи пред јавноста, види и чуе час поскоро ваквите „демократски лидери" заслепени од великоалбански и прокосовски соништа. Исто така, може да се забележи и обид за поттикнување раздор и поделби по етничка линија, како и ширење паника, страв и несигурност: Градоначалникот на Тетово, Касами, во континуитет е најизразено сецесионистички градоначалник во државата покрај другите градоначалници од албанската екстремна десница, кој постојано и на секој начин ги поткопува принципите на македонската државност. Екстремното десничарската - фашистичка и антисекуларна политика постојано ги подгрева меѓуетничките тензии и ги таргетира Македонците, како за нивниот идентитет и држава така и за верските чувства.*

Наводите и обвинувањата за негативни странски влијанија и ширењето паника и страв за тоа прашање се очигледни и во објавата на фејсбук-страницата на Левица насловена *КОСОВСКАТА ВЛАДЕЈАЧКА ПАРТИЈА ДИРЕКТНО СЕ МЕША ВО ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ НА МАКЕДОНИЈА* (26.12.2023), каде се вели: *Партијата „Самоопределување" на косовскиот премиер Албин Курти, ќе биде дел од изборната трка на претстојните парламентарни избори во Македонија. Најавите се дека токму советникот на Курти, Беким Ќоку ќе биде дел од листите за пратеници - затоа што поседува двојно државјанство. Иконографијата карактеристична за балистичката идеја за голема Албанија не изостанува во ниту една пригода од која дел е партијата на Курти. Така беше и за време на неговата неодамнешна посета во Тетово, така беше и сега на отворањето на канцеларијата на споменатиот „Европски сојуз за промени", каде се вееја знамиња со картата на голема Албанија.*

Дополнително, може да се забележи и штетниот наратив за ширење страв, паника и несигурност и обвинувања на странски ентитети за штетно мешање во домашните државни процеси, во реакцијата со критика на собир на дипломати во странство и употреба на кованица „северномакедонски" – *ДИПЛОМАТИТЕ НА ОСМАНИ СО «СЕВЕРНОМАКЕДОНСКИ» ИДЕНТИТЕТ!"* (реакција, фејсбук-страница на Левица, 17.12.2023). Иако реакцијата е валидна, бидејќи навистина домашни дипломатски претставници направиле грешка во јавна комуникација, за која сите надлежни домашни институции и странски претставништва работат за да ја исправаат во широката домашна и странска јавност по потпишувањето на Преспанскиот договор, сепак во критиката на Левица се забележува развивање на штетен наратив околу случајот: *Штетите од „Преспанскиот договор", скроен во странските амбасади, а спроведен од власта на СДС и ДУИ, на чело со Заев и Димитров, се чинат ненадоместливи! Наследниците на овој договор, Ковачевски и Османи, продолжуваат понизно да ја имплементираат неговата ништовност по македонскиот идентитет. #Левица останува единствена парламентарна партија чија основна заложба е раскинување на овој квислиншки договор, за кој во пракса сведочиме дека е еден од убијците на македонскиот идентитет.*

## *Европски сојуз за промени – ЕСП (Lidhja Europjane për Ndryshim)*

Опозициските политичките партии на Албанците - Алтернатива, Беса и Демократското движење се здружени во еден блок  Европскиот сојуз за промени - ЕСП (Lidhja Europjane për Ndryshim) и **дејствуваат синхронизирано**, претставувајќи се како опозициска алтернатива на ДУИ. Партијата Алтернатива има двајца пратеници, Беса има еден пратеник, а Демократското движење има тројца пратеници, односно вкупно 6 пратеници. **Фокусот на ЕСП останува критика на работата на партиите кои се дел од владината коалиција и нивните функционери, поточно ДУИ која е главен политички опонент.** Се забележува дека продолжува праксата соопштенијата кои се дадени како заеднички став на опозициските партии на Албанците да ги објавуваат сите на своите фејсбук-страници. Најчесто се претставуваат како спасители и бранители на народот, бранители на идентитетот и правдата, транспарентни актери кои се залагаат за борба против корупција и владеење на правото.

Во објава по повод извештајот на Државниот завод за статистика во кој беше наведено дека има значително иселување на населението, а дека се очекува понатамошен пад во бројот на жители во Македонија, Европскиот сојуз за промени објави соопштение во кое тврди дека егзодусот на Албанците е спонзориран од ДУИ затоа што периодот во кој 200.000 жители се отселиле од државата се поклопува со периодот на владеењето на ДУИ: *Иако во извештајот не е направена етничка поделба, со едноставна пресметка, ако половина од ова население што мигрирало се Албанци, лесно можеме да заклучиме дека околу 125.000 Албанци ја напуштиле државата во периодот додека ДУИ беше на власт. Со еден збор, Али Ахмети и ДУИ се главните виновници за миграцијата на околу 125.000 Албанци во западните земји. Притоа се додава дека ова е „успех“ на Али Ахмети затоа што ниту една друга сила или државен терор не успеа да расели повеќе Албанци отколку што Али Ахмети направи со криминал и корупција. Во таа насока и ЕСП се претставува како спасител на народот што е на негова страна и е силно посветена на враќање на овој страшен тренд за перспективата на земјата, прво преку борба против корупцијата, второ преку обезбедување ефикасни мерки и политики за економска благосостојба и, трето, со подигнување на стандардите на образованието, правдата и безбедноста на граѓаните.* (фејсбук-објава, 21.12.2023,)

**Политичката партија ДУИ е фокус на ЕСП и во изнесените критики со намера да се поткопа довербата во ДУИ дека не работат за интересот на албанскиот народ.** Поводот е објавувањето на информацијата дека Талат Џафери, актуелниот претседател на Собранието ќе биде техничкиот премиер во предизборниот период, при што за него се зборува во негативен тон дека тој ќе биде „марионета во премиерската фотелја“ како техничко-административен премиер: *Европски сојуз за промени дефинитивно е за тоа да има премиер Албанец. Но, против албанскиот премиер се и самата ДУИ, која ја загуби можноста да има премиер Албанец пред четири години кога ги измами Албанците да гласаат за Насер Зибери, додека ДУИ гласаше за Зоран Заев, а потоа за Димитар Ковачевски за премиер во Собранието. Зошто? Затоа што ДУИ не е заинтересирана за високи државни функции да работи во интерес на Албанците и државата, туку само да манипулира со јавноста и да краде, и да носи инвеститори за казино и обложувалници од Србија и Русија. Со техничкиот премиер, ДУИ дупло ги мами Албанците, оти албанскиот премиер ќе биде пропаднатиот функционер за 20 години. Додавајќи ги и последните скандали дека е во контакт со Никола Груевски за да работи против албанската опозиција. ДУИ предложи кандидат за албански премиер, личност која нема да има никаква надлежност, туку ќе биде марионета во премиерската фотелја, само за да се реорганизираат изборите. И кога сме кај албанскиот премиер, секој Албанец би бил прифатлив за премиер, па макар и техничар (затоа што ДУИ има толку капацитет), но не и Талат Џафери. Како да очекуваме фер и демократски избори да организира влада предводена од Талат Џафери, кој од позиција на претседател на Собранието го спречува албанскиот опозициски гласач да има свој претставник во ДИК. Со кандидатурата на Талат Џафери, ДУИ дава уште еден доказ дека се подготвува да манипулира со изборите!*

(фејсбук-објава, 9.12.2023)

По повод протестите во Општина Чашка за отворање нова паралелка на ученици кои би следеле настава на албански јазик, Европскиот сојуз за промена изнесува критики за ДУИ, со наводи во кои се поставува како ние - доброто и тие - лошото, каде што **ЕСП е претставен како застапник на интересите на албанската заедница, а владејачките партии СДСМ и ДУИ во негативна слика** - *Чашка, доказ дека ДУИ и СДСМ се антиалбански и антиевропски: Ова што се случува со албанските паралелки во Чашка е скандалозно, комунистичко и диктаторски, исто како во времето на Југославија некогаш, како сега во Русија и Србија. Исто така, се критикува и СДСМ и се испраќа апел до нив да не продолжува со дволичноста, како што тоа го прави со децении. Од една страна го продава концептот за еднакво општество за сите, а од друга страна ги вади своите пратеници на протести против албанските паралелки. Во оваа ситуација кога нејзините пратеници се дел од шовинистичките повици против албанското образование, индикативно е дека Северна Македонија не оди напред туку се враќа во поранешна Југославија или во Србија на пријателот на Ковачевски и Али Ахмети, Александар Вучиќ.*

Критика исто е упатена и до ВМРО-ДПМНЕ од која се бара *ВМРО и градоначалникот да не ги охрабруваат граѓаните и родителите за вакви националистички протести. Никој не смее да лаже дека се труди за етничка рамноправност, кога поттикнува и зголемува шовинистички акции. Дополнително политичките опоненти се критикуваат, а својата политичка партија се претставува како заштитник на албанските национални интереси: Никој нема право да продава крупни идеи како ПРЕМИЕР АЛБАНЕЦ, а всушност сè уште им се наштетува на Албанците во изучувањето на албанскиот јазик. На Албанците не им требаат корумпирани марионети, туку лидери кои го сакаат својот народ и имаат проевропска визија. Но, ова е ДУИ, вазалот на СДСМ, кој со министерот и заменик-министерот нема можност да отвора никакви албански паралелки, ги крати финансиите на училиштата во албанските општини и инвестира во казина и обложувалници. На крајот, ако имате барем мала почит и совест пред народот, нема да зборувате на друга тема, кога за Албанците останува нерешено прашањето за учење на албански јазик, основно право кое е загарантирано и со Уставот.* (фејсбук-објава, 13.12.2023)

## Мониторинг на комуникацијата на членовите на Владата на РСМ преку официјалните фејсбук-страници во декември 2023

Кај владините функционери и во декември се забележува често користење на официјалните профили и за промоција на партиски политики и партиски активности.

На фејсбук-страницата на **премиерот Димитар Ковачевски** исто така се објавуваат информации од партиски активности, што претставува злоупотреба на службен профил за партиска промоција, а со тоа се изобличува границата на одделување на партијата од државата. Следствено, има објава со фотографија *Работилница во Велес со првите луѓе на партиските комисии на СДСМ. Го привршуваме процесот на подготовка на победничката програма на СДСМ за изборите во 2024 година..., СДСМ е подготвена и одиме на двојна победа европскиот фронт на претседателските и на парламентарните избори наредната 2024 година.* (3.12.2023 фејсбук-објава)

*Работилница за стратегиските приоритети на СДСМ заедно со младите социјалдемократи во Охрид, поддржана од Данскиот институт за партии и демократија, како и Институтот за социјална демократија, Прогрес – со порака: Победа на СДСМ на претседателските избори и проевропска Влада предводена од СДСМ е двојна победа за Македонија и клучна победа за младите, за идните генерации.* (8.12.2023, фејсбук-објава)

На фејсбук-страницата на заменик-претседателот на Владата задолжен за европски прашања на 13.12.2023, на службениот профил на **Бојан Маричиќ**, е споделена објава за говорот на Димитар Ковачевски на партиската трибина на СДСМ „Ние сме Европа“: *Нашата влада ги насочува финансиските средства кон оние на кои им се најпотребни, наместо за фасади од стиропор и жални врби.* (13.12. 2023, фејсбук- објава, а исто така на 21.12.2023 има објави за партиските трибини на СДСМ „Повеќе за сите“ во Гевгелија и во Валандово)

Кај министерот за надворешни работи **Бујар Османи** има објави за промоција на ДУИ на неговиот официјален профил. Објавени се неколку видеа, изворно како што се одржувале настаните и на јазикот на кој се одржале – албански, како на пример од назначувањето на лидерот на ДУИ Али Ахмети за почесен граѓанин на Тропоја (5.12.2023, Live from the Palace of Culture «Dardania» in the city of Bajram Curri, the manifestation for Ali Ahmeti›s declaration of honorary citizen of Tropoja) и обраќање на Али Ахмети по истиот повод (5.12.2023 Speech by BDI Chairman, Ali Ahmeti at the manifestation for his declaration of "Honorary Citizen" of Tropoja), објава од прием организиран од претседателот на ДУИ (22.12. Live from the end-of-year reception organized by the Chairman of the Democratic Union for Integration, Mr. Ali Ahmeti), објава од изборното собрание на подмладокот на ДУИ – огранок Чаир (22.12.2023 Live from the Electoral Assembly of the Democratic Union Youth Forum for Integration - Çair Branch), објава од интервју на Али Ахмети (28.12. - (LIVE) BDI Chairman Ali Ahmeti's Interview in Opinion with Blendi Fevziu).

На фејсбук-страницата на министерот за внатрешни работи **Оливер Спасовски** продолжува праксата да се објавуваат содржини со кои се промовираат партиски или, пак, активности за лична промоција. Таква е објавата за проекти во енергетиката, област која не е во надлежност на МВР, а се однесува за активност во Општина Куманово како дел од кампањата „Ние сме Европа": *Утре, во мое Куманово, 'Ние сме Европа' отворена трибина за моите кумановки и кумановци, да дискутираме за европските вредности, за придобивките и можностите што ни ги нуди ЕУ-членството на тема енергетика -* #НиеСмеЕвропа, #МКвоЕУ (10.12.2023, фејсбук-објава). Исто така, има и објава во која се промовира т.н. Европски фронт и дека од *Од 2006 до 2018 застанаа интеграциите, граѓаните имаат јасна претстава кој е тој којшто ги завршува работите, а кој само декларативно се залага за нешто* (14.12.2023, фејсбук-објава). Во објавата се даваат општи квалификации дека СДСМ е опцијата која е подобра за државата, без да се наведат конкретни мерки, со популистички дискурс претставувајќи ја сопствената партија како сојузник на народот и бранител на националните интереси. Дополнително на службениот профил на министерот за внатрешни работи има и објава за партиски одлуки: *Централниот одбор на #СДСМ донесе повеќе одлуки и заклучоци за обезбедување на европската иднина на Северна Македонија* (26.12.2023, фејсбук-објава), во која се изнесени информации за решенија на партијата за техничката влада во предизборниот период. Друг пример е објавата: *Не отстапуваме од концептот „Повеќе за сите" - со социјалдемократски економски политики успеавме да ги вратиме парите кај граѓаните!* (15.12.2023, фејсбук-објава), во која се зборува за мерки кои се преземени за покачување на животниот стандард во МВР. Сепак на крајот на објавата се додава *Одиме кон двојна победа на Европскиот фронт предводен од СДСМ против антиевропската коалиција на ДПМНЕ и Левица!*

## 1.3. РЕЗИМЕ

Мониторингот на комуникациските практики на политичките актери за ноември и декември 2023 г. покажува дека постојат неколку трендови во начинот на кој партиите комуницираат со јавноста. Се забележува дека **соопштенијата кои се испраќаат до медиумите се објавуваат интегрално и на интернет-страниците на партиите**, со текст, фото- и видеоформат, односно во иста форма во која биле доставени до медиумите, а исто така се споделуваат и на фејсбук-страниците.

**Главна тема во штетните наративи за ноември и декември е внатрешната политика**, со фокус на напади на политички опоненти, критика кон Владата и други институции од централната и локалната власт. Дополнителни теми за кои се развивале штетни наративи се здравство, економија, социјална политика, правосудство, надворешна политика и корупција. Конкретно, актуелни настани и процеси за кои најчесто се продуцирале штетни наративи се случајот со Клиниката за онкологија, Законот за амнестија, новиот Деловник во Собранието, вести за можна коалиција меѓу ВМРО-ДПМНЕ и Левица по следните избори, одбележувањето на Денот на албанското знаме – 28 ноември и ЕУ интеграциите и уставните измени.

Мониторингот и анализата на партиската јавна комуникација за ноември и декември покажуваат дека во јавниот дискурс застапен на интернет-страниците и објавите на Фејсбук од политичките актери во Северна Македонија, најчесто **се користи реторика во која се изнесени непроверени наоди и непоткрепени наводи за корумпираност, нетранспарентност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност се користат како основа за обвинување на политички противници. СДСМ тоа најчесто го прави кога критикува градоначалници од редовите на „ДПМНЕ", а има тенденција да ги става „проруска" Левица и ВМРО-ДПМНЕ во иста група и да ги етикетира како „антинародни" и „анти-ЕУ" политички блок, за разлика од себеприкажувањето како „проевропски блок", транспарентна и ЕУ-ориентирана партија, која е бранител на интересите на народот.**

Кај владејачката партија Социјалдемократски сојуз на Македонија – **СДСМ**, како посебна тема за која најчесто комуницира со јавноста е **европската интеграција** на земјата. Се забележува дека на дневна основа има објави во кои низ различни пораки се прикажува СДСМ како политичката опција која е за членството на Македонија во ЕУ, наспроти опозициските **ВМРО-ДПМНЕ и Левица кои се претставени како анти-ЕУ, антиевропски, а Левица и како проруска.** СДСМ се претставува дека е партијата која се залага за и ги практикува европските вредности на слобода, еднаквост, правда, отвореност и дека е политичка опција која е прозападна, односно дека споделува исти вредности со западните демократии. Имајќи предвид дека 2024 е изборна, потребно е да се следи дали овој дискурс на ние - доброто (про-ЕУ,埋реформи) и вие - лошото (анти-ЕУ, антизапад) се формира и како основа на кампањата на СДСМ за претстојните парламентарни избори.

Штетните наративи кои се забележани во мониторираниот период најчесто се поврзани со поткопување на довербата во институциите, пристрасно селектирање, непоткрепени наоди и поттикнување поделба меѓу нас - доброто и тие - лошото.

Кај **ДУИ во месец ноември се забележуваат штетни објави во кои доминира етнички мотивиран дискурс и етноцентризам,** особено за **Денот на албанското знаме,** и себеприкажувањето е најчесто во линија на **бранител на правата на Албанците,** прозападна и проевропска опција која работи во склад со западните вредности. Но, и во ноември и во декември, **ДУИ генерално е „потивка"** кога станува збор за штетните наративи, а и во двата месеца кај владините министри од оваа партија се нотирани објави за партиски активности од профили на владини функционери од ДУИ.

Кај опозициските партии на Албанците – Алтернатива, Беса и Демократско движење се забележува унифициран, заеднички настап како **Европски сојуз за промени,** особено во изнесувањето ставови **кои се критички кон владејачките партии, а посебно Демократската унија за интеграција – ДУИ, која е нивен главен опонент.** На тој начин, тие се обидуваат една порака да стигне до поширока публика, односно поголем број гласачи, имајќи ја предвид изборната 2024 година, а со оглед на тоа дека ЕСП се претставува како алтернатива на ДУИ. Комуникациските пораки се обвинувања за корупцијата на високи претставници на ДУИ, со фокус на заменик-претседателот на Владата, Артан Груби, особено за бизнисот со игри на среќа. Притоа, во пораките кон јавноста, ЕСП се претставува како опција која ќе донесе подобра иднина, правда и искоренување на корупцијата.

**ВМРО-ДПМНЕ пак најчесто се претставува како спасител и бранител на народот,** а користи непроверени и непоткрепени наводи кога ја критикува власта на „СДС и ДУИ" за коруптивно и неодговорно работење. Се забележува и именувањето на владата како **„ДУИ и СДСМ" што алудира на наративот дека ДУИ е помоќниот коалиционен партнер во Владата.**

**Левица** пак е најостра во критиките и алудира на наратив каде што тие се **'еден против сите', односно се борат против „коруптивната" и „подложна на странското влијание од империјалистичкиот Запад" власт на „СДС-ДУИ-ВМРО".** Во декември најмногу штетни наративи се нотирани околу инцидентот кој го предизвикаа во Собранието за гласањето нов Деловник.

Речиси кај сите поголеми партии кои се прилично комуникациски проактивни, нотирани се практики за **оцрнување на политичките опоненти и напади на личност.** Кај **СДСМ** фокусот на негативни етикети е на **лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски; опозициската ВМРО-ДПМНЕ употребува етикети и навреди кон премиерот Димитар Ковачевски нарекувајќи го „неспособен", „неискрен" политичар.** Се забележува **демонизација на личноста за заменик-премиерот Артан Груби од ДУИ, присутно како тренд кај Европскиот сојуз за промени, но и кај Левица и ВМРО-ДПМНЕ. Кај Левица, пак, главните пораки се насочени кон СДСМ и ДУИ, честопати проследени со лепеза од навреди како „импотентните квислинзи од СДС и етнотрибалистичките сецесионисти од ДУИ", именување кон ДУИ како „учки" и „силеџии", а спикерот на Собранието како „дезертер".**

Реториката скоро кај сите политички партии се базира врз употребата на зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори **помеѓу про- и антиевропски,** што е позастапено на фејсбук-страниците и се користи за поттикнување поделби во општеството, но поретко и за ширење паника, страв и несигурност.

Левица е партијата кај која најмногу се забележуваат обиди за поттикнување општествени поделби, особено наративот со кој се обидуваат да се оцрнат наводниот „хибриден режим" на „СДС, ДУИ и ВМРО" под диктат на „империјалистичкиот Запад", кои не ги застапуваат интересите на граѓаните во Македонија. Тука се надоврзуваат и наративите за теории на заговор и наводни штетни странски влијанија, односно СДСМ и ДУИ се етикетираат како партии под диктат на Западот, а Левица се етикетира како проруска и антизападна и ВМРО-ДПМНЕ како антиевропска. Објавите со штетни наративи на интернет- и на фејсбук-страниците покажуваат слични трендови во комуникацијата, иако на Фејсбук се забележува поголем диверзитет на штетни наративи.

**Објавувањето информации кои се манипулативни, дезинформации, неточни информации и злонамерни информации го нарушува начелото на комуникација базирана на докази.** Преку таквиот дискурс во јавната комуникација од страна на политичките актери може сериозно да се влијае врз демократските процеси и во изборите, преку создавање и ширење лаги, напад врз личности, што може да резултира со намалување на довербата во изборниот процес и во институциите. Создавањето и споделувањето дезинформации не претставува кривично дело, но е неетично и може да биде исклучително штетно за демократските процеси на една држава.

Со дискурс во кој се присутни штетни наративи се прекршува и начелото на етична комуникација, како и непристрасноста и професионалноста во јавната комуникација, која се очекува од политичките актери. Избраните и именуваните функционери, како и партиските функционери имаат обврска во својата комуникација со јавноста и со медиумите да практикуваат етика во комуникацијата. Ова значи дека пристапот што ќе го применуваат е *Пристап којшто се применува при работа и којшто подразбира чесно, совесно, навремено и одговорно извршување на работните обврски. Почитувајќи ги професионалните стандарди и човековите права на лицата кои се опфатени во работењето, се спроведуваат политики и начела со коишто се почитуваат моралните принципи за етичко однесување во работниот процес*[17]. Политичките партии се охрабруваат да донесат кодекси за однесување, кои покрај другото, нивните членови, функционери, кандидати и избрани и именувани лица ги обврзуваат да се справат со говорот кој поттикнува нетолеранција, дискриминација или омраза[18]. Покрај тоа, насоките од заедничката декларација на

17 Речник на медиумска писменост, Институт за комуникациски студии, 2023, https://recnik.medium.edu.mk/termin/eticki-pristap-moralen-pristap/

18 OSCE Joint Declaration on politicians and public officials and freedom of expression https://www.osce.org/files/f/documents/9/4/501697.pdf

ОБСЕ ги повикуваат политичарите во своите прес-конференции да ги третираат учесниците со почит, да практикуваат еднаков третман при постапување прашања и да се воздржат од етикетирање на медиумските работници и активистите за човекови права. Слично на заедничката декларација, Комитетот на министри на Советот на Европа повикува[19] на усвојување кодекси на однесување, во кои ќе се предвидат интерни процеси за санкционирање на говорот на омраза.

Дополнително, **загрижувачки е трендот на користење официјални владини канали на комуникација за партиска пропаганда,** односно објавување партиска содржина на фејсбук-профилите на премиерот, замениците на премиерот и министри од Владата. И во двата месеца, покрај партиска пропаганда, кај заменик-премиерот Груби и тројца министри од Владата се забележани и штетни наративи.

Со објавите со партиска промоција и пропаганда на официјалните фејсбук-профили, премиерот и министрите директно ги прекршуваат начелата на професионалност и непристрасност во комуникацијата на владините претставници, но **се прекршува и владиниот Етички кодекс за јавни службеници**[20], а со тоа негативно се влијае на довербата во нивната способност да работат непристрасно во полза на сите граѓани. Ваквиот тип објави во кои не се прави разлика меѓу активностите на лицата како носители на партиски и носители на јавни функции претставува кршење на принципите за професионална комуникација со јавноста.

Слободата на изразување исто така содржи и обврска, не само право. Според член 10 од Европската конвенција за човекови права[21]. *Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење и да се примаат и даваат информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да бараат лиценцирање на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос или кината. Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и должности и одговорности, може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања или казни кои се пропишани со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување немири или криминал, за заштита на здравјето или моралот, за заштита на репутацијата или правата на другите, за спречување на откривањето доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на судството.*

Советот на Европа има креирано различни дефиниции за „говор на омраза“ зависно од контекстот. Во Препораката бр. R (97) 20 во врска со „говор на омраза“ им се препорачува на владите на земјите членки да ги преземат чекорите за борба против говорот на омраза утврдени во документот. Ова особено се однесува на говорот на омраза кој се шири преку медиумите. Во Препораката се прави обид за дефинирање на терминот „говор на омраза“ на следниот начин: Терминот „говор на омраза“ ќе се сфаќа како термин кој ги покрива сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза базирани на нетрпеливост, вклучувајќи: нетрпеливост изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство против малцинствата, мигрантите и луѓето од имигрантско потекло. Понатаму, Препораката особено ги повикува владите на земјите членки да одредат јавните власти и јавните институции

19 Recommendation CM/Rec(2022)16[1] of the Committee of Ministers to member States on combating hate speech (Adopted by the Committee of Ministers on 20 May 2022 at the 132nd Session of the Committee of Ministers) https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=0900001680a67955

20 Етички кодекс за јавните службеници, Влада на Република Македонија, 2011, Microsoft Word - BA05988178DB784D9BB9FB116ED438F1.doc (vlada.mk)

21 Европска конвенција за заштита на човековите права, https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_mkd

на национално, регионално и локално ниво, како и нивните службеници да имаат посебна одговорност за воздржување од изјави, особено пред медиумите, кои разумно може да се сфатат како говор на омраза или како говор кој би можел да создаде ефект на озаконување, ширење или промовирање расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на дискриминација или омраза базирани на нетрпеливост. Таквите изјави треба да бидат забранети и јавно отфрлени секогаш кога ќе се појават[22].

Во македонското законодавство, Законот за спречување и заштита од дискриминација[23] забранува дискриминација по повеќе основи како што се: раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа и во таа насока е потребно јавната комуникација на политичките субјекти да не содржи говор со кој се навредува одредена група или пак оправдува говор на омраза кон одредена група, да не се служат со говор кој е потпалувачки, нетолерантен или содржи повици на напад кон одредена група.

Носителите на јавни функции се должни во својот однос кон јавноста да комуницираат одлуки, политики и други информации од дејноста која ја вршат. Додека пак, за промоција на партиските активности потребно е да постојат посебни канали за комуникација кои ќе бидат водени и одржувани, како и финансирани од ресурси од партијата, додека пак каналите за комуникации кои ги имаат како државни функционери треба да бидат поддржани со ресурси од јавниот сектор во кој работат и од портпароли во јавните институции.

22 Водич за мониторинг на говорот на омраза ААВМУ. Водич за мониторинг на „говорот на омразата" (avmu.mk)

23 Закон за спречување и заштита од дискриминација https://www.mtsp.gov.mk/content/ % D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%81%D0%B F%D1%80%D0%B5%D1%87%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B4%D0%B8%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf

# 2. Мониторинг на медиумското известување за политичките актери

Анализата на известувањето на онлајн-медиумите и телевизиските станици за политичките актери е вториот, паралелен процес во истражувањето „Мерење на политички штетни наративи". Тој е комплементарен со првиот мониторинг, односно следењето на јавната комуникација на политичките актери. Додека анализата на политичките партии и нивните лидери е фокусирана на утврдување на доминантните штетни наративи во контекст на почитување на стандардите за јавна комуникација, медиумскиот мониторинг треба да даде одговор како овој токсичен и поларизирачки јавен дискурс пенетрира во медиумската арена. При набљудувањето се анализира кои се најчестите „сејачи" на штетните наративи во информативните содржини, дали и како успеваат да се пробијат во ударните минути и насловници, кои теми се плодна почва за нивно ширење, но и најважно - каква е улогата на новинарите во овој процес: дали медиумите се придржуваат на професионалните и на етичките стандарди за точно, правично и непристрасно информирање или, пак, беспоговорно ја следат агендата што ја диктираат политичките актери.

**Примерокот на медиумите ги опфаќа следните 11 онлајн-медиуми и 9 телевизиски станици:**

**Онлајн-медиуми:** Локално; Независен; Слободен печат; А1он.мк; МКД.мк; Република; Курир; Алмакос; Тетова сот; Нова ТВ; Вечер.мк.

**Телевизии:** јавни и приватни ТВ-станици на национално ниво со најголема гледаност, вкупно девет: МТВ 1 (јавна); МТВ 2 (јавна, на албански јазик); Алфа ТВ (приватна); Канал 5 (приватна); Сител ТВ (приватна); ТВ 24 (приватна); Телма (приватна); Алсат М (приватна, на албански јазик); ТВ 21 (приватна, на албански јазик).

Единица на анализа е една поединечна објава или еден поединечен прилог. Повеќе детали за методологијата и стандардите за етичко и професионално известување, може да се најдат на истражување ШТЕТ-НА.

Денови за медиумски мониторинг во ноември

| S | M | T | W | T | F | S |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | 30 | 31 | 1 | 2 | 3 | **4** |
| 5 | 6 | 7 | **8** | 9 | 10 | 11 |
| **12** | 13 | 14 | 15 | **16** | 17 | 18 |
| 19 | **20** | 21 | 22 | 23 | **24** | 25 |
| 26 | 27 | **28** | 29 | 30 | | |

вкупно седум денови

Денови за медиумски мониторинг во декември

| S | M | T | W | T | F | S |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 1 | **2** |
| 3 | 4 | 5 | **6** | 7 | 8 | 9 |
| **10** | 11 | 12 | 13 | **14** | 15 | 16 |
| 17 | **18** | 19 | 20 | 21 | **22** | 23 |
| 24 | 25 | **26** | 27 | 28 | 29 | **30** |
| 31 | | | | | | |

вкупно осум денови

Мониторингот се спроведуваше во вкупно 15 денови во текот на ноември и декември, распоредени во интервал од четири денови („секој четврти ден во месецот"). Денови за медиумски мониторинг беа следните денови во **ноември:** 4, 8, 12, 16, 20, 24, и 28 ноември (вкупно седум денови) и во **декември:** 2, 6, 10, 14, 18, 22, 26, 30 (осум денови).

## 2.1. Извештај за мониторингот на известувањето на онлајн-медиумите за политичките актери

### Извештај за ноември 2023 година

Во анализираниот период (вкупно 8 денови во декември) во мониторираните онлајн-медиуми се идентификувани вкупно **215 објави** кои содржат штетни наративи. Жанровски доминираат „пренесено соопштение", официјален став на одреден орган (политичка партија, Парламент, Влада, министерства) за актуелен настан (73 прилози) и „пренесен говор на политичар" на митинг или на друг вид собир (49 прилози) и заедно (122 прилози) сочинуваат 56,8 % од сите анализирани прилози. Најголемиот број од нив имаат **само еден извор (178 или 82,8 %)** и доминира еднострането информирање, односно медиумот консултирал само една страна (187 или 87,0 %). Поводот за објавување на прилогот најчесто се псевдонастани креирани за да привлечат медиумско внимание, како партиски конференции за печат, изјави на политички актери и сл. (75 објави или 34,9 %), а дури потоа актуелни настани (54 или 25,1 %) и општествени актуелни теми за коишто се потребни повеќе време, ресурси и посветен новинарски ангажман (33 или 15,3 %).

Најголемиот број од овие објави **не се потпишани, дури 181 прилог (84,2 %).** Тематски, доминира внатрешната политика (153 прилози или 71,2 %), а далеку зад неа економијата (19 прилози или 8,8 %) и здравството (10 прилози или 4,7 %). Многу мал е бројот, покрај главната, да има и споредна тема, но и таа е во рамките на внатрешната политика, а најчесто се однесува на ЕУ-интеграцијата на земјата, криминалот и корупцијата, претстојните парламентарни и претседателски избори.

## Присуство на штетните наративи во онлајн-медиумите

Два портала, Курир и Република, имаат најголем број објави со штетни наративи (79 или 36,8 %), а следат Вечер.мк и Слободен печат (44 или 20,5 %), или заедно сочинуваат повеќе од половината (123 или 57 %) од сите утврдени 215 прилози со штетни наративи во целиот мониториран период. Најмалку ги има во МКД.мк и Нова ТВ (12 или 5,6 %).

Табела 12. Прилози со штетни наративи




Жанровската структура на текстовите со штетни наративи кај сите онлајн-медиуми доминантно ја сочинуваат пренесените соопштенија, а особено кај Курир, Република, Вечер мк, Локално и А1он; говорите на политичарите, пред сè, во Вечер мк, Слободен печат и А1он, додека извештаи најмногу имаат Алмакос и Курир, а вести Република. **Посебно се издвојува категоријата „друго"** (31 прилог или 14,4 %), доминантно присутна во порталите Курир и Република, а најчесто станува збор за пренесени статуси од

социјалните медиуми, делови од интервјуа преземени од други медиуми, прес-конференции на политичките партии (ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ), како и ставови, реплики на пратеници, портпароли на политичките партии преземени од нивно гостување во ТВ-дебатни емисии.

Табела 13. Прилози со штетни наративи според жанровска структура




| | МКДмк | Нова ТВ | Тетова сот | Независен | Алмакос | Локално | А1он | Слободен печат | Вечер мк | Република | Курир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пренесен говор на политичар | 1 | 0 | 3 | 6 | 0 | 2 | 8 | 9 | 11 | 6 | 3 |
| Пренесено соопштение | 3 | 3 | 2 | 1 | 6 | 9 | 9 | 5 | 10 | 12 | 13 |
| Вест/вест со изјава | 0 | 3 | 0 | 0 | 2 | 3 | 0 | 0 | 2 | 8 | 1 |
| Извештај | 0 | 0 | 3 | 4 | 8 | 0 | 2 | 5 | 0 | 0 | 7 |
| Аналит. репор. прилог | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Анализа/коментар | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| Коментар | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Интервју | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 |
| Друго | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 4 | 0 | 0 | 0 | 11 | 12 |

Тематски, внатрешната политика доминира во сите интернет-портали, а најмногу во Курир и Република, но и во Слободен печат и Алмакос. Дури и во порталите со помал број штетни наративи, внатрешната политика е речиси единствена тема, како на пример кај Независен (од 13 утврдени прилози со штетни наративи - 12 се во сферата на внатрешната политика, а еден од економијата) или Слободен печат (каде од 21 прилог со штетни наративи - 19 се од внатрешната политика, еден од економијата и еден од правосудството), но и Алмакос (од 18 прилози - 16 се однесуваат на внатрешната политика).

При презентирањето на дневните настани, порталите речиси на идентичен начин ја информират јавноста. Кај прилозите со штетни наративи во кои доминира едностраното пренесување на говорот на политичкиот актер или се пренесува политичко соопштение на конкретна политичка партија, насловите најчесто се еднообразни со именување на актерот (неговото презиме или името на партијата), а текстот што следи е краток, со неколку пасуси, дури и само со неколку реченици од нивните изјави, ставови за одредено прашање. Притоа, бидејќи не станува збор за вест (најкратката новинарска жанровска форма која одговара на пет клучни прашања – кој, што, кога, каде и зошто), читателот кој секојдневно, од час во час, не ги следи настаните, ќе треба да се помачи да ја разбере информацијата, што било речено, зошто, кога, каде. Неколку примери:

- СДСМ: Милијарда евра имаме на располагање од ЕУ за македонската економија. Прилог преземен од партиското соопштение на СДСМ, составен од неколку кратки реченици за планот на ЕУ за раст на економиите на Западен Балкан, колку милијарди евра ќе добие нашата држава и затоа блокадите на ВМРО-ДПМНЕ и Мицкоски на европскиот пат мора да бидат поразени. **(Нова ТВ, 12.11.2023)**

- Левица: СДС-ДУИ-ДПМНЕ спремни и насилно да го донесат новиот Деловник. Станува збор за кус текст којшто е преземена објава од социјалните медиуми на лидерот на Левица Димитар Апасиев, составен од три кратки пасуси за пленарната седница на Собранието каде се подготвува „насилнички и шверцерски" да се донесе новиот Деловник. **(А1он, 20.11.2023)**
- Мицкоски: Владата на Македонија пропаѓа во економијата. Прилог преземен од „Телеграф", составен од три кратки пасуси, за алармантната и катастрофална состојба на државниот буџет, со многу криминал и црна економија, затоа пак ВМРО-ДПМНЕ ќе изгласа закон со кој ќе се намалат платите на функционерите. **(Алмакос, 12.11.2023)**
- СДСМ: Мицкоски ја поткопува истрагата за Онкологија, ако има докази, нека ги поднесе во ЈО. Текст од соопштение на партијата, составен од два кратки пасуси, којашто бара од Мицкоски наместо изнесување невистини, ако има докази за истрагата за Онкологија да ги достави до Јавното обвинителство. **(Слободен печат, 4.11.2023)**
- Томовски: ВМРО-ДПМНЕ има конкретни планови, визија и стратегија. Прилог составен од фејсбук-статусот на Ивица Томовски, членот на Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, со два пасуси за милостињата што СДС ја дава на пензионерите, студентите, средношколците, земјоделците додека ВМРО-ДПМНЕ нуди конкретни планови, визија и стратегија за пензионерите, даноците, општините. Иако е краток, прилогот има наднаслов („СДС врши поткуп"), наслов и поднаслов кој потоа целосно се преповторува во самиот текст. **(Курир, 28.11.2023)**
- Мицкоски: Со организацијата на Самитот на ОБСЕ власта ја докажа желбата за криминал. Објава составена од два пасуси, во кој Христијан Мицкоски, одговарајќи на новинарско прашање (непознато за читателите, каде и кога), го коментира одржувањето на Самитот на ОБСЕ во Скопје, кој наместо добар, убав настан се претворил во естрада (поради милионите евра потрошени за изнајмување патнички возила за потребите на Самитот). **(Република, 28.11.2023)**
- Алтернатива: Алијанса и Меџити си играат со достоинството на кумановските лекари. Прилог, составен од два пасуси за избор на директор на кумановската болница, но веднаш по неговото именување - враќање на поранешниот директор, оценето како поигрување со професионалното достоинство, достоинството на кумановци, достоинството на лекар Албанец. **(Локално, 8.11.2023)**
- За два дена скоро милион евра, шест пати поскапо Османи рента возила. Прилог, од соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, составен од три кратки пасуси, за Османи и тендер-коалицијата ДУИ-СДС кои изнајмуваат возила за 6 пати поскапо за потребите на самитот на ОБСЕ во Скопје. **(Вечер, 8.11.2023)**

Во овој контекст, прашање што неминовно се наметнува е поводот за објавување на ваквите информации, односно механизмот на селекција и креирање на информациите во медиумите. Мониторингот утврди дека кај 1/3 (75 прилози) од сите анализирани прилози со штетни наративи поводот се псевдонастани – „се соопштува нешто по повод на нешто", а тоа, пред сè, се партиските соопштенија за јавност, прес-конференциите, изјавите, реакциите... на политичките субјекти. Дури потоа следат актуелните (што се случиле) и актуелните планирани настани (заедно 58 прилози или 27,0 %), општествените случувања (33 прилози или 15,3 %), но паѓаат во очи оние под графата „друго" (32 прилози или 14,9 %), кои се однесуваат на пренесени извадоци од интервјуа, дебатни емисии од телевизиските станици. Ако се спојат псевдонастаните и оние другите (а и тие се изјави, без оглед дали се преземени од интервјуа или дебатни емисии на одделни политички субјекти), тогаш нивниот вкупен број од 107 прилози (или половина од анализираните 215 или 49,9 %) јасно зборува за уделот на политичите субјекти во „креирањето" медиумски содржини со штетни наративи. Дополнително, кај одредени медиуми (Курир, Република и Вечер.мк) е уочлива практиката кога од еден повод (прес-конференција, дебатна емисија) се кројат неколку објави (за различни прашања, теми).

## Политичките актери во анализираните прилози

Застапеноста на политичките актери во прилозите со штетни наративи е различна од портал до портал, зависно, пред сè, од темата (прашањето, проблемот) што информативно се обработува, но доминираат оние со два (во 52 прилози или 24,2 %), три (во 35 прилози или 16,3 %) и четири актери (во 32 прилози или 14,9 %). Поединечно гледано, се издвојуваат неколку портали, како Република која има најмногу прилози со три (9 прилози), четири (11 прилози) и пет актери (10 прилози), додека Вечер.мк колку што има прилози со два актери (10 прилози), исто толку се само со еден актер (11 прилози) или Курир, каде покрај прилозите со два (28 прилози) и три актери (5 прилози), има и прилози со само еден актер (6 прилози). Овие два портали се издвојуваат од сите останати мониторирани по бројот токму на прилози само со еден актер. А актерите застапени во Вечер.мк најчесто се Христијан Мицкоски, Димитар Ковачевски, Бујар Османи, Владата, СДСМ, ДУИ, а во Курир покрај споменатите во Вечер мк и ВМРО-ДПМНЕ, пратениците, портпаролите и градоначалниците од редот на ВМРО-ДПМНЕ.

Од бројните споменати актери во анализираните прилози, индивидуални и колективни, тешко може да се издвои некој кој има „примат". Колку Христијан Мицкоски, толку и Димитар Ковачевски, или колку ВМРО-ДПМНЕ, толку и СДСМ. Овојпат, за разлика од претходниот (октомвриски) мониториран месец, а пред сè, поради неколку актуелни политички случувања (Самитот на ОБСЕ во Скопје и донесувањето на Деловникот на Собранието на РСМ), ним им се приклучуваат и други политички субјекти, како министерот за надворешни работи или потпретседателот на ДУИ Бујар Османи и партијата Левица и нејзиниот претседател и пратеник Димитар Апасиев. Притоа, доколку се погледне од аспект на застапеноста на политичките партии заедно со нивните „членови" како што се портпаролите, потпретседателите, пратениците во Собранието, членовите на централните комитети, градоначалниците, тогаш на „врвот" се искачува ВМРО-ДПМНЕ. Имено, порталите секогаш кога информираат за разни општествени активности, случувања, покрај името на политичкиот актер, редовно ги наведуваат и генералиите за него: „пратеникот/пратеничката ... од редовите на ВМРО-ДПМНЕ", „потпретседателката на ВМРО-ДПМНЕ и поранешен заменик-министерка за финансии", „пратеникот... и член на извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ". Од друга страна, за партиските претседатели не се употребени посебни атрибути, туку едноставно „претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски", „премиерот Ковачевски", „претседателот на Левица Димитар Апасиев", „претседателот на ДУИ, Али Ахмети". Инцидентно може да се сретне именување како опозициската ВМРО-ДПМНЕ, шефот на македонската дипломатија Бујар Османи или само министерот Бујар Османи, Христијан Мицкоски лидер на опозициската ВМРО-ДПМНЕ, Димитар Ковачевски премиер и претседател на СДСМ. Сепак, станува вообичаена практика партијата СДСМ да се именува како „СДС", пред сè од ВМРО-ДПМНЕ, и честопати тоа автентично се пренесува во медиумите.

Во однос на **пристапот и оцената на политичките актери,** порталите различно ги „вреднуваат". Курир најчесто е неутрален (без квалификативи) или позитивен кон главните актери, односно ВМРО-ДПМНЕ, членовите на неговите тела, неговите пратеници, градоначалници, портпароли, а негативен (едностран) кон другите актери, пред сè Владата, власта на ДУИ и СДСМ, премиерот Ковачевски, СДСМ, ДУИ. Во Вечер.мк најчести се негативните оцени како за главниот така и за споредните актери, но тоа не е од „перото" на медиумот/новинарот, туку е „препуштено" на другите актери, а клучно се насочени кон Владата, премиерот Ковачевски, СДСМ, ДУИ. Република ретко дава оцени за главниот актер; тоа најчесто е препуштено на самите актери во прилогот или на некој друг актер, а оцените се позитивни и неутрални (лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, негови потпретседатели, пратеници, членови на партијата), додека негативните оцени доминираат кога се работи за споредни актери во прилогот (најчесто власта, Владата на СДСМ-ДУИ, вицепремиерот Артан Груби, ДУИ, СДСМ или СДС). Кај другите портали, како Слободен печат, пристапот на новинарот кон политичките субјекти е неутрален, а негативни оцени има спорадично, но од некој друг актер. Или, Независен и А1он.мк, каде оцените, квалификативите за политичките субјекти, исто така, се спорадични, и негативни и позитивни, но дадени од други актери. Во Тетова Сот, новинарот одвреме-навреме има позитивни оцени кон главните политички актери, а негативните се препуштени на други актери (за ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ, Али Ахмети, Владата на СДСМ-ДУИ). Затоа, пак, во Алмакос новинарот најчесто користи амбивалентен пристап, и позитивен и негативен, и за главниот и за споредните актери.

## Новинарски (не)професионализам

Карактеристика на сите мониторирани интернет-портали е **едностраното известување.** Од **вкупно 215 анализирани прилози, во 187 доминира само една страна во известувањето,** а ретко и инцидентно две или три и повеќе страни. Притоа, во Курир и Република тоа е најзабележително токму поради фактот што тие имаат и најголем број прилози со штетни наративи. Во исто време, **заедничка карактеристика на сите интернет-портали е и потпирањето на еден извор на информации.** Така, во 178 прилози (82,8 %) се посочува само еден извор, додека во 14 (6,5 %) два и во 18 (8,4 %) три и повеќе извори. Ваквиот пристап е резултат на доминацијата на двете жанровски форми, односно „пренесено соопштение“ и „пренесен говор“, каде порталите целосно или делумно пренесуваат соопштение или став на конкретен политички субјект (партија, лидер на партија, портпарол, пратеник) за одредено прашање. Тогаш очекувано изворот е само еден и тука „завршува приказната“. Оттука, без оглед на бројот на анализирани прилози со штетни наративи по одделни портали, дали најголем во Курир и Република или најмал во МКД мк, Нова ТВ или Тетова Сот, константа кај сите прилози е доминацијата на еден извор на информации. Табеларно сликата е следна:

Табела 14. Број на извори според онлајн-медиум




| | Курир | Република | Вечер МК | Слободен печат | А1он | Алмакос | Локално | Независен | Тетова Сот | Нова ТВ | МКД.мк |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нема извор | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Три и повеќе | 4 | 2 | 0 | 4 | 0 | 2 | 1 | 3 | 1 | 1 | 0 |
| Два | 2 | 4 | 0 | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| Еден | 35 | 29 | 22 | 15 | 18 | 15 | 16 | 8 | 10 | 6 | 4 |

Истото може да се констатира и за видот на изворот во анализираните прилози. Мониторингот утврди најголем број прецизни извори на информации (164 или 72,57 % од вкупно 226 извори), 30 непрецизни (13,27 %), 18 нејасни (7,96 %), 12 од друг медиум (5,31 %) и 2 од новинарот како извор (0,88 %). Тие се концентрирани во Курир и Република, портали со најголем број прилози со штетни наративи и прилози со доминација на пренесени соопштенија и/или говори на политичките актери (индивидуални или колективни). Од другите портали, уочливо е што сите извори се прецизни кај А1он, а следат Алмакос, Тетова сот и Независен. Табеларно, сликата е следна:

Табела 15. Вид извори според онлајн-медиуми




| | Курир | Република | Вечер МК | Слободен печат | Алмакос | А1он | Локално | Независен | Тетова Сот | Нова ТВ | МКД.мк |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Друг медиум | 0 | 0 | 7 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| Новинарот како извор | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Прецизни | 33 | 27 | 4 | 13 | 18 | 19 | 18 | 13 | 9 | 6 | 4 |
| Непрецизни | 9 | 7 | 7 | 2 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 |
| Нејасни | 4 | 1 | 5 | 6 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |

Не помалку важна е **визуелизацијата на анализираните прилози**, односно како таа „функционира“ во текстот, го нагласува или го минимизира штетниот наратив. Анализата покажува дека сите анализирани прилози се поткрепени најмалку со една фотографија, но има и прилози со повеќе фотографии. Во сите анализирани портали, најбројни се архивските (114 или 38,13 %) и актуелните фотографии (98 или 32,78 %), помал број се видеоизјави (21 или 7,02 %), а инцидентно графикони, па дури и колаж од повеќе фотографии и скриншот од објави на Фејсбук. Но, вон од професионалните новинарски стандарди речиси ниту една од фотографиите не е обележана, особено архивските, а спорадично само во неколку прилози може да се сретне името на фоторепортерот. Оттука, во анализата, посредно, врз основа на содржината на прилогот и нејзината жанровска форма се формира „сликата“ за визуелизацијата. За тоа има бројни примери: објава со исказ на политички субјект од дебатна емисија на телевизија со фотографија на истиот субјект пред седиштето на неговата партија; текст од фејсбук-објава на политички субјект со негова фотографија од собир на неговата партија или прес конференција; текст за реакција на политичка партија, а на фотографијата е лидерот/претставникот на партијата на прес-конференцијата, текст – соопштение на политичка партија за инцидент во Парламентот со фотографија од седиштето на партијата што го испратила соопштението.

## Доминантни штетни политички наративи

Анализата утврди **215 новинарски објави со штетни наративи**, а во нив дури 434 објави (зборови, реченици, формулации) кои најчесто содржат тврдења за корумпираност, непристрасност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (103 случаи), непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) како основа за обвинување на политички противници (91 случај), етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица (медиумски работници, граѓански активисти, политички противници, носители на јавни функции...) употреба на негативни зборови (61 случај) и директно или индиректно промовирање сопствени идеологии и активности како нешто што е во корист на народот, за разлика од активностите и идеологиите на политичките противници (58 случаи). Односно прилози со кои се поткопува довербата, пристрасно се селектира, се напаѓа и се демонизира одредена личност и се шири популизам, истите утврдени и во претходниот (октомвриски) мониторинг.



Забележителна е нивна „концентрација“ во говорите на политичките субјекти и нивните партиски соопштенија. Најмногу ги има во Курир и Република, портали кои предничат токму со овие две жанровски форми. Кај останатите онлајн-медиуми помалиот број прилози со штетни наративи е детерминиран, пред сè, од бројот на не/пренесени говори на политичките субјекти и соопштенијата на нивните партии.

Она што паѓа во очи е практиката за креирање повеќе објави од еден настан, на пример од прес-конференција, од интервју (и тоа за друг медиум), учество на политичките субјекти на дебатни емисии на одделни телевизиски станици. Жаргонски кажано, „штанцање“ – множење на информации, прилози, вести за еден настан, односно креирање прилози во кои одделно се издвојуваат прашање по прашање за кои зборува, дебатира конкретен политичар, пратеник, портпарол, член на одделна политичка партија (пред сè ВМРО-ДПМНЕ). На тој начин всушност, не само што дневното информирање на порталот се чини побогато во однос на останатите онлајн-медиуми туку и бројката на штетни наративи се „мултиплицира“, а со тоа и самиот медиум станува креатор на штетните наративи. Неколку карактеристични примери:

Порталот Курир во два прилози објавени на 4.11.2023 известува за ист настан, посета на Христијан Мицкоски на Општина Прилеп, во рамките на кампањата на ВМРО-ДПМНЕ „Важно е! Од тебе зависат промените“. *Прилозите: Мицкоски: Да не се прават комбинаторики, изборите да се спојат и да не се прави дополнителен трошок на буџетот и граѓаните и Мицкоски: Македонија е клекната на колена, потребно е Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ да има 61 пратеник се однесуваат на иста тема – претстојните претседателски и парламентарни избори. Или следните два прилози, објавени на 24.11.2023, со наслови: Митева: ДУИ кои се центар на криминалот се причината за иселување и на Албанците и на Македонците, предложивме укинување на техничката влада зашто се покажа како нефункционална и Митева: За состојбата во Македонија најдобро говори Извештајот на Европската комисија кој е најлош досега.* **Во прилозите се издвоени две прашања за кои говори портпаролката на ВМРО-ДПМНЕ, Марија Митева, во гостување во емисијата „Само вистина“ на телевизијата Канал 5.** Притоа, прилогот *Митева: За состојбата во Македонија најдобро говори Извештајот на Европската комисија кој е најлош досега* **на истиот ден, со ист наслов, но содржински скратен е објавен и во Вечер.мк.**

Порталот **Вечер.мк** користејќи го гостувањето на пратеникот Драган Ковачки од ВМРО-ДПМНЕ во емисијата „За или против“ на Алфа телевизија, „крои“ два прилога објавени на 20.11.2023. Едниот под наслов *Ковачки: Со СДС буџетот скоро се дуплира, а нема ниту една инвестиција, само аздисано ги трошат парите од граѓаните*, во кој тој зборува за изборите и извештајот на Брисел за Македонија, користејќи архаични зборови стилски обоени, турцизми (и во насловот и во текстот), за СДС како „аздисана“ политичка партија – или речнички „збесната, полудена“. Вториот прилог *Ковачки: Скандалот во Собранието е режиран од Џафери и Апасиев за да се направи дефокус од темата избори*, е поврзан со донесувањето на Деловникот на Собранието и поднесувањето на 1.500 амандмани на партијата Левица.

Порталот **Република** има објавено два прилози (20.11.2023), за ист настан, за инцидентот во Собранието предизвикан од партијата Левица при носењето на Деловникот за работа и неприфаќање на нивните повеќе од 2000 амандмани. Во првиот *Евтина драма на Левица во Собрание, споредни договорени улоги имаа Џафери и Мисовски* се опишува настанот и се апострофираат СДСМ-ДУИ-Левица како носители на овие инсценирани расправи и инциденти, но нејасно е кој е авторот, а во вториот, пократок прилог *Инсценирани инциденти на Левица од Апасиев кој заговараше „шамари, клоци и тупаници“ за Вељаноски,* но содржински речиси идентичен (особени во однос на коалицијата СДСМ-ДУИ-Левица и нивниот театар), јасно е назначено како реакција на ВМРО-ДПМНЕ.

**Во сите интернет портали, без оглед на бројот (поголем или помал) на прилози со штетни наративи, најчесто присутно е поткопувањето на довербата во институциите, а далеку зад него пристрасното селектирање, дезинформациите, нападите врз одредена личност, популизмот и поттикнувањето на поделби.** Табеларно, сликата е следна:

Табела 16. Застапеност на штетни наративи во објавите на онлајн-медиумите




| | МКД.мк | Тетова Сот | Нова ТВ | Алмакос | А1Он | Независен | Локално | Вечер МК | Република | Слободен Печат | Курир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дезинформации | | | 4 | 9 | | | 5 | 13 | 8 | 2 | 31 |
| Поткопување на довербата | 2 | 3 | 4 | 9 | 13 | 12 | 16 | 20 | 27 | 25 | 54 |
| Пристрасно селектирање | | | 6 | | 6 | 2 | | 10 | | 20 | 29 |
| Злонамерни информации | | | | | | | | | 1 | | |
| Напади на личност, демонизација | 1 | 4 | 5 | 5 | 5 | 2 | 3 | 2 | 11 | 8 | 17 |
| Говор на омраза | | 2 | | | | | | | | | 14 |
| Манипулативна аудиовизуел.медиумска | | | | | | | | | 1 | | 5 |
| Теории на заговор | | | | | | 1 | | | | 4 | 4 |
| Ширење паника, страв и несигурност | | | 1 | | 2 | 2 | | | 2 | 4 | 7 |
| Странско влијание | | | | | 3 | 3 | 1 | | 2 | 3 | 2 |
| Поттикнување поделби | | 2 | 1 | 5 | | 6 | 2 | 3 | 1 | 7 | 18 |
| Етноцентризам | | 6 | | | | | | | | 2 | |
| Екстремен патриотизам, национализам | | 2 | | | | 2 | | | | 5 | |
| Популизам | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 6 | 2 | 14 | 9 | 12 |

**Порталот Курир** кој е на врвот на листата со прилози со штетни наративи (41 прилог), најчесто, со 54 објави (реченици, пасуси, делови од текстови) се обидува да ја поткопа довербата во институциите, но доминира и со дезинформации (31 објава) и пристрасно селектирање (29 објави). Во соопштението на ВМРО-ДПМНЕ *„Пензионерите ќе го добијат тоа што го заслужуваат"* (објавен на 28.11.2023) во кое партијата „ветува" дека кога ќе дојде на власт линеарно ќе ги зголеми пензиите за 5.000 денари, а власта се дискредитира како „однародена", односно *ДУИ и СДС ги интересира само како да свртат уште некои милиони за себе, како да ги збогатат своите деца и внуци...* За власта како делегитимирана, ненародна, една од најнеспособните влади во историјата на Македонија заглавена во криминал и корупција, зборува и прилогот *ВМРО-ДПМНЕ: Рејтингот на Ковачевски и Пендаровски е како „црн петок" – со секоја нова изјава тој им паѓа за 20 %* (објавен на 24.11.2023). Соопштението (објавено и во Република), според насловот, би требало да се однесува на испитување на јавното мислење, но во содржината само со една реченица и без какви било податоци, се споменува дека *сите релевантни мерења на јавното мислење покажуваат дека СДС ја изгубиле поддршката од граѓаните.* Целиот текст е набројување на трагедии, сиромаштија, висока инфлација, урнисан стандард, економија која тоне, немање учебници, лекови, ниски пензии, донаторите на партиите на власт итн. за што главниот виновник е Владата. Во прилогот – партиското соопштение на ВМРО (од 20.11.2023) ***Ковачевски лока и лумпува 'окезен' во Белград со народни пари, дури народот му тоне во сиромаштија,*** се зборува за винската екскурзија на премиерот на сметка на граѓаните и  тој се омаловажува како личност, човек кој празни шишиња, лумпува, пие, пее и се забавува по кафеани, но никаде не се спомнува дека Ковачевски, заедно со српскиот и црногорскиот претседател присуствуваат на Саемот „Винска визија на отворен Балкан" во Србија. **Ова е еден од најексплицитните примери како се „мултиплицираат" штетните наративи пропагирани од политичките актери во медиумите:** истото соопштение на ВМРО ќе го објават и порталите Република и Вечер.мк, со истиот наслов и текст, но и бројни други портали, новински агенции и телевизии, нагласувајќи го неговото непримерно однесување. Ако кон тоа се додадат и агрегаторите за вести, бројките се уште поголеми:  за конкретниот случај на Грид.мк има 35 прилози, а на Тајм.мк - 19 прилози од разни медиуми. Тоа може да се каже и за другите прилози, но кај нив фреквентноста е далеку помала. Оттука и прашањето, кој е поводот овој настан да привлече толкаво внимание на медиумите, неговата актуелност, главниот актер – премиерот на државата или сензационалистичкиот наслов на првиот кој ја објавил информацијата кој потоа идентично се пресликува во другите медиуми.

**Република** е втора на листата (38 прилози) со 27 објави со кои се поткопува довербата во институциите, а следи популизмот. Во прилогот Дали *СДСМ ќе се откаже од „Псе јо" премиер?* (објавен на 24.11.2023) кратко, со неколку пасуси, се кажува дека ВМРО-ДПМНЕ е против технички премиер од редовите на ДУИ, каде партијата и нејзините функционери се оценети како „коруптивни, компромитирани, криминални", нешто што е нашироко познато, со зборовите *Кога ќе се спомне криминал и корупција и малите деца мислат на ДУИ. Партија која нема некомпромитиран функционер не може да биде партија која ќе даде премиер, па дури тоа да е за 100 дена.* Фотографијата во прилогот е од Скопското кале каде на ѕидот е испишан графит „pse jo" (албански – зошто да не). Или, прилогот *ВМРО-ДПМНЕ: На ДУИ и СДС поважни им се црните бизниси, отколку реформи, затоа извештајот на ЕУ е најлош во историјата"* во кој ВМРО-ДПМНЕ ги обвинува ДУИ и СДСМ за најлошиот извештај на ЕУ за напредокот на Македонија, квалификувајќи ги како „коруптивни ДУИ, СДС, Ковачевски, Ахмети и Груби". ВМРО-ДПМНЕ упатува уште повпечатливи квалификативи кон Владата „СДС и ДУИ" во прилогот (и во насловот и во текстот) *ВМРО-ДПМНЕ: Аферата „Диво месо" на Онкологија покажува постоење на канцер-мафија* (објавен на 4.11.2023). Според нив, „со Владата на СДС и ДУИ, криминалот и корупцијата се во сите пори на општеството", „канцер мафијата заработува на грбот на граѓаните" и „запрепастувачки е нивниот криминал и бездушност". Во овој случај, медиумот во целост и без оградување го презема наративот што го произведува политичкиот актер кој изобилува со негативни квалификации за политичките противници и генерализации.

**Во Вечер.мк**, покрај поткопување на довербата, присутни се и дезинформации и пристрасно селектирање. Во објава за прес-конференцијата на Миле Лефков, пратеник и член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ, *Во ДУИ нема неискомпромитиран и некриминализиран кадар за да биде технички премиер,* во насловот, текстот, и видеозаписот, неколкупати се повторува истиот штетен наратив за ДУИ како криминална и искомпромитирана партија, а се апострофираат и Артан Груби, Али Ахмети и Бујар Османи. Лефков изнесува дека „ДУИ со месеци е во епицентарот на сите криминални скандали кои ја тресат Македонија... Артан Груби и дуќаните на брат му, хотелите на Шапка и коцкарските закони е најкриминалниот политичар во Македонија... Бујар Османи кој сака да остане во ракавици е фатен како дава милионски тендери на партиски донатор на ДУИ. Семејството на Али Ахмети плива во бизниси и милионски зделки. ДУИ е партија која е поим на незаконско работење." (24.11.2023). Истата информација со речиси иста содржина ќе ја објави и А1он, но со поинаков наслов *Лефков: ВМРО-ДПМНЕ ќе се откаже од техничка влада, само ДУИ да нема технички премиер.*

**Во другите портали**, на пример, **Локално**, во прилогот *Муцунски: ВМРО-ДПМНЕ е против ДУИ да има претседател на техничката влада,* (објавен на 28.11.2023), интервју со градоначалникот на Аеродром, Тимчо Муцунски во „Тема на денот" на Сител телевизија, се цитираат или парафразираат (прераскажуваат) неговите, односно ставовите на ВМРО-ДПМНЕ за техничката влада и претстојните парламентарни и претседателски избори и каква би требало да биде идната влада. Се издвојуваат два цитати поврзани со политичките противници во кои Муцунски изнесува квалификативи за нив. За СДСМ (а во однос на извештајот на ЕК за напредокот на Македонија) дека по шест, седум години „апсолутни неуспеси, корупција, немање капацитет да испорача предвидливи мерки, туку базирано на неколку месечни политики" се обидува да создаде поделба во политичкиот систем. За ДУИ дека е политичка партија, односно нејзиното раководство во извршната власт е „извор на скандали и корупција", што е несоодветно да ја води идната власт, но оградувајќи се дека за сето тоа партијата (ВМРО-ДПМНЕ) е информирана од медиумите, истражувачките медиуми, онлајн-медиумите и различни граѓански организации. Впечатливо е што истото интервју (со ист наслов), односно делови од интервјуто, можат да се најдат на **интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ**, но во многу пократка форма и со изоставање на она што е речено за СДСМ. Или порталот **Курир**, кој, пренесувајќи делови од интервјуто со Тимчо Муцунски (со неколку пасуси), преку насловот *Муцунски: ДУИ како партија се извор на корупција,* самиот создава штетни наративи.

Порталот **А1он** во прилогот *Мицкоски: Последниот избор на судии во Апелација се грчевити обиди на власта да постави уште по некој партизиран судија или обвинител* (објавен на 16.11.2023), каде претсе-

дателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, на отворањето на Генералното собрание на подмладокот на Европската народна партија (ЕНП) во Скопје, коментирајќи го изборот на нови судии во Апелацискиот суд, изнесува силни, негативни зборови дека тоа е „октроирано обвинителство и судство" со поставување на партизирани судии и обвинители, односно со сила наметнати и недемократски донесени (што најчесто се употребува за закон или устав). Прилог за истиот настан има и **Слободен печат**, но со друг наслов *Мицкоски: Очаен извештај на ЕК и очаен обид за избор на судии власта да се спасува од криминалот,* во кој Мицкоски дава квалификација за власта како „криминална", додека содржински за изборот на судии во Апелацискиот суд се пренесени (парафразирани) неговите зборови дека тоа се последните обиди на власта да постави уште некој партизиран судија и обвинител мислејќи дека заедно со измените во Кривичниот законик ќе обезбедат амнестија и политичка неказнивост за сиот криминал и злодела што ги направија овие шест години.

**Независен** во прилогот *Опозицијата тврди: Во министерството на Груби со државни пари работат десет портали* (објавен на 24.11.2023), „Европскиот сојуз за промени" – коалиција на опозицискиот албански фронт – Демократско движење, Движењето Беса и Алтернатива, на прес-конференција ја информира јавноста за порталите на вицепремиерот Артан Груби сместени во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците. Ги нарекуваат „криминална организација" незамислива досега, но доказ за криминалот и корупцијата на Артан Груби и Али Ахмети кои се претворија во „рак на општеството" нема. На тоа се надоврзува и прилогот во **Република** со наднаслов *Албанската опозиција обвинува и наслов Во зградата на Министерството на Груби со државни пари работат десет портали* - содржински текстот е ист, но дополет со уште еден пасус - ***Сите знаеме дека Артан Груби го предводи Министерството за политички систем со кое раководи во медиумскиот центар, но никој не ни замислуваше дека ќе навлезе во вакви криминални димензии. Наместо да го користи министерството во интерес на граѓаните, тој го претвори во пропагандна машинерија преку која ги напаѓа политичките противници.*** Медиумот еднострано и во целост ги пренесува овие тврдења за корумпираност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност, изнесени од членовите на Европскиот сојуз за промени, без да понуди **нивна** верификација.

## Извештај за декември 2023 година

Мониторингот на онлајн-медиумите (реализиран во осум денови) **во декември утврди 207 прилози со штетни наративи.** Најголемиот број од нив, и овојпат, жанровски се пренесени соопштенија (официјален став, пред сè, од политичките партии) или 76 прилози (36,7 %), пренесен говор (најчесто делови) на политичар, односно 39 прилози (или 18,8 %), но и пренесени интервјуа, фејсбук-објави и прес-конференции на политичките субјекти, односно вкупно 43 прилози (или 20,8 %). **Тие заедно (158 прилози) сочинуваат 76,3 % од сите анализирани прилози со штетни наративи.** Вести и извештаи има далеку помалку, а анализи, коментари и интервјуа спорадично. Исто така, најголемиот број од овие прилози имаат прецизни извори (175 прилози), но најчесто тоа е **само еден извор (185 или 89,4 %) и медиумот еднострано консултирал само една страна (188 прилози или 90,8 %).** Псевдонастаните, партиските конференции за печат, изјавите на политичките актери најчесто се повод за објавување на прилозите (90 прилози), а дури потоа актуелните настани (45 прилози) и општествените случувања (44 прилози).

Многу мал е бројот на прилози/објави потпишани со име и презиме или иницијали на авторот/новинарот (само 9 или 4,3 %), наспроти **187 прилози (или 90,3 %) кои се без автор,** додека 11 прилози (5,3 %) се преземени од други портали (Телеграф), телевизиски станици (ТВ Шења, ТВ 21, Алсат М, ТВ Клан) и информативни агенции (МИА, МЕТА). Тематски, како и во претходните анализирани периоди, најзастапена е внатрешната политика (111 прилози или 53,6 % од сите анализирани), а далеку помалку надворешната политика, криминалот, корупцијата, економијата. Во фокусот на внатрешната политика се претстојните избори, интеграцијата на земјата во ЕУ, формирањето на техничката влада, локалната самоуправа. Мал е бројот, покрај главна, во прилозите да има и споредна тема, а таа, исто така, се однесува на внатрешната политика.

## Фреквентност на штетните наративи во онлајн-медиумите

Портали со најголем број прилози со штетни наративи, како и во претходно анализираниот период, се Република и Курир (со 41, односно 33 прилози), кои одвреме-невреме се менуваат на првото или второто место, па следат Вечер мк, А1он и Алмакос, а најмалку прилози со штетни наративи има во Слободен печат и Нова ТВ.

Табела 17. Прилози со штетни наративи




Жанровски, како константа, најчести се партиските соопштенија, пренесените говори на политичарите, нивните фејсбук-објави, интервјуа дадени за други медиуми и прес-конференциите. Најмногу пренесени соопштенија имаат Вечер (во 14 од вкупно 26 прилози), А1он (15 од вкупно 24 прилози), Курир (10 од вкупно 33 прилози) и МКД.мк (8 од вкупно 12 прилози). Во **Курир** речиси подеднакво се застапени партиските соопштенија (11 од вкупно 33 прилози), говорите на политичарите (10 од вкупно 33 прилози) и пренесените интервјуа, фејсбук-објави и прес-конференции на политичките субјекти (9 од вкупно 33 прилози), со што **севкупното информирање на овој портал за политичките актери (30 од вкупно анализирани 33 прилози) се 'потпира' исклучиво на пренесување/преземање соопштенија,** реакции, говори, интервјуа, дебати на актуелните политички субјекти, а најчесто **од партијата ВМРО-ДПМНЕ** и нејзините членови. И **Република**, освен за соопштенија (13 од вкупно 41 прилог), најмногу простор издвојува за пренесување на интервјуа, фејсбук-објави, конференции за печат (23 од вкупно 41 прилог), односно и таа доминантно е насочена на следење и информирање за активностите на политичките партии и нивните претседатели (**пред сè, ВМРО-ДПМНЕ**, нејзините членови, портпароли, пратеници, градоначалници). За споредба, во **порталот Локално** од вкупно 19 прилози со штетни наративи, речиси половината (8 прилози) се однесуваат на преземени интервјуа, прес-конференции на **партијата ВМРО-ДПМНЕ** и нејзиниот претседател (5 прилози), а останатите (3 прилози) на партијата СДСМ и нејзиниот претседател/премиер, додека кај **Курир** од вкупно 23 од овој тип прилози, сите без исклучок се од прес-конференции или преземени од интервјуа на ТВ-станици на членови, портпароли и пратеници на **ВМРО-ДПМНЕ**. Посебно се издвојува Алмакос со најмногу извештаи (15 од вкупно 22 прилози).

Табела 18. Прилози со штетни наративи според жанровска структура




| | Република | Курир | Вечер мк | А1он | Алмакос | Локално | МКДмк | Независен | Тетова сот | Слободен печат | Нова ТВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Друго | 24 | 9 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Интервју | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| Коментар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Анализа/коментар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Аналит. репор. прилог | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 |
| Извештај | 0 | 2 | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 2 |
| Вест/вест со изјава | 1 | 1 | 1 | 4 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Пренесено соопштение | 13 | 11 | 14 | 15 | 3 | 5 | 8 | 2 | 4 | 0 | 1 |
| Пренесен говор на политичар | 3 | 10 | 7 | 5 | 1 | 3 | 4 | 1 | 3 | 2 | 0 |

**Тематски**, во сите интернет-портали **доминира внатрешната политика,** а пред сè во Вечер мк и Република, но и во Курир и Алмакос. Дури и во порталите со најмал број прилози со штетни наративи, како Нова ТВ и Слободен печат, внатрешната политика е речиси исклучиво главна тема на интерес. Другите, како надворешната политика, криминалот или корупцијата се далеку помалку застапени, додека образованието, социјалната политика, а особено културата се речиси потполно занемарени. Политичките субјекти, а оттука и медиумите, најчесто со јавноста комуницираат и ја информираат за сè што се случува во сферата на внатрешната политика.

И овој месец, исто како и во претходно мониторираните (септември, октомври и ноември), **презентирањето на темите,** прашањата поврзани со внатрешната политика, без оглед дали се работи за ставови, изјави на политичките субјекти или за соопштенија, ставови, реакции на нивните политички партии, најчесто има стандарден формат. **Во насловите на прилозите, речиси редовно, најнапред е главниот актер (партијата или нејзиниот претседател, член, портпарол, пратеник) со една „ударна" реченица извлечена од неговиот/нејзиниот став, соопштение за одредено прашање, но и визуелно поткрепени најчесто со актуелна или архивска фотографија на главниот актер.** Потоа следи краток текст – содржина на темата, што вели, што истакнува, порачува актерот или политичката партија. Неретко, ваквите прилози се толку кратки (од два до три пасуси) што практично и немаат содржина, но она што е поважно и го привлекуваат вниманието на читателот, е токму сензационалистичкиот наслов (т.н. наслов - кликомамец) кој содржи штетен наратив. Но, она што е неспорно, на овој начин медиумот излегува од рамките на професионалното известување. Неколку примери:

- *Мицкоски: Подлизурковците од власта кога во исто време се додворуваат на меѓународната заедница, се утепуваат од крадење.* Прилог со извадоци од гостувањето на Христијан Мицкоски во емисијата '360 степени' на МТВ 1, составен од три кратки пасуси за криминалот, корупцијата и нефункционалноста на институциите во државата (**Вечер мк, 18.12.2023**). Ист прилог, со ист наслов и содржина и истиот ден е објавен и во онлајн-медиумот Република.
- *Здравковска: Катастрофа од најголеми размери, елементарна непогода од незапаметен вид – тоа е власта СДС со ДУИ,* со поднаслов Граѓаните уште прашуваат, дали во затворот има сериозни проблеми со дисциплината, а чести се дури и физички пресметки? На оној што го чита насловот и поднасловот веројатно не му е јасно за што се работи и мора да го прочита целиот текст (или да го проследи видеото), за да сфати дека тоа е прес-конференција на ВМРО-ДПМНЕ ОК Битола, упатена кон директорот („од СДС") на затворот во Битола, реновирањето на затворот, физичките пресметки во него и употребата и тргувањето со дрога. (**Курир, 2.12.2023**)

- *Митева: Криминалот на Ковачевски и Ахмети е причина за блокадата на Македонија во ЕУ.* Објава од прес-конференцијата на портпаролката на ВМРО-ДПМНЕ Марија Митева за *надворешната политика, криминалот и корупцијата на Ковачевски и Ахмети кои ја чинат Македонија нова блокада* (**Република, 18.12.2023**).
- *Преговори нема поради криминалот и корупцијата на овие бандити на власт.* Текст креиран врз основа на гостувањето на потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Александар Николовски, во емисијата 'КликПлус' на ТВ 21. Прилогот има само два пасуса за проблемот со владеењето на правото и корупцијата како причини зошто не се започнати преговорите со ЕУ (**Вечер мк, 14.12.2023**).
- *ВМРО-ДПМНЕ: Македонија нема напредок кон ЕУ поради отсуството на работа и криминалот.* Прилог кој нема никаква поврзаност со содржината на текстот, а всушност е реакција на ВМРО-ДПМНЕ на гостувањето на премиерот Ковачевски во емисијата 'Студио 10', со неколку кратки реченици, цитирани и парафразирани, за евроинтеграциите во ЕУ и блокадите на европскиот пат (**Локално, 18.12.2023**).
- СДСМ: Нов скандал ги тресе ДПМНЕ и Мицкоски, претседател на МК фатен со кокаин. Прилог, соопштение на СДСМ, составен од 7-8 сосем кратки реченици за соработник на градоначалникот на Охрид и на Мицкоски, приведен поради поседување предмети со кокаин (**извор, А1он. 10.12.2023**). Истиот прилог, на истиот ден, но со поинаков наслов *СДСМ: Близок соработник на Мицкоски фатен како шмрка кокаин во кафуле* го има објавено и **Локално**.
- *ВМРО-ДПМНЕ: Ковачевски не се откажува од техничка влада, грчевито се бори криминализираната ДУИ да има премиер.* Краток текст, составен од два пасуса, базирано на соопштение на ВМРО-ДПМНЕ за корумпираната власт и блокираните општини (**Република, 2.12.2023**).

Што се однесува на прашањето за **поводот за објавување** на овие информации, мониторингот утврди дека речиси половината од анализираните прилози со штетни наративи **се псевдонастани (90 прилози или 43,5 %)**, односно соопштенија за јавност, прес-конференции, изјави, реакции на политичките субјекти, планирани и креирани за да привлечат медиумско внимание и да обезбедат публицитет на Владата, партијата, политичкиот лидер, министерот, јавната личност. Кон оваа бројка треба да се додадат и гостувањата, интервјуата на политичките актери на други медиуми (пред сè, ТВ- станиците), односно 14 прилози (или 6,8 %) со што нивниот број се заокружува на 104 прилози, односно 50,3 % од сите анализирани прилози, што **јасно зборува за учеството на политичките субјекти во создавањето, 'дизајнирањето' на медиумските содржини со штетни наративи.** Дури потоа следат актуелните и актуелно планираните настани (56 прилози или 27,0 %) и општествените случувања (44 прилози или 21,3 %). Од анализираните онлајн-медиуми, псевдонастаните се најчести кај Република, Вечер.мк и Курир, што е разбирливо, бидејќи кај нив најголем е бројот на пренесени соопштенија на политичките субјекти, пренесени говори на политичарите, нивните фејсбук-објави, интервјуата дадени за други медиуми и прес-конференциите.

## Политичките актери во анализираните прилози

Политичките актери различно се застапени во прилозите со штетни наративи, а доминираат оние со два (во 55 прилози или 26,6 %), три (37 или 17,9 %) и четири (30 или 14,5 %) актери. Гледано по портали, посебно се издвојуваат Република, Курир и Вечер.мк. Во Курир сите анализирани прилози се со два актера, во Вечер.мк најголемиот број прилози се со еден актер (18 од вкупно 26), што е очекувано бидејќи кај нив најголем е бројот на прилози со пренесен говор на политичар и партиско соопштение, додека во Република доминираат прилози со три актери (15 прилози), но и со четири (9 прилози) и пет актери (8 прилози). Кај порталите со помал број анализирани прилози, на пример, во Локално и Мкд.мк најчесто има три актери, во А1он пет актери, во Алмакос четири.

Притоа, целата нарација/приказна се врти околу неколку видови актери, кои се индивидуални (кон лица) или пак колективни (кон групи или институции) кои одвреме-навреме ги менуваат местата на врвот на 'пирамидата', зависно, пред сè, од она што моментално е најактуелно на политичката сцена. Овој месец **најзастапени се колективните, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, Владата и ДУИ, а од индивидуалните: претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Мицкоски, премиерот Ковачевски и Министерот за внатрешни работи Спасовски** (пред сè, поврзано со истрагата за убиството на Вања Ѓорчевска и Панче Жежовски, осомничените и нивната партија). Медиумски најприсутна е партијата ВМРО-ДПМНЕ, преку бројните партиски соопштенија и прес-конференции, искази, интервјуа на неговите членови, пратеници, градоначалници. Не се употребуваат посебни атрибути за политичките актери, но востановена практика е ВМРО-ДПМНЕ да го пре/именува политичкиот противник СДСМ како „СДС" и обратно, СДСМ да го пре/именува политичкиот противник ВМРО-ДПМНЕ како „ДПМНЕ", занемарувајќи го фактот дека името (колективно или индивидуално) е суштинско обележје на неговиот идентитет. Ваквиот пристап е редовна практика во нивните партиски соопштенија, што пак пренесено во онлајн-сферата добива јавност.

Во однос на претставувањето на политичките актери, порталите имаат различен пристап, но сепак доминира нивното цитирање и зборување во контекст на темата. Од порталите со најголем број прилози со штетни наративи, Република и Вечер најчесто за актерите зборуваат во контекст на темата, а Курир речиси со подеднаква фреквентност ги цитира, парафразира и за актерите зборува во конктекст на темата. Тоа се однесува и на Алмакос и Тетова Сот. Во Локално и Независен најмногу за актерите се зборува во контекст на темата, но неретко и се цитираат, додека во А1он, Слободен печат и МКД.мк најчесто за актерите се зборува во контекст на темата. Притоа, порталите имаат различен пристап и оцена кон политичките актери. Кумулативно најбројни се негативните оцени од друг политички субјект, а новинарот најчесто има улога на „неутрален пренесувач". Конкретно, во Курир, новинарот најчесто е неутрален, а негативните оцени, упатени кон Владата на ДУИ и СДСМ, министерот Спасовски и СДСМ, се оставени за некој друг. Во Вечер.мк и Република нема оцени од новинарот, но доминираат негативните оцени упатени од некој друг, пред сè, за СДСМ, ДУИ, Владата, министерот Спасовски. Во Тетова Сот, новинарот повремено искажува неутрална оцена, а негативни даваат други, а се упатени кон СДСМ, ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ. Во Алмакос, новинарот најчесто има неутрален став, а оцените ги даваат други, најчесто негативни за ВМРО-ДПМНЕ, Владата, ДУИ и по некоја позитивна (повторно за Владата) или неутрална (за СДСМ). Во Локално и Независен, исто така, доминираат негативни оцени од друг субјект, упатени особено кон СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Во Слободен печат, нема оцени од новинарот и друг дава негативни оцени кон ВМРО-ДПМНЕ, во А1он негативните оцени се насочени кон власта на СДСМ и ДУИ, но и кон ВМРО-ДПМНЕ, а во МКД.мк, пред сè, кон СДСМ и ДУИ.

## Новинарски (не)професионализам

Заедничка карактеристика на сите анализирани онлајн-медиуми е едностраното информирање. **Дури во 188 прилози (или 90,8 %) од вкупно 207 мониторирани, порталите консултирале само една страна,** а инцидентно две или повеќе страни. **Тоа подеднакво се однесува како на порталите Република, Курир и Вечер.МК со најголем број прилози со штетни наративи така и на порталите со далеку помал број вакви прилози.** Дури, во Вечер МК (26 прилози) и Курир (33 прилози) сите анализирани прилози имаат само една страна, а истата слика е и во Мкд.мк (во 12 од вкупно 12 анализирани прилози) и Слободен печат (во 6 од сите 6 анализирани прилози). Исто така, и за очекување, а **пред сè поради доминацијата на двете 'хибридни' жанровски форми (пренесено соопштение и пренесен говор на политичар), порталите најчесто се потпираат на еден извор на информации. Такви се 185 прилози (или 89,4 %),** а во Курир, Вечер МК, А1он, Мкд.мк, Слободен печат еден и единствен извор е главниот актер. Ретки се примерите со два, три и повеќе извори, како Алмакос, Локално и Независен.

Табела 19. Број на извори според онлајн-медиум




| | Нова ТВ | Слободен печат | Тетова Сот | МКД.мк | Независен | Локално | Алмакос | А1он | Вечер МК | Курир | Република |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Еден | 3 | 6 | 8 | 12 | 6 | 13 | 15 | 24 | 26 | 33 | 39 |
| Два | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 5 | 6 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Три и повеќе | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Констатацијата е иста и кога станува збор за видот на изворот во анализираните прилози. Кај сите портали најбројни се прецизните извори на информации (175), а многу помалку има нејасни или непрецизни, како и друг медиум како извор (вкупно 46). Исклучок е Вечер МК, каде речиси рамномерно се распоредени нејасните, непрецизните и изворите од друг медиум, а најмалку има прецизни извори, како и Република, каде покрај најбројните прецизни извори повремено може да се забележи некој нејасен или непрецизен. Може да се забележи Слободен печат каде од 6 анализирани прилози со штетни наративи сите 6 имаат прецизен извор. Табеларно, сликата е следна:

Табела 20. Вид на извори според онлајн-медиуми




| | Нова ТВ | Слободен печат | Тетова Сот | МКД.мк | Независен | Локално | Алмакос | А1он | Вечер МК | Курир | Република |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нејасни | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 9 | 0 | 3 |
| Непрецизни | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 10 | 2 | 4 |
| Прецизни | 3 | 6 | 9 | 12 | 12 | 18 | 21 | 24 | 5 | 31 | 34 |
| Друг медиум | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11 | 0 | 0 |

Што се однесува до **визуелизацијата на анализираните прилози,** нема прилог кој не е поткрепен со фотографија (една или повеќе), видеоизјава или друг вид визуелен елемент. Во прилозите најчести се архивските (126) и актуелните фотографии (74), а потоа актуелните видеоизјави, пред сè од прес-конференции (30), а инцидентно графикони или дури и монтирани фотографии. Таков е примерот со текстот - *Мицкоски: Истрагата за Вања започна предоцна, имам сериозни информации за ова што го тврдам,* со фотографија, ‛компилација’ на неколку фотографии од местото на убиството, а во средината фотографијата на убиената Вања, настан за кој детално е информирана целата македонска јавност (Република, 6.12.2023). Тука фотографијата несомнено дополнително го засилува насловот и оној што го чита текстот ќе ги бара додатните информации за кои тврди Мицкоски. Но, во содржината нема ништо од тоа, за да ‛не се мешаат (Мицкоски

и партијата) и воопшто да не влијаат на процесот за да не бидат лошо сфатени', односно и насловот е манипулативен. Но, она што е поважно, а без оглед на техничките алатки кои за тоа стојат на располагање, монтажата или техничката манипулација со фотографиите во медиумската сфера е сериозна работа. Или, прилогот *КАДЕ ЖИВЕЕ ДИМИТАР КОВАЧЕВСКИ, во Македонија и Европа секако не. Вели: ИМАМЕ ОБВРСКИ КОН БУГАРИЈА...* (деловите од насловот напишани со големи букви се преземени така како што ги дал порталот), каде под насловот е фотографија на премиерот Ковачевски, технички манипулирана со додавање на мустаќи на неговото лице. Притоа, ниту кај овие две фотографии, ниту во **најголемиот број анализирани прилози, фотографиите не се обележани, со исклучок на Слободен печат, каде секоја фотографија е обележана, и Независен, каде повеќето се обележани, но има и необележани фотографии.**

## Доминантно штетни политички наративи

Бројката од **207 прилози со штетни наративи утврдена со анализата, а прецизирана со 339 објави (зборови, реченици, пасуси, формулации)** и во насловите и во текстовите на овие прилози, а споредена со претходните мониторирани месеци, недвосмислено зборува дека **ваквата политичка нарација е етаблирана и упорно егзистира во онлајн-медумите, а пред сè, во Република, Курир и Вечер.мк.** Таа, како и досега, е концентрирана на непроверени наоди (или наоди кои тешко можат да се проверат) како основа за обвинување на политички противници (110 случаи); тврдења за корумпираност, непристрасност/неочетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (72 случаи); етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица, употреба на негативни зборови (51 случај), како и зборови и формулации со кои се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздор помеѓу „ние“ и „вие“ (40 случаи). Односно, станува збор за прилози/објави со кои се поткопува довербата, пристрасно се селектира, се напаѓа и се оцрнува одредена личност, се шири популизам, се поттикнуваат поделби и се шири несигурност.

Во исто време, продолжува **практиката на умножување на еден прилог од еден настан (најчесто интервју или дебатна емисија) и негово 'препакување' во два или повеќе текстови** за одделни прашања за кои искажал став политичарот, пратеникот, претседателот на партијата... Тоа најчесто се забележува кај **Република, Курир, Вечер МК,** но понекогаш и кај порталите со помал број прилози со штетни наративи. Ваквиот пристап, сам по себе, како форма на информирање, овозможува слободен простор за мултиплицирање на штетните наративи, а во тој процес покрај политичкиот актер директно учествува и самиот медиум. Неколку карактеристични примери:

Порталот **Курир** во два прилози објавени на 2.12.2023 пренесува делови од интервјуто со член на ВМРО-ДПМНЕ, *Влатко Ѓорчев за „Тема на денот“ во дневникот на Сител телевизија. Во едниот прилог со наслов, Ѓорчев: Ние сакаме да се приклучиме во ЕУ, но ЕУ треба да каже дека е подготвена за проширување – доста беше отстапки, добрососедството треба да е обострано, зборува дека ВМРО-ДПМНЕ сака Македонија да се приклучи во ЕУ, но политиката на неразбраните трговци СДС и ДУИ е она што нè доведе во ситуација Македонија постојано да дава концесии на сметка на македонскиот народ. Во вториот текст со наслов Ѓорчев: СДС коси кубеа кога буџетот беше 3 милијарди, а тогаш ВМРО-ДПМНЕ градеше и инвестираше, сега е скоро 6 милијарди евра и ништо не е направено, само долгот се зголемува, има поднаслов Државата сега ни се празни, остануваме без младост, немаме економија, власта е корумпирана и мораме да направиме пресврт кој ќе ја сочува Македонија.*

Порталот **Вечер.мк,** користејќи го гостувањето на потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Владо Мисајловски во емисијата 'За или против' на телевизија Алфа, креира два текста објавени на 18.12.2023. Едниот со наслов *Мисајловски: Единствена партија која може да направи огромна победа и да добие 61 пратеник на претстојните парламентарни избори е ВМРО-ДПМНЕ, и вториот Мисајловски: Почеток за преговори со ЕУ нема поради криминалот и корупцијата на власта.* Изборот на овие два наслова, но и содржини, укажуваат на еднострано, тенденциозно и пристрасно селектирање информации, коишто се беспоговорно пренесени од политички актер.

Порталот **Локално**, во два прилози, објавени на 6.12.2023, ги 'сместува' изјавите на Христијан Мицкоски дадени во емисијата „Интервју на Шења" на ТВ Шења за истрагата за убиството на Вања Ѓорчевска и Панче Жежовски. Првиот е под наслов *Мицкоски: Поради неказнивост се случуваат ликови како Палчо,* каде тој зборува за навредите и говорот на омраза упатени кон него и неказнивоста на институциите, а вториот *Мицкоски: Истрагата за Вања започна предоцна,* со акцент на недостатоците во самата истрага. И двата прилога се мошне кратки. Притоа, во првиот прилог јасно е дека станува збор за преземени, пренесени ставови на Мицкоски од телевизиска емисија, а вториот всушност е соопштение од ВМРО-ДПМНЕ од истата телевизиска емисија. И токму тука е „стапицата": иако насловите на прилозите упатуваат на главниот актер во прикажаната, неговите ставови за одредено прашање/проблем, биле преземени од друг медиум или соопштени од неговата партија.

Во сите онлајн-медиуми, без оглед на бројот на прилози со штетни наративи, **најчесто е присутно поткопувањето на довербата во институциите, па следува – исто како и во претходно мониторираните месеци - пристрасното селектирање, како и нападите врз одредена личност и нејзино оцрнување.** Табеларно, сликата е следна:

Табела 21. Застапеност на штетни наративи во прилозите на онлајн-медиумите




| | Нова ТВ | Тетова Сот | Слободен Печат | МКД.мк | Локално | Алмакос | А1Он | Независен | Република | Вечер МК | Курир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дезинформации | 0 | 3 | 4 | 3 | 0 | 1 | 1 | 2 | 1 | 8 | 7 |
| Поттикнување поделби | 2 | 4 | 4 | 0 | 1 | 6 | 0 | 3 | 0 | 0 | 18 |
| Поткопување на довербата | 0 | 4 | 3 | 11 | 10 | 9 | 23 | 9 | 37 | 28 | 39 |
| Популизам | 0 | 2 | 2 | 2 | 1 | 4 | 0 | 5 | 5 | 0 | 9 |
| Пристрасно селектирање | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 9 | 11 | 9 | 1 | 17 | 11 |
| Напади на личност, демонизација | 1 | 0 | 2 | 2 | 8 | 4 | 1 | 3 | 13 | 6 | 11 |
| Манипулативна аудиовизуелна медиумска содржина | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| Странско влијание | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ширење паника, страв | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | 1 | 6 |
| Екстремен патриотизам, национализам | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| Говор на омраза | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 8 |
| Сексизам | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Теории на заговор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Етноцентризам | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Порталот **Република** е на врвот на листата со прилози со штетни наративи (41 прилог) и најчесто, со 37 објави (реченици, пасуси, делови од текстови) се обидува да ја поткопа довербата во институциите, а потоа следат нападите на одредена политичка личност (13 објави). На пример, во објавата *Мисајловски: Постојано разговараме со граѓаните, она што им е најпотребно ќе го има во програмата на ВМРО-ДПМНЕ,* со преземени делови од гостувањето на потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Владо Мисајловски на МРТ 1, каде тој наспроти фалбите за својата партија која отсекогаш била 'бренд за проекти' и она што ќе го вети, го исполнува, СДСМ се напаѓа дека ветува, но ништо не прави и *по седум години видовме дека се неспособни и дека е време да си заминат* (Република, 26.12.2023). **Истиот прилог, со ист наслов и текст и на ист ден го има објавено и Курир и бројни други портали.** За власта како 'додворувач на меѓународната заедница која краде и прави зло на сопствената држава во името на Европа', зборува Христијан Мицкоски во објавата *Мицкоски: Подлизурковците од власта кога во исто време се додворуваат на меѓународната заедница.* Од целото интервју од гостувањето на Мицкоски во емисијата „360 степени" на МТВ 1, всушност е преземен само еден краток пасус со истите зборови од насловот (Република, 18.12.2023).

Порталот **Курир** е втор на листата (со 33 прилози со штетни наративи) и има најмногу објави со кои се поткопува довербата во институциите (39 објави), но има и најмногу објави (во однос на сите анализирани портали) со кои се поттикнуваат поделби во општеството (18 објави), а неретко е присутно пристрасно селектирање (11 објави) и напади на одредена политичка личност (11 објави). Во текстот *Македонија не ги отпочна преговорите не заради ВМРО-ДПМНЕ, туку поради криминалот и корупцијата во власта,* во соопштението-реакцијата на ВМРО-ДПМНЕ на премиерот Ковачевски за неотпочнувањето на преговорите за членство во ЕУ, со неколку кратки пасуси, вината ја насочува на власта, на *епидемијата од корупција, неказнетиот криминал, ширењето на бизнисите на Ковачевски и неговиот кум, случувањата во судството и обвинителството за што виновни се СДСМ и ДУИ* (извор, Курир, 14.12.2023). Или, прилогот *Лефков: Во Македонија основниот проблем е криминалот, а тој метастазира со помош на оваа власт,* со преземени искази на Миле Лефков, пратеник од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, од поткаст на радио „Лидер", каде истакнува дека имаме Влада и постава која не само што не успева (неспособна) да се спаси од криминалот туку предизвикува негово метастазирање (Курир, 6.12.2023).

Во **Вечер.мк,** доминира поткопување на довербата во институциите (28 објави) и пристрасното селектирање (18 објави). Во прилогот *Сликата на оваа власт се тендери во 4 очи, криминал, корупција,* партиско соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, каде владата е окарактеризирана како *неспособна и арогантна влада на ДУИ, со подизведувач СДС, која веќе 8 години ја турка земјата во провалија* (извор, Вечер мк, 6.12.2023). Или, прилогот *Преговори нема заради криминалот и корупцијата на овие бандити на власт,* во кој се цитираат делови од изјавата на потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Александар Николовски во емисија „КликПлус" на ТВ 21, каде тој искажува гордост што ги *извадиле на виделина овие бандити на власт* и дека причината зошто не се почнати преговорите не е Бугарија, ниту уставните измени, туку проблемот со владеењето на правото (извор, Вечер.мк, 14.12.2023). Уште повпечатлив е прилогот *Слугата Ковачевски ќе стане ЗА ДА СЕДНЕ СТОПАНОТ ОД ДУИ, ТАЛАТ* (каде вториот дел од насловот е со големи букви), партиско соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, каде уште во насловот им се 'делат' епитети на двајцата главни актери во прилогот како слуга и стопан. Понатаму во текстот, и двајцата се дезертери, а на крај ги оквалификува и нивните партии како 'дувло на криминал', кои од премиерското место направиле фотелја за поткусурување, а од државата заложник на партиските пазарења (Вечер.мк, 10.12.2023).

**Во другите портали,** на пример, **А1он,** во прилогот – соопштението на ВМРО-ДПМНЕ, *ВМРО-ДПМНЕ: Епидемијата на корупцијата однела 500 милиони долари, се посочува дека Македонија тоне во криминал, а тоа го прави врвот на власта и директно се посочуваат МВР, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, УЈП, Управата за финансиско разузнавање кои 7 години ги водат структури на СДС и ДУИ и 7 години владее неказнивост.* Од друга страна, порталот го пренесува и соопштението на СДСМ, *СДСМ: ДПМНЕ е гнездо и засолниште на дилери со дрога, тие се опасност за децата,* со сериозни обвинувања (во два кратки пасуси) кон партијата и Мицкоски нарекувајќи ги *'засолниште на дилери на дрога'* (А1он, 14.12.2023). Или, објавата во **МКД.мк**, *ВМРО-ДПМНЕ: Оваа власт ќе биде убедливо поразена, поради криминалот, корупцијата, поразите,* е целосно преземено соопштение на партијата со неколку реченици во кое се зборува за спојување на парламентарните и претседателските избори. Се вели дека сликата на оваа власт се *тендери во четири очи, криминал, црни листи, корупција од најниско до највисоко ниво, урнисана економија, сиромаштија и огромна инфлација* (МКД.мк, 6.12.2023).

Порталот **Локално** во прилогот *Ковачевски: Денес и вчера во Брисел ни се повтори Букурешт 2008* година (без наведен автор), каде со неколку кратки пасуси се цитира и парафразира премиерот Ковачевски од самитот на Европската Унија – Западен Балкан од Брисел посветен на проширувањето на ЕУ, порачувајќи пред присутните новинари дека единствен кочничар на земјава на тој план *е анти-ЕУ и анти-НАТО и проруската коалиција ВМРО-ДПМНЕ и Левица* (Локално, 14.12.2023). Ваквите обвинувања, етикетирања и напади на овие две партии, иако јавно никогаш не се произнеле дека се против членство во ЕУ, ќе ги сретнеме во бројни други медиуми и портали. Така, порталот **Слободен печат,** уште во насловот на прилогот Ковачевски: *Местото ни е во ЕУ и од тој процес не отстапуваме, ВМРО-ДПМНЕ и Левица се најголеми кочничари на државата* (со иницијали на авторот) се посочува на кочничарите на

европскиот пат, а во текстот Ковачевски дообјаснува дека се работи за два блока, едниот кој се залага за интеграција на државата во ЕУ и вториот кој денес работи против интеграцијата во ЕУ, а претходно работеше против интеграцијата на земјата во НАТО. Никаде не се споменува анти-ЕУ и анти-НАТО и проруската коалиција ВМРО-ДПМНЕ и Левица (Слободен печат, 14.12.2023). Во порталот **Независен** за истиот настан насловот е *Доста беше со залажувања: Ковачевски за можната промена на преговарачката рамка* (изворот е МИА) со поднаслов *Премиерот од Брисел изјави дека да не беше блокадата на ВМРО-ДПМНЕ и Левица Македонија веќе ќе беше на европската магистрала,* навестува, а подоцна на прес-конференцијата и јасно кажува дека *единствен кочничар на државата е анти-ЕУ и анти-НАТО и проруската коалиција ВМРО-ДПМНЕ и Левица* (Независен, 14.12.2023).

## 2.2. Извештај за мониторинг на известувањето на ТВ-станиците за политичките актери




Во ноември се анализирани централните вести на 9 ТВ-станици на национално ниво во следните денови: 4, 8, 12, 16, 20, 24, и 28 ноември (вкупно 7 денови).

### Извештај за ноември 2023

Во **ноември се забележани вкупно 69 прилози кои содржеле еден или повеќе штетни наративи.** Оваа бројка не отскокнува многу од анализата за месец октомври кога беа идентификувани 66 вакви прилози. За разлика од октомври, кога повеќе од половината прилози со штетни наративи (34 или 51,5 %) беа регистрирани кај ТВ Алфа, распределбата на прилозите во ноември е многу побалансирана. Па така, кај ТВ Алфа се забележани 16 прилози со штетни наративи (23,2 %), кај МТВ 1 вкупно 12 (17,4 %), кај МТВ 2 се регистрирани 11 (15,9 %), кај ТВ 21 вкупно 10 (14,5 %), кај Канал 5 ТВ има 8 (11,6 %), додека кај ТВ Сител, ТВ Телма и ТВ Алсат М по 4 прилози со штетни наративи (5,8 % за секоја од наведените).

Исто така, се забележува и рамномерна распределеност по денови, односно ниту еден ден не отскокнува премногу по бројот на прилози со штетни наративи. Најмногу вакви прилози се регистрирани на 8 ноември (14 прилози или 20,3 %), потоа 28 ноември со 12 прилози (или 17,4 %) односно Денот на албанската азбука, додека на 4 и 20 ноември се регистрирани по 10 прилози (или 20,3 %) итн.

Од регистрираните прилози со штетни наративи, најголем број или 31 прилог (44,9 %) припаѓаат на **жанрот** ТВ-извештај, додека 11 (15,9 %) на аналитичко-репортажниот жанр.

Табела 22. Приказ на ТВ-прилози со штетни наративи по жанрови




Тоа што е впечатливо е дека е мошне **голем бројот на прилози во кои само се пренесува говор на политичар или е пренесено партиско соопштение (вкупно 13 вакви прилози или 18,8 %).** Оваа медиумска аномалија која е покарактеристична за другите медиуми (пред сè онлајн-медиумите) нема многу заедничко со професионалните новинарски стандарди. Пренесување говори или соопштенија на политички актери, а чија содржина изобилува со наводи за корупција, непрофесионално работење и дискредитација на политички противници, без притоа да се анализира нивната содржина, да се верификува таквото тврдење, или да се претстави и другата страна, е одлика на тенденциозно и непрофесионално новинарство. Дополнително, со таквата практика, медиумскиот простор се препушта на политичките партии за непречено претставување на сопствената агенда и ширење на нивната идеологија.

Повеќе од половината или 41 од вкупно 69 прилози се најавени на почетокот на вестите, што е индикатор дека ваквите прилози мошне често биле издвоени како најважните во денот. Во вкупно 14 прилози, штетниот наратив се појавува и во најавата на самиот прилог.

## Теми, актери и извори на прилозите со штетен наратив

Внатрешната политика, исто како и претходните месеци (септември и октомври) повторно е плодна почва за ширење на штетните наративи: речиси 2/3 (44 или 63,8 %) се од домашните случувања. Втора по ред е економијата (7 прилози или 10,1 %), па следат здравство, правосудство и надворешна политика со по 4 прилози итн. Најчести се темите поврзани со ЕУ-интеграциите и извештајот на Европската комисија, случувањата на Клиниката за радиотерапија и онкологија и работата на собраниската анкетна комисија за овој случај, како и изборите и формирањето на техничката влада.

**Актерите** кои доминираат во овие прилози, но и генерално добиваат најголем простор во првите минути од ударните термини за вести на ТВ-станиците, **им припаѓаат на најголемите три политички партии: СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.** Тие се или нивните претседатели, гласноговорници, портпароли или министри и пратеници од нивните редови. Мониторингот покажа дека тие најчесто сеословувани со нивните официјални функции, па во овој месец не се забележани фреквентни појави на навредливи или пејоративни имиња за актерите.

Интересен за анализа е начинот на кој **ТВ Алфа,** телевизијата со најмногу прилози со штетни наративи (16) ги претставува актерите во вестите. Многу често како **прв актер во вестите на ТВ Алфа е наведен Христијан Мицкоски,** претседателот на ВМРО-ДПМНЕ (во 5 од 16 прилози). Тој тука најчесто е именуван како „лидер“, „лидер на опозицијата“ или „лидер на партијата“: *Лидерот Христијан Миц-*

*коски ги обвини двете владејачки партии дека се против повисок стандард на пензионерите затоа што за нив единствено се важни само неколкумина од нивната политичка елита.* (Најава за прилог, ТВ Алфа, 28 ноември, 2023). **Премиерот Ковачевски во анализираните прилози на ТВ Алфа, многу почесто се јавува како втор актер** и е често во релација со партијата СДСМ, поретко како премиер на Владата, но најчесто персонифициран како власт. Интересен е случајот со **ДУИ**, која во прилозите на ТВ Алфа често се нарекува **„партијата на Ахмети“**, што не е случај на пример со СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Ваквиот начин на „доделување сопственииштво“ на партискиот претседател врз партијата со која претседава, алудира на автократија, односно на непостоење внатрепартиска демократија во партијата, чии одлуки, според медиумот, зависат само од нејзиниот лидер. *Иако партијата на Ахмети е таа која крена врева за случајот, премиерот покажа кон Касами, немал со што да се пофали во Тетово, па затоа сега провоцирал.* (Најава за прилог, ТВ Алфа, 20 ноември, 2023).

Најчесто, односот на новинарот кон актерите е неутрален (ТВ Телма, ТВ Канал 5, ТВ Сител), но имаме и случаи кога новинарот има позитивен однос кон првиот актер, а негативен кон вториот или третиот (ТВ Алсат М). Повторно, специфичен е случајот со ТВ Алфа, каде недостасува неутралност, односно изразен е негативен однос на новинарот доколку актерот припаѓа на владејачките структури или на владини и јавни институции. Па така, на 9 места новинарот или водителот на вестите на Алфа има негативен однос кон актери кои на некој начин ја симболизираат Владата или владејачките структури (власта, Владата, премиерот Ковачевски, СДСМ, ДУИ итн.). Во најавата за прилогот на 20 ноември, новинарот вели: *А премиерот кој треба да е прв меѓу еднаквите почитувачи на законските прописи не гледа проблем што владината кампања за ЕУ ќе влезе во периодот со распишани избори за претседател што претставува своевидна злоупотреба на народните пари.* (Најава за прилог, ТВ Алфа, 20 ноември, 2023). Овој однос на фаворизирање, навивачко новинарство и необјективност, веќе го предочивме во извештајот за месец октомври и септември. Ваквата практика е спротивна на членот 14 од Етичкиот кодекс на новинарите каде стои дека *известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти* [24].

Кога зборуваме за **балансирано и непристрасно известување,** мошне важно е и какви извори користат новинарите при информирањето. Анализата за месец ноември ни покажува дека **во 29 (42 %) од вкупно 69 прилози во кои е идентификуван штетен наратив, има само еден или нема ниту еден извор** (новинарот се јавува како извор), 18 прилози (26,1 %) имаат 2 извора, додека само 22 (31,9 %) имаат 3 или повеќе извори. Од ваквата слика излегуваат само прилозите на ТВ Телма и ТВ 21, кои во најголем број случаи се со 3 или повеќе извори. Од друга страна, прилозите на Алсат М, Сител, Канал 5, а особено на ТВ Алфа се најчесто со еден извор. Анализираните прилози на ТВ Алфа, покажуваат дека во вкупно 13 од 16 случаи, имало или еден извор или воопшто не биле консултирани никакви извори. Овие прилози се коментари на новинарот или уредникот, кои ги анализираат политичките случувања без притоа да консултираат некакви извори.

24 Кодекс на новинарите на Македонија: https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

Табела 23: Приказ на број на извори во ТВ-прилозите со штетен наратив




| | Алсат М | Телма | Сител | Канал 5 | ТВ21 | МТВ2 | МТВ1 | Алфа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 3 | 0 | 2 | 3 | 3 | 2 | 3 | 10 |
| 2 | 1 | 1 | 1 | 3 | 0 | 6 | 5 | 1 |
| 3 и повеќе | 0 | 3 | 1 | 2 | 7 | 3 | 4 | 2 |
| Нема извори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |

Во истата насока е и **претставувањето на различните страни** во прилогот, односно колку сите засегнати страни добиваат можност да бидат претставени и да ја прикажат својата страна од приказната. Слично како и со употребата на изворите, и тука е доста очигледно дека барем овие прилози во кои сме регистрирале штетни наративи се **доминантно еднострани (32 прилога или 46,4 %),** додека во 17 случаи (24,6 %) прикажуваат две страни и во исто толку (17 прилози или 24,6 %) повеќе страни од приказната. Едностраноста не е случај само за ТВ Телма и ТВ 21, каде најмногубројни се прилозите со повеќе страни, додека во сите останати има или само една или најмногу две страни. Кај МТВ 1 од вкупно 12 прилози, дури 5 вклучиле само една страна, а во 7 има две или повеќе страни. Слично е и со МТВ 2, каде 4 од прилозите се со една страна, а 5 со две. Повторно, случајот на ТВ Алфа е карактеристичен, затоа што дури 10 прилози се со само една страна, додека во само 2 случаи новинарот консултирал повеќе од две страни во својот прилог.

Табела 24. Приказ на застапеност на страната на изворите во прилозите кои имаат штетни наративи




| | Алсат М | Телма | Сител | Канал 5 | ТВ21 | МТВ2 | МТВ1 | Алфа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Само една страна | 3 | 1 | 2 | 3 | 4 | 4 | 5 | 10 |
| Две страни | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 5 | 4 | 1 |
| Повеќе страни | 0 | 2 | 1 | 2 | 5 | 2 | 3 | 2 |

Ваквиот тип пристрасно известување, во кое не е дадена можност на сите страни да ја претставaт својата верзија од настанот, може да го доведе гледачот до нецелосни, погрешни и еднострани гледишта и заклучоци. Кога зборуваме за прилози во кои еден од актерите произведува штетни наративи, навредува или наклеветува некого од таборот на политичкиот противник, обврска на новинарот и медиумот е да ја консултира и другата страна, односно да ги понуди сите гледишта.

> *Новинарите имаат обврска да понудат широк спектар на гледишта и перспективи во соодветна временска рамка во ТВ или во радиопрограмата или во серија текстови во печатените или во онлајн-медиумите, на тој начин што ниту едно значајно гледиште или перспектива намерно да не се избегнува или да не биде соодветно претставено*[25]

## Повод за прилозите со штетни наративи

Општествените случувања (28 прилози или 40,6 %) и актуелните настани (20 прилози или 29 %) се најчестите поводи за вкупно 69 прилози во кои се регистрирани штетни наративи во ноември. На трето место се псевдонастаните (14 прилози или 20,3 %), кои се настани креирани без никаков друг повод освен да генерираат медиумско внимание и публицитет. Најмногу ТВ Алфа (6 прилози), а потоа и МТВ 2 (3 прилози) и ТВ 21 (2 прилога) се оние кои им овозможиле на политичките актери, преку ваквите псевдонастани, да дојдат до медиумски простор за непречено да ги промовираат своите ставови, но во овој случај и да ги напаѓаат своите политички ривали.

## Најчести штетни наративи

Во месец ноември најчести се прилозите кои содржат **тврдења за корумпираност, неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (32 случаи), додека на второ место се прилозите поврзани со непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) кои се користат како основа за обвинување на политички противници (вкупно 29 случаи).**

25 Извадок од *Прирачник* за јавен интерес во новинарството, Скопје, 2016 година.

Табела 25. Приказ на застапеност на индикатори за штетни наративи во ТВ-прилозите




Потоа следат случаите во кои се употребуваат **зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас/ние/нашето и вас/вие/вашето (14) и прилозите поврзани со етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица и употребата на негативни зборови (13).** Може уште да се споменат и прилозите поврзани со намерно непренесување на целосната слика за „настанот“ и намерно изоставање информации што ја побиваат позицијата на тој што

ги изнесува (8), додека останатите прилози се среќаваат во помал број[26]. *ДПМНЕ и Мизрахи покажаа дека нивната цел со Комисијата воопшто не била вистината, не била грижата за пациентите. Немале намера нешто да преземат, освен политички да ја злоупотребуваат Комисијата за ширење лаги и невистини и манипулација на граѓаните. Јавноста и ние пратениците се сомневаме дека намерата на ДПМНЕ е да ја опструира истрагата на надлежните институции и истата да ја попречува – изјавува пратеничката на СДСМ.* (ТВ Телма, 28 ноември, 2023)

Овој тип прилози се заслужни за креирање и промовирање на различни типови штетни наративи. На прво место е поткопување на довербата во системот, институциите или политичките актери (58 случаи), потоа пристрасно селектирање (22), дезинформации (15), напади на одредени личности и нивна демонизација (14), поттикнување поделби (14); популизам (6); ширење паника и страв (3), говор на омраза (3), манипулирање со аудио-визуелна содржина (2) итн.

Табела 26. Приказ на поврзаност на индикаторите со штетните наративи во сите објави за сите телевизии

| Индикатор | Вкупен број на објави каде е присутен индикаторот | Дезинформации | Поткопување на довербата | Пристрасно селектирање | Напади на личност, демонизација | Говор на омраза | Манипулатицна аудио-визуелна содржина | Поттикнување поделби | Ширење паника, страв и несигурност | Етноцентризам | Екстремен патриотизам национализам | Популизам |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 32 | 7 | 31 | 6 | | | | | | | | |
| 2 | 29 | 8 | 25 | 9 | | | | | | | | |
| 4 | 13 | | | | 13 | | | | | | | |
| 5 | 3 | | | | | 3 | | | | | | |
| 6 | 8 | | 2 | 7 | | | 1 | | | | | |
| 9 | 14 | | | | | | | 14 | 2 | | | |
| 12 | 2 | | | | | | | | | 2 | 1 | |
| 13 | 2 | | | | 1 | | 1 | | 1 | | | |
| 14 | 6 | | | | | | | | | | | 6 |
| **Ранг** | | **III** | **I** | **II** | **IV** | **VI** | **VII** | **IV** | **VI** | **VII** | **VIII** | **V** |

Во анализата за ноември, повторно е утврдена хетерогеност кај медиумите кога се работи за тоа **кој е одговорен за креирање на штетниот наратив.** Кај најголемиот број медиуми, со исклучок на ТВ Алфа, **одговорни за креирање на штетниот наратив се политичарите,** додека новинарите или го пренесуваат без каква и да е интервенција или (доста ретко) го истакнуваат, но не заземаат никаков став. **Во случајот на ТВ Алфа, констатиравме дека од 16 прилози, во кои се јавуваат вкупно 23 штетни наративи, новинарот бил одговорен за креирање на дури 9 од нив, додека политичкиот актер на 14.** Вакви случаи гледаме уште и кај МТВ 2, каде новинарот бил одговорен за креирање на штетните наративи во два случаи.

26 Треба да се има предвид дека еден прилог може да содржи повеќе од еден индикатор за произведување различни штетни наративи, па затоа бројот на индикатори за штетни наративи е поголем од вкупно 69-те регистрирани прилози.

Немањето професионална дистанца, фаворизирањето одредени политички субјекти на сметка на политичките опоненти се коси со етичките стандарди на професијата и е во спротивност со професионалното новинарство. Еден таков пример е и прилогот објавен на 28 ноември, во кој новинарот ги коментира економските мерки на Владата нарекувајќи ги поткуп за граѓаните:

*Мерки за предизборен поткуп на граѓаните. На шест месеци пред соочување со граѓаните Владата најавува помош за младите, пензионерите, земјоделците, социјално ранливите категории, компаниите. Ова следува откако со месеци е на нозе речиси цела Македонија, и се протестира речиси секој ден. Помошта владата ја спакува во сет од 26 антикризни мерки, но повеќе од симптоматично е тоа што сето ова го прави на само неколку месеци пред изборите и во момент кога рејтингот - е во вртоглав пад.* (**ТВ Алфа, 28 ноември, 2023**)

## МТВ 1

Во вкупно 12-те „штетни" прилози кои се регистриани во вестите на МТВ 1, најчесто се забележуваат штетните наративи: поткопување на довербата (8) и пристрасно селектирање (4). Во овие прилози новинарот не бил тој што ги креирал штетните наративи, туку само ги пренесувал. Во овие прилози најчесто среќаваме или непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) (6) или тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност и злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (5). Еден пример во кој може да видиме како се оцрнува политичкиот опонент е изјавата на СДСМ кој ја обвинува опозицијата дека државата стагнира во ЕУ-интеграциите токму поради нив, а тоа е и потврдено со извештајот на Европската комисија: *„Извештајот на Европската комисија ги потврди фактите, ДПМНЕ, Мицкоски и Левица се кочничари на напредокот кон ЕУ. Клучниот проблем за извештајот на Европската комисија и забелешките во него е тоа што Собранието е блокирано од страна на опозицијата.* (**МТВ 1, 8 ноември, 2023**)

Ваквиот тип изјави, каде политичките актери се обвинуваат меѓусебно за различните проблеми во општеството *(кочничари на напредокот кон ЕУ)*, произведуваат сериозни поделби и сè поголема поларизација по политички линии и идеологии. Медиумите во ваквите случаи треба да бидат исклучително внимателни како ги пренесуваат изјавите, речникот и терминологијата што се користат и како тие ќе им бидат презентирани на гледачите, како и да избегнуваат сензационализми и лажен ексклузивитет на информациите.

## МТВ 2

Слично како и МТВ 1, во вкупно 11-те прилози на МТВ 2 најчесто забележуваме непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) (5) или тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност и злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (4), како и оцрнување одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори (2). Најчестите типови штетни наративи кои се формираат во ваквиот тип прилози се поткопување на довербата (во 8 случаи), но и дезинформации (7), што е една од спецификите на анализата на овој медиум.

Еден таков пример е пренесената изјава на политичката партија БЕСА, која во меѓусебните обвинувања со политичките опоненти користи популизам, обвинувања без докази, но и дезинформации:

*Му велиме на Ковачевски дека Општина Тетово реализираше 10 пати повеќе проекти отколку сите општини на СДСМ заедно[...] Има докази дека СДСМ - ја дал градежната парцела на црквата, додека ДУИ ја издала дозволата за градба. Последниот доказ за тоа е дека Ковачевски го прослави поставувањето на крстот со Вучиќ во Белград пиејќи вино и пеејќи српски песни.* (**МТВ 2, 20 ноември, 2023**)

## ТВ Алфа

Во анализираните денови во ноември на вестите на ТВ Алфа беа прилозите кои содржат тврдења за корумпираност, неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (8 случаи) и прилозите поврзани со непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) кои се користат како основа за обвинување на политички противници (вкупно 6 случаи), а на трето место прилозите поврзани со етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица и употребата на негативни зборови (3 случаи). Ваквите прилози биле одговорни за креирање штетни наративи како поткопување на довербата (15), пристрасно селектирање (6), напади на личноста и демонизација (4) итн.

Во прилогот од 28 ноември, новинарот ја пренесува целата изјава на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, при што не зазема став, но штетниот наратив е засилен со повторување на клучните зборови **„криминализираат“, „неспособни“ „естрада“** во најавата на веста: *Тоа е процес којшто повторно отвора сомнеж за криминал и корупција, но како и да е, тоа што требаше да биде еден добар, убав настан на којшто ќе бидат присутни светски државници, тие, за жал поради својата неспособност и желба да се* ***криминализираат*** *и се криминализирани од поодамна, го претворија навистина во* ***естрада*** *и навистина жалам што имаме уште кратко време работа со ваков тип* ***неспособни*** *луѓе коишто се дел од Македонската влада.“* (**ТВ Алфа, 28 ноември, 2023**). Овој типичен пример за „демонизација на политичкиот противник“ преку етикетирање и употреба на навредливи зборови (криминалци, неспособни), но и целосно непочитување на политичките опоненти, креира токсична политичка атмосфера, која се интензивира како што се наближуваат изборите.

Сличен пример гледаме во уште еден прилог од истиот ден, 28 ноември, каде претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Х. Мицкоски, употребува зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас/ние/нашето и вас/вие/вашето. Вообичаено, ние/нашето е добро, позитивно и пожелно, а вие/вашето е лошо, негативно и непожелно. *СДСМ и ДУИ се политички партии коишто прераснаа во една политичка елита и ги интересираат интересите само на неколкумина коишто се дел од таа политичка елита, односно да бидам попрецизен, само врхушката на таа политичка елита.* (**ТВ Алфа, 28 ноември, 2023**) Медиумот/новинарот не се потрудил да подготви новинарски прилог од изјавата на политичкиот актер, да ја понуди и другата страна или да пронајде и други извори за темата, туку го пренесува говорот како во платена политичка програма, овозможувајќи ѝ на оваа политичка опција слободна платформа за пренесување на сопствените ставови и агенди, без никакви пречки. Дополнително, штетниот наратив се засилува во најавата на прилогот, каде се повторуваат и нагласуваат главните зборови кои се дел од ваквиот наратив: *Лидерот Христијан Мицкоски ги обвини двете владејачки партии дека се против повисок стандард на пензионерите затоа што за нив единствено се важни само неколкумина од нивната политичка елита.* (**ТВ Алфа, 28 ноември, 2023**)

За **ТВ Алфа специфично е дека во месец ноември новинарот е тој кој го креира штетниот наратив.** Анализата покажа дека од 16 прилози, во кои се јавуваат вкупно 23 штетни наративи, новинарот бил одговорен за креирање на дури 9 од нив. Таков пример е и прилогот од 20 ноември, во кој новинарот е тој кој ги коментира владините мерки, обвинувајќи го премиерот за предизборен поткуп: *Што се 350 илјади евра ако си Димитар Ковачевски? Изгледа, сосема нормална сума народни пари кои ќе се потрошат за кампањата за предностите од членството во ЕУ, која ќе се поклопи со веќе распишаните претседателски избори. Законите се испочитувани, тврди премиерот – за кого нема проблем, што Владата на шест месеци пред избори ќе потроши уште над 354 илјади евра.“* (**ТВ Алфа, 20 ноември, 2023**)

Се разбира дека и новинарите имаат право на мислење и слобода да ги коментираат политичките и општествените случувања, но тоа треба да го прават во посебни новинарски форми, како колумна, мислење или уреднички коментар и на тој начин да го издвојат мислењето од професионалното новинарско

информирање. Вклучување на ваквите коментари во информативните прилози, без да се нагласи дека се работи за мислење или став на новинарот, ги доведува гледачите до заблуда, влијае врз засилување на штетните наративи и се коси со професионалните новинарски стандарди.

## ТВ Канал 5

Во осумте прилози на Канал 5 каде се регистрирани штетни наративи пропагирани од политички актери кои најчесто употребуваат зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори (4 случаи) или непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) кои се користат како основа за обвинување на политички противници (исто 4 случаи). Најчести штетни наративи кои ги забележуваме во овие прилози се поткопување на довербата (7), пристрасно селектирање (4), поттикнување поделби (4) и напади на личноста (3). Во овие прилози, штетниот наратив најчесто го произведувал политичкиот актер (во 18 случаи), додека улогата на новинарот најчесто била пасивна и тој само ги пренесувал зборовите со кои се креирал ваквиот наратив без да интервенира на кој било начин.

Еден таков пример е и инцидентот во Собранието кој на 20 ноември го предизвика пратеникот на Левица, а, освен Канал 5, го пренесоа сите медиуми. Инцидентот обилуваше со навреди и тешки зборови искажани на собраниската говорница.  Сепак, иако ваквата вест е невозможно да се избегне, многу е важно како новинарот ќе - ја претстави на јавноста и дали ќе дозволи сите навреди и етикетирања да најдат место во јавниот дискурс. *Апасиев: како тој на Џорџ Буш ќе ви ставам печат на амандаманите, заверите, сакате со спајалица или без спајалица, архивиран, е вака кога ќе дојдеме ние, вака ќе ви правиме и ќе си ги заверувате, во корпа зелена зашто вие сте зелени.* (**ТВ Канал 5, 20 ноември, 2023**). Употребата на метафората ***корпа зелена зашто вие сте зелени*** во овој специфичен случај се користи да се истакне „незрелоста" на политичкиот опонент, кој нема способност квалитетно (зрело) да ја извршува својата работа. Ваквите навреди, особено кога се истакнати во најгледаните вечерни термини, без разлика што биле кажани во јавен простор (од собраниска говорница), ги охрабруваат политичките актери уште повеќе да го радикализираат сопствениот наратив.

## ТВ 21

При мониторингот на ТВ 21 во ноември се регистрирани вкупно 10 прилози, во кои има индикатори (17) за штетни наративи. Во сите овие прилози, политичкиот актер е тој кој ги креирал ваквите наративи, а улогата на новинарот најчесто била пренесување на изјавите без интервенција. Поткопувањето на довербата (во 9 случаи) и дезинформациите (во 6 случаи) се најчестите штетни наративи кои ги среќаваме во анализата за овој медиум. Пример за непроверени наоди кои се користат за меѓусебни обвинувања гледаме во прилогот емитуван на 8 ноември, во кој потпретседателот на Демократското движење, Изет Меџити, ја обвинува ДУИ: *ДУИ не ја интересираат ЕУ и уставните измени. Тие се обидуваат со Груевски да направат пазар со ВМРО-ДПМНЕ за да влезат во широка Влада пазарејќи се со идните пратеници на СДСМ.* (**ТВ 21, 8 ноември, 2023**) Ваквите нагласено неаргументирани конструкции, кои не се проверени и тешко може да се проверат, се уште еден начин на кој се засилува поларизацијата во општеството. Политичките актери неретко ги користат ваквите манипулативни тактики, но улогата на медиумите не е беспоговорно да ги пренесуваат ваквите изјави и со тоа да ги шират штетните наративи, туку да ги анализираат, истражат и да нагласат кога се работи за шпекулација, претпоставка или непроверено тврдење.

## ТВ Сител, ТВ Телма и Алсат М

Кај овие три телевизии во ноември се регистрирани помал број прилози во кои се произведуваат штетни наративи (по 4 прилога кај секоја од трите телевизии). Политичкиот актер е најчесто тој кој е одговорен за произведување на штетниот наратив, освен во два случаи кај Алсат М и по еден случај кај Телма и Сител, каде штетниот наратив го поддржал (но не го креирал) и новинарот.

Поткопување на довербата (вкупно 11 случаи) и пристрасно селектирање (7) се најчестите штетни наративи кои се појавуваат во прилозите на овие три телевизии. Исто така, во прилозите на Алсат М гледаме и пример на говор на омраза, како и пример на **етноцентризам и национализам.** Во интервјуто со **Елвис Хоџа од Самоопределување, емитувано на Алсат М на 20 ноември, гостинот гиословува Македонците како Славомакедонци, а Албанците, вели тој, треба бидат спротивставени кон Македонија,** затоа што таа не се претставила како нивна држава: *Албанците треба да бидат опозициски настроени, да бидат спротивставени кон оваа држава. Македонија не е држава на Албанците, таа никогаш не се претставила како таква. ДУИ е партија на режимот во Македонија, во која Албанците не постојат и во која тие не се творци на власта во Македонија.*

Ова е пример на отворено инфламаторен говор, доста опасен во мултиетнички општества, затоа што произведува или поттикнува нетолеранција и стигматизација на одредена група. Ваквите примери на етноцентризам, со кои се велича сопствената етничка заедница, наспроти другите (помалку вредни) заедници, има потенцијал да поттикне и насилни дејства и затоа мора да биде соодветно обележан и осуден. Иако медиумот и новинарот во овој конкретен случај не се тие кои креираат ваков наратив, сепак нивната улога е да обезбедат осуда и да се оградат, што тие не го направиле.

# Извештај за декември 2023




Во **последниот месец од 2023 година, при анализата на централните вести на 9-те ТВ-станици, регистрирани се вкупно 87 прилози** во кои се забележани штетни наративи. Во декември, анализирани се 8 денови (2, 6, 10, 14, 18, 22, 26 и 30 декември).

Во споредба со **октомври (66 прилози) и ноември (69),** се забележува пораст, кој се должи на бројот на денови опфатени со анализата (8), но и на забележителниот раст на ваквиот наратив кај политичките актери како што се наближуваат изборите.

## Фреквентност на штетните наративи кај ТВ-станиците

Во декември, бројот на прилози во кој е забележан штетен наратив (вкупно 87) е поголем за 26 % во споредба со ноември. Сепак, важно е да се напомене дека во декември, поради методологијата која е поставена (следење на секој четврти ден), бројот на опфатени денови е 8, а не 7 како што тоа беше случај во ноември. Од друга страна, пак, во октомври, кога бројот на денови опфатени со мониторингот е ист како и во декември (8), забележани се само 66 прилози со штетен наратив или 32 % помалку. Ова е резултат на благиот пораст на ваков наратив кај сите ТВ-станици, но особено кај двата канала на јавниот сервис МТВ 1 и МТВ 2, кои заедно опфаќаат 31 % од вкупниот број прилози со штетен наратив.

И овој месец, најмногу ваков тип прилози се регистрирани кај ТВ Алфа, (26 или 29,9 %), потоа следи МТВ 2 (17 или 19,5 %), МТВ 1 и ТВ Сител (по 10 или 11,5 %), ТВ 21 (9 прилози или 10,3 %), ТВ Канал 5 и ТВ Алсат М (по 5 или 5,7 %), ТВ Телма (4 или 4,6 %) и на крајот, ТВ 24 (1 прилог или 1,1 %).

Табела 27. Приказ на ТВ прилози кои имаат штетен наратив




Не се забележуваат големи разлики по денови, односно ниту еден ден премногу не отскокнува по бројот на прилози со штетни наративи, освен 30 декември, кога се забележани најмалку, само 5 вакви прилози. Најмногу прилози со штетни наративи се регистрирани на 2 и 10 декември (по 14), на 26 декември имало 13, на 14 декември 12 итн. Од регистрираните прилози со штетни наративи, слично како и во октомври и ноември, најголем број или 33 прилози (37, 9%) се од жанрот ТВ-извештај, додека 19 (21,8 %) на аналитичко-репортажниот жанр.

Табела 28. Приказ на објавени прилози кои имаат штетен наратив според жанр




Гледаме дека **повторно е релативно висок бројот на прилози во кои само се пренесува говор на политичар (10 или 11,5 %) или е пренесено соопштение на политичката партија (4 или 4,6 %).** Оваа практика сигнализира дека неретко, одредени медиуми ја заборавaат нивната основна улога и наместо критички да ги анализираат случувањата, едноставно им го препуштаат медиумскиот простор на политичките актери кои наоѓаат платформа за ширење на сопствената идеологија.

**Темите** кои се појавуваат во прилозите на ТВ-станиците најчесто се од областа на **внатрешната политика (47 прилози или 54 %),** што повторно е вообичаена слика и се поклопува со претходните извештаи. Од другите теми, почесто се јавуваат само темите од областа на надворешната политика (15 или 17,2 %) и економија (11 или 12,6 %), додека темите како криминал, образование, судство итн. се појавуват сосема ретко.

Во декември, најчести биле прилозите поврзани со **изборите,** вклучувајќи ги и подготовките за **формирање на техничката влада,** како и **изборот на испразнетото место за член на Државната изборна комисија (вкупно 26 прилози),** а потоа следат ЕУ-интеграциите (во 12 прилози) и расправата за буџетот (6). Две посебни теми кои се издвојуваат во овој период се двојното убиство во Скопје и подигнувањето крст во дворот на црквата во Тетово, чин којшто партиите на различни начини го искористиле за меѓусебни обвинувања, а притоа и за ширење наративи кои содржат популизам, поткопување на довербата и поттикнување поделби.

Таков е примерот со прилогот емитуван на 26 декември на ТВ Канал 5, каде политичките актери неодговорно ја злоупотребуваат оваа мошне сензитивна тема за дневно-политички поени и наместо да ги смируваат тензиите, дополнително ги разгоруваат. Меѓу изјавите во кои политичките партии се обвинуваат за тоа кој се обидува да го наруши соживотот во Тетово, ја издвојуваме изјавата на претседателот на партијата Достоинство и директор на Центарот за управување со кризи, Стојанче Ангелов, кој смета дека оние граѓани Албанци кои ќе протестираат против поставувањето на крстот не ги почитуваат сограѓаните Македонци: *Протестот, меѓу другото, ќе покаже колкумина наши сограѓани Албанци имаат непочит кон нас, православните Македонци, бидејќи нивното собирање за уривање на крстот на Попова Шапка јас го толкувам како непочит кон сите православни граѓани, од коишто убедливо мнозинство се Македонците.* (**Канал 5, 26 декември 2023**)

Ваквата генерализација, симплифицирање на комплексните случувања и сведување на цели групи на добри и лоши или оние кои почитуваат за разлика од оние кои немаат почит кон другиот, може да служат само за продлабочување на поделбите, на етничката и на религиозната нетрпеливост, а не за градење соживот. Уште повеќе што изјавата доаѓа од државен функционер, директор на Центарот за управување со кризи.

Според **членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија** *Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).* Иако, тука улогата на новинарот била само во пренесување на политичката изјава, сепак во вакви специфични ситуации, кога една изјава или збор може да предизвикаат меѓуетнички тензии, медиумите и новинарите мораат да бидат мошне внимателни на кој начин ќе ги пренесат политичките изјави, но и на каков начин ќе ја врамат оваа тема. Во конкретниот случај, новинарот обезбедил изјави од неколку различни страни, вклучувајќи ги и општинскиот инспекторат во Тетово и неколку политички партии. Сепак, јавноста, немаше шанса да слушне објаснување од оние кои се подготвуваат да протестираат, кои се нивните причини и мотиви, особено по таква генерализирачка изјава дека сите кои ќе протестираат не ги почитуваат православните Македонци.

Најчест повод за прилозите со штетни наративи во декември биле општствени теми или општествени случувања (31 или 35,6 %), а веднаш по нив се актуелните настани (29 или 33,3 %). Повторно, како и во претходните месеци, на трето место се т.н. псевдонастани[27] (19 прилози или 21,8 %). Тоа што се забележува од анализата е дека процентуално најголем број прилози во кои поводот бил извесен псевдонастан се регистрирани кај МТВ 2 (9 или 52,9 %). Ова укажува на тоа дека одредени политички актери со своите соопштенија за јавност, прес-конференции и изјави, успеале да најдат простор во МТВ 2 за своите ставови и агенди, но и штетни политички наративи, а без притоа да имало конкретен повод, актуелно случување или нешто слично. Медиумот не смее да биде бесплатно гласило на политичките партии кое ќе ги пренесува сите нивни соопштенија и изјави, туку место на кое на објективен и балансиран начин ќе се анализираат политичките случувања.

## Политичките актери во анализираните прилози

Генерален заклучок, и тоа не само за декември, туку и за претходните месеци од мониторингот, е дека најголемите политички партии во државата (СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ) доминираат во прилозите на информативните изданија на ТВ-станиците. Затоа, не е за изненадување фактот дека и во прилозите кои содржат штетни наративи, најчесто наоѓаме актери кои припаѓаат на една од овие партии. Најчесто како актери се спомнуваат ВМРО-ДПМНЕ (27 пати), Димитар Ковачевски (20 пати), Владата на СДСМ и ДУИ (17 пати), СДСМ (12 пати). Иако, актерите обично се обраќаат со официјалните имиња и функции (претседател на Влада, претседател на партија итн.), почнува сè почесто да се забележува една тенденција која станува нагласена пред изборите или при влегување во предизборните кампањи. Во тој период, СДСМ од својот политички противник обично е нарекуван „СДС“ (без М), со што се алудира на недостаток на патриотизам, одроденост, на партија која не заслужува во името да го содржи името Македонија.

27 Псевдонастаните, според Даниел Борнстин, не се спонтани настани, не доаѓаат случајно, туку некој ги испланирал, ги поттикнал и ги вметнал за да дојде до медиумски простор кој би го искористил за да ги промовира сопствените идеи и ставови. Мониторингот покажува дека тоа се настани коишто најчесто ги организираат политичките партии/актери, а привлекуваат медиумско внимание. Daniel J. Boorstin, The Image: A Guide to Pseudo-events in America (New York: Vintage Books, 1992).

Ваквиот наратив ВМРО-ДПМНЕ го употребува со години, секогаш кога сака да го нагласи својот наводен патриотизам, на сметка на својот политички опонент, а јасно се гледа во изјавите кои беа анализирани во декемврискиот извештај. *СДС е партија која е на власт 7 години и со прст не мрдна. Тие не треба да ја градат својата среќа над несреќата на другите.* (Изјава на ВМРО-ДПМНЕ, ТВ Телма, 22 декември, 2023)

Слична е и стратегијата на СДСМ, која најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ ја нарекува само „ДПМНЕ", алудирајќи дека не заслужува да го користи историското име на раволуционерната партија. Ваквиот начин на меѓусебно именување не е воопшто нов и е анализиран и од Мониторингот на демократијата во Македонија (МОДЕМ).[28]

Од друга страна, ВМРО-ДПМНЕ и Левица, од страна на претставниците на власта, во неколку изјави (3 регистрирани прилози) се нарекуваат „проруски", „анти-ЕУ" и „анти-НАТО". За СДСМ ова е начин да ја обележи опозицијата како назадна, против ЕУ-перспективите на земјата, а со тоа и против вистинските интереси и перспективи на Македонија.

**Претседателот на СДСМ и актуелен премиер, Димитар Ковачевски, е најспоменуваниот индивидуален актер (20 прилози) и тој (од новинарот или други политички актери) е претставен најчесто негативно (8 пати), само двапати позитивно и во останатите прилози неутрално (10).** Ковачевски е најчесто именуван со своето полно име и функција (премиер или претседател на Владата), но се среќаваат и случаи каде политичките актери од опозицијата во своите изјави го нарекуваат со прекар – „Таче": *Колата за која збори Таче му зариба, зашто горивото изразено во милиони евра во тендери, наместо во народниот резервоар, течеше во приватните џебови на власта. Корупцијата на власта е нотирана во сите извештаи на меѓународните институции.* (**Партиско соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, МТВ 1, 2 декември 2023**). Без разлика што овој прекар не содржи конкретна навреда во себе, користењето прекар за луѓе на највисоките функции во државата во официјална политичка комуникација се користи за да се обезвредни и да се омаловажи нивната позиција, да се прикажат како мали и недостојни за лидери. Уште повеќе што овој прекар содржи доза на деминутивност и се поклопува со намерите за дискредитација на политичките актери.

**Улогата на новинарот** во прилозите со штетни наративи кои ги анализиравме **најчесто била неутрална,** односно не заземал ниту негативен ниту позитивен однос, а квалификациите најчесто доаѓале од самите политички актери. **Исклучок е ТВ Алфа,** каде во 9 прилози новинарот зазел негативен однос кон СДСМ, Владата или Димитар Ковачевски, и два прилози емитувани на Канал 5, каде новинарот имал негативен однос кон премиерот Ковачевски.

Таков пример е најавата за вестите емитувани на 2 декември на ТВ Алфа, при што новинарот дава воведен коментар, вклучувајќи различни квалификации и нудејќи објаснување за политичките случувања: *Не е разбирлив оптимизмот на Ковачевски дека ќе остане на власт до 2030 година за кога планира да прави журка со сите иселени Македонци кои дотогаш ќе имале европски пасош, бидејќи Македонија ќе била дел од Европската Унија. Катастрофални критики постојано пристигаат од земјите членки на Европската Унија. Последна е Холандија која постојано ја критикува политиката на владеење во Македонија.* (**Најава на прилог, ТВ Алфа, 2 декември, 2023**).

28 Мониторингот на демократијата во Македонија (МОДЕМ) беше спроведен од тим на Институтот за комуникациски студии (ИКС) во периодот од ноември 2015 до април 2016 година и ги анализираше информативните програми и дебатни емисии на Јавниот радиодифузен сервис и на комерцијалните телевизии со национална концесија. Сите информации за истражувањето се достапни ТУКА.

Според Етичкиот кодекс на новинарите „известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти". Се разбира дека новинарството треба да биде критичар на извршната власт, но создавање нагласени напаѓачки конструкции надвор од потребите на контекстот и јавниот интерес, без притоа да се обезбедат аргументи, не е начинот на кој професиналното новинарство треба да функционира.

## Еднострано известување

Трендот кој продолжува да алармира е едностраното известување, особено видливо во прилозите кои се предмет на нашата анализа. **Од вкупно 87 прилози кои содржеле штетен наратив, точно половината (44 или 50,5 %), имале или само еден извор (41 или 47,1 %) или воопшто не содржеле извори, односно новинарот се јавува како извор (3 или 3,4 %).**

Во останатите случаи, во 21 прилог (24,1 %) консултирани се 2 извора, додека во 22 прилога (25,3 %) три или повеќе извори.

На ова се надоврзува и вклучувањето на само една страна во прилогот и тука ги гледаме речиси истите резултати, односно само во 17 прилози (19,5 %) новинарот вклучил повеќе страни во прилогот (41 само една страна и 26 две страни).

Табела 29. Приказ на застапеност на страната на изворите во прилозите кои имаат штетни наративи




| | ТВ 24 | Телма | Алсат М | Канал 5 | ТВ 21 | Сител | МТВ 1 | МТВ 2 | Алфа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Само една страна | 0 | 2 | 3 | 2 | 3 | 6 | 5 | 4 | 16 |
| Две страни | 1 | 2 | 1 | 1 | 4 | 2 | 2 | 8 | 5 |
| Повеќе страни | 0 | 0 | 1 | 2 | 2 | 2 | 3 | 5 | 2 |

Повторно кај **ТВ Алфа гледаме најмногу едностраност** во пристапот, односно 16 од вкупно 23 прилози (69,6 %) вклучиле само една страна, 5 (21,7 %) две страни, додека само во 2 прилога (8,7 %) гледаме повеќе страни. Сепак, анализата во декември покажува дека и останатите медиуми не се премногу далеку од едностраниот пристап во информирањето, кога се работи за прилозите со штетен наратив. Кај ТВ Сител и ТВ Алсат М гледаме дека точно 60 % од овие прилози содржеле само една страна, додека кај ТВ Телма и МТВ 1 тоа е случај за 50 % од прилозите.

Непристрасноста и балансираноста, заедно со вистинитоста, се основните елементи на новинарската професија. Презентирањето на само една страна во прилогот, особено кога таа страна е одговорна за креирање на одредени штетни наративи, не смее да биде случај. Во најмала рака новинарот мора да ја консултира и другата страна, која треба да добие шанса да го изнесе својот став и својата страна од приказната.

**ЗАКОН ЗА АУДИО-И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ, ЧЛЕН 61**

Радиодифузерите при вршењето на дејноста треба да ги почитуваат следниве начела:

- негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста,
- на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот,
- поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло,
- заштита на идентитетот на жртвите на насилство,
- почитување на пресумпција на невиност,
- поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи,
- отвореност на програмите за изразување на различните култури што се составен дел на општеството,
- зачувување и негување на националниот идентитет, јазичната култура и домашното творештво,
- **објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања,**
- почитување на авторското право и сродните права,
- почитување на тајноста на изворот на информацијата,
- гарантирање на правото на одговор и исправка и
- самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика.

## Најчести штетни наративи

Во декември се утврдени вкупно 87 прилози, во кои се забележани вкупно 162 индикатори кои предизвикуваат еден од штетните наративи кои се предмет на истражувачкиот процес, односно секој прилог во просек содржи по два такви индикатора за „штетност". Ни во овој период нема големи разлики кога се во прашање типовите наративи кои доминираат во информативниот блок на ТВ-станиците. Повторно, најзабележителни се индикаторите поврзани со тврдења за корумпираност, неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (35 случаи) и прилозите поврзани со непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) кои се користат како основа за обвинување на политички противници (вкупно 33 случаи). По нив следат прилозите поврзани со етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица и употребата на негативни зборови (22).

Прилозите кои во себе содржат ваков тип индикатори, најчесто биле причина за креирање на следниве наративи: поткопување на довербата (65), пристрасно селектирање (28), напади на личноста или демонизација (22), популизам (13), поттикнување поделби (12) итн.

Табела 30. Фреквенција на штетни наративи




Не се забележуваат ни големи разлики при анализата на тоа кој е одговорен за креирање на штетниот наратив, затоа што најчесто, како што беше случај и во претходните месеци, политичките актери го држат приматот на „производители на штетни наративи", додека улогата на новинарот најчесто е пасивна и се состои во пренесување на политичките изјави без интервенција. Исклучок е ТВ Алфа, каде во 14 случаи (од вкупно 51 индикатор) новинарот е тој кој е директно одговорен за креирање на штетниот наратив, а во 15 случаи тоа го правел паралелно со политичкиот актер. Во информативните програми на другите телевизии тоа не е пракса и само во ретки случаи гледаме дека новинарот сам или со политичкиот актер учествувал во создавањето на овој тип наратив (по еден таков случај кај МТВ 1, МТВ 2 и Алсат М).

## МТВ 1

Во декември кај МТВ 1 се регистрирани вкупно 10 прилози кои содржеле еден или повеќе типови штетен наратив. Најчесто тоа било поткопување на довербата (8), популизам (4) или поттикнување поделби (3). Овие прилози најчесто третирале теми поврзани со внатрешната политика (5) или криминал (3) и тоа претстојните избори и исходот од ЕУ-самитот. Само во една најава се забележува штетен наратив, додека во другите случаи штетниот наратив најчесто е поврзан со изјавите на политичките актери, а новинарот не бил тој што ги креирал штетните наративи, туку само ги пренесувал.

Во вестите на 22 и 26 декември, МТВ во централните вести имала гости, актуелни политичари, со кои новинарот зборувал на најразлични политички теми. Со тематски разговори со различни извори и експерти од областа, медиумите - овозможуваат на публиката да добие подетални информации на темата, да слушне различни мислења и ставови, кои може и треба да бидат критички. Но, притоа е важно домаќинот во медиумот да се однесува кон гостинот со должна почит и истовремено да има предвид дека и соговорниците имаат своја агенда и интерес да го искористат медиумскиот простор, па дури и за да ги обвинат своите политички противници. Такво е, на пример, интервјуто со Владо Мисајловски, пратеник од ВМРО-ДПМНЕ: *Оваа власт потроши милијарди и милијарди евра за проекти, а во Македонија има изградено 0 км автопати, има 0 изградено болници, нема спортски сали, нема нов театар, нема нов музеј. Толку милијарди потрошени во буџет, а нема проекти, вели Мисајлоски за власта на СДСМ.* (**МТВ 1, 26 декември 2023**) Ваквиот наратив, со кој се нагласува дека за успешно владеење се потребни успешни проекти (изградба на патишта, театри, болници) и мерење на тоа што е изградено во метри и километри, е многу чест, особено во предизборниот период. Во конкретниов случај, партијата на власт, без конкретни аргументи, се обвинува

дека потрошила милијарди, а изградила 0 км автопат, со што се инсинуира дека или е неспособна или корумпирана. Се разбира, тоа е дозволено во политичкиот дијалог, но новинарот треба да се обиде да ја води дискусијата на аргументирано ниво, да побара дообјаснувања, докази и примери со кој ваквиот наратив, кој сега останува само на ниво на генерализации, ќе биде образложен и аргументиран.

## МТВ 2

**Во декември е забележан зголемен број прилози со штетен наратив кај вториот канал на јавниот сервис.** Со вкупно 17 прилози, МТВ 2 е веднаш зад ТВ Алфа по бројот на регистрирани прилози кои содржат штетен наратив. Најчести се поткопување на довербата (9), напади на личноста или демонизација (5), пристрасно селектирање (4) и популизам (3).

Најголемиот број од овие прилози се на теми од внатрешната политика (10) и економијата (4). Тоа што е карактеристично за МТВ 2 е дека поводот за прилогот во повеќе од половина од случаите (9 прилози или 52,9 %) бил псевдонастан, односно настан кој е креиран од политичките партии без никаков друг повод освен да генерира медиумско внимание и публицитет.

Во интервјуто емитувано на 30 декември, министерот за надворешни работи, Бујар Османи, директно ја обвинува опозицијата дека е против европската интеграција на државата, при што ги етикетира како „антиевропски" и „проруски": *Знаете дека ВМРО-ДПМНЕ, односно опозицијата ги попречи уставните промени. За тоа има повеќе објаснувања. Како прво, тие се антиевропски. Историски тие не поддржале ништо во врска со европската интеграција [..].Спречувањето на уставните промени е во насока на унапредување на руското влијание во Северна Македонија [...] Тоа во Северна Македонија се манифестира преку битка меѓу проевропскиот и антиевропскиот фронт [...] Уставните промени ги спречија, така да кажам, не националистички, туку проруски сили...* (**МТВ 2, 30 декември 2023**)

Овој наратив, со кој сите кои критикуваат некакви потези на владата (во конкретниот случај уставните измени и внесување на бугарското малцинство во Уставот) се етикетираат како кочничари на ЕУ-интеграциите или поддржувачи на руските политики,  станува сè повидлив во политичките изјави, а за жал сè повеќе наоѓа место и во медиумското известување. Во овој конкретен случај, новинарот не е тој кој го произведува штетниот наратив, но сепак како домаќин има одговорност да има целосна контрола врз дијалогот и да потпраша, да посочи или ако треба и да осуди неаргументирани напади, етикетирања и навреди во програмата. Интервјуата во живо се мошне тешка и предизвикувачка жанровска форма, особено затоа што новинарот никогаш не може однапред да знае што може да се случи или што да очекува од гостинот. Но, улогата на професионалниот новинар не е мирно да седи и да молчи, додека гостинот политичар не каже сè што има на ум, а интервјуто не смее да се претвори во пропаганден настан. Новинарот треба да биде подготвен за интервјуто и за темата за која ќе се дискутира, да ги разбива ваквите наративи и со дополнителни прашања да ги деконструира обидите за популизам, нападите без аргументи, нагласените стереотипизации, поделби и дезинформации.

## ТВ Алфа

Во декември, при анализата на централните вести на ТВ Алфа, регистрирани се **26 прилози со штетни наративи, што е речиси една третина (29,9 %) од вкупниот број.** Најчести штетни наративи кои се јавуваат се поткопување на довербата (20), пристрасно селектирање (13) и напад на личноста/демонизација на политичкиот противник (6).

Најфреквентни теми во овие прилози, повторно, се темите од внатрешната политика (16 или 61,5 %). **Најчест актер кој се појавува и за кој зборува или новинарот или некој друг политички актер е Владата/власта/СДСМ (9 прилози) или премиерот Ковачевски (6). Во сите случаи, овој актер е оценет негативно** (ниту еднаш неутрално или позитивно) или од самиот новинар (во 7 случаи) или од политичкиот опонент (8 случаи).

Како и досега, главна карактеристика е дека во голем број случаи новинарот (14 прилози) или новинарот заедно со политичкиот актер (15 случаи) директно се одговорни за креирање на штетниот наратив.

Посебна **студија на случај се најавите на прилозите во вестите, во кои новинарот/уредникот на вестите, наместо најавувач, влегува во улога на толкувач;** тој прераскажува, објаснува, сумира, но што е најважно, на себе ја презема одговорноста во име на јавноста да процени кој е прав, а кој не, кој е патриот, а кој криминалец или кој е добриот во приказната, а кој е лошиот.

Еве дел од најавите на прилозите во централните вести емитувани на 2 декември.

> *Македонија сервилна на самитот на ОБСЕ. Не ја искористивме шансата светот да слушне за проблемите со кои се соочува државата на патот кон ЕУ. Испуштена е борбата за националниот интерес [...] Пакетот антикризни мерки кој го најави Владата повеќе е предизборен поткуп отколку реална помош за граѓаните и за компаниите. Со ова барем согласни се и економистите и бизнисмените. Само Битиќи не гледа ништо спорно [...] Ќе биде ли конечно разрешен директорот на Агенцијата за филм кој на позицијата дојде без никакво искуство во филмската дејност, туку од банкарскиот сектор. За низата скандали кои ја тресат оваа Агенција, одговори побараа пратениците на ВМРО ДПМНЕ од Ковачевски. Одговор добија, ама не конкретен, туку конфузен. Премиерот очигледно купува време и во решавање и на овој скандал. (**Сегменти од најави на ТВ-прилози, ТВ Алфа, 2 декември 2023**)*

Начинот на кој уредникот на вести ги објаснува настаните и ги оценува политичките актери е експлицитно тенденциозен – напаѓачки кон членови на актуелната Влада, поткрепен со еднострани извори кои се еднообразни со еден политички центар (опозициската ВМРО-ДПМНЕ).

Медиумите може и треба да бидат критични. Начелото за непристрасност не смее да ја загрози уредувачката слобода на медиумите. Напротив, медиумите и новинарите имаат обврска, во име на заштитата на јавниот интерес, критички да ја опсервираат власта или оние кои имаат политичка или каква било друга моќ и одговорност, но вклучувајќи ги исто така и нивните противници, опозицијата, невладините организации, бизнис-компаниите, религиските заедници и сл. Новинарите имаат уредувачка слобода да ја покриваат која било тема за којашто постојат причини да се пишува во согласност со уредувачката политика на медиумот, да известуваат за одреден специфичен аспект на некое прашање, да овозможат да биде презентирано издвоено гледиште, да објават дури и ставови, мислења и факти што може и негативно да засегнат одреден дел од публиката. **Единствениот критериум е дали таквото нарушување на начелото на непристрасност е во улога на заштита на јавниот интерес.** Поради фактот што и новинарите имаат право на став и мислење, многу значаен елемент за заштита на начелото на непристрасност е мислењата и ставовите во новинарските прилози или програми да бидат издвоени од фактите.

*Новинарите, како и сите други луѓе, имаат свои убедувања, ставови и мислења. Но јавноста заслужува известување засновано врз факти и врз анализа поткрепена со релевантни информации. Затоа, ставовите и мислењата на новинарите не смеат да влијаат врз информирањето на публиката, особено за теми, настани и појави од конфликтен карактер. За да понудат целосно и авторитетно покривање на вестите и настаните, новинарите мора да ги потиснат своите лични гледишта и перспективи.*[29]

## ТВ Канал 5

Во само петте прилози со штетни наративи кои се регистрирани кај ТВ Канал 5, ги забележуваме најчесто наративите поткопување доверба и дезинформации. Сепак во овие 5 прилози гледаме дури 15 индикатори кои упатуваат на различни штетни наративи, што сигнализира дека содржат голем број штетни наративи во себе. Во најголемиот број случаи, наративот го произведува политичкиот актер (11), додека новинарот само го пренесува.

Таква е изјавата на премиерот Ковачевски во која тој ја етикетира опозицијата како пречка во ЕУ-интеграциите на државата, исто како што била и пречка за НАТО-интеграцијата. Додека сопствената партија ја нарекува „европска", опозицијата, „која сега е засилена" со Левица, е „една анти-ЕУ, анти-НАТО, проруска коалиција којашто не нуди друга алтернатива и ја држи државата во изолација и статус кво.":

> *Истите тие кои беа против зачленувањето во НАТО, истите тие се против зачленувањето на земјата во ЕУ. Тоа што го гледавме во 2008 година во Букурешт, истото тоа го видовме сега во Брисел, истите политичари, истите политички партии, сега засилени со политичката партија Левица, една анти-ЕУ, анти-НАТО, проруска коалиција којашто не нуди друга алтернатива и ја држи државата во изолација и статус кво. Нашата коалиција е европска и нема да се откаже од овој процес на европски интеграции.* **(ТВ Канал 5, 14 декември 2023)**

Новинарот во овој случај само ја пренесува изјавата во својот извештај, заедно со изјавите на останатите политички актери, без чувство за штетниот наратив кој го споделува. Ваквиот вид едноставно известување, без подлабоко навлегување во темите на јавниот интерес и критичка опсервација на случувањата, особено кога се работи за важни теми, е карактеристика и на останатите информативни програми. Во вакви случаи, медиумите треба критички да се однесуваат кон популистичките и навредливите изјави од политичките актери, со дополнителни прашања да побараат објаснување и аргументи за одредени тврдења и да - понудат на публиката јасна слика за целиот контекст, како и критички став кон штетниот наратив.

## ТВ 21

При мониторингот на ТВ 21 во декември регистрирани се вкупно 9 прилози кои содржат еден или повеќе штетни наративи. Најчесто, овие штетни наративи опфаќале напади на личноста/демонизација (4 случаи) или поткопување на довербата (4).Темите од внатрешната политика доминираат меѓу овие прилози (7 или 77,8 %), додека единствена друга тема која се јавува е надворешната политика (2 прилози или 22,2 %). Речиси во сите, политичкиот актер е тој кој го креира штетниот наратив, додека улогата на новинарот била само во пренесувањето на овие изјави без да реагира.

29 Извадок од *Прирачник* за јавен интерес во новинарството, Скопје, 2016 година.

*Ако албанските политички партии излезат со свој кандидат тогаш тоа е во служба на ВМРО-ДПМНЕ. Зошто? Затоа што му ја земаат можноста на албанскиот електорат да гласа за една проевропска опција...* (**Изјава на потпретседателот на ДУИ, Арбер Адеми, ТВ 21, 14 декември 2023**)

Повторно, за владејачката коалиција, сè што е спротивно на нивните политики е антиевропско, па дури и намерата помалите политички партии да настапат со свој претседателски кандидат. Според ДУИ, ваквиот потег би бил услуга за ВМРО-ДПМНЕ или пораката што се испраќа е: „доколку го направите тоа, вие сте антиевропски, заедно со ВМРО-ДПМНЕ".

## ТВ Сител

Кај ТВ Сител во декември регистриравме повеќе прилози со штетни наративи (10), повеќе од вообичаено (во ноември беа забележани 4). Најчести штетни наративи кои се појавуваат се поткопување на довербата (10) и пристрасно селектирање (3). Тоа што отскокнува при анализата на ТВ Сител е едностраноста што е забележана кај овие прилози, односно во 6 прилога (60 %) е претставена само едната страна. Во овие 10 прилози, вкупно се појавуваат 18 индикатори за штетен наратив, кој најчесто го креирал политичкиот актер (12), но имало случаи и кога политичкиот актер тоа го правел заедно со новинарот (5) или самиот новинар го креирал штетниот наратив (1). Притоа, улогата на новинарот најчесто била во пренесувањето на ваквиот наратив без интрвенција, но гледаме и случаи кога новинарот јасно го истакнува наративот, иако не зазема став (3) или го пренесува со осуда/критика (1).

Таков е и примерот од 18 декември кога дел од изјавата на претставник на ВМРО-ДПМНЕ е издвоена во посебен краток прилог, само за да се нагласи и да се потенцира наративот: *Криминалот на Ковачевски и Ахмети ја чини Македонија нова блокада. Никој не гледа на Македонија како средена и правна држава, за жал поради власта на СДС и ДУИ Македонија за европските политичари не е спремна да ги започне преговорите во ваква несредена состојба во каква што се наоѓа.* (**ТВ Сител, 18 декември, 2023**)

Новинарот, со ваквото издвојување го нагласува и засилува штетниот наратив, нудејќи му привилегиран статус во информативниот блок.

## Алсат М

Кај ТВ Алсат М, во декември се регистрирани 5 прилога во кои е утврдено присуство на 12 штетни наративи, од кои најмногу поврзани со поткопување на довербата (7), напад на личноста/демонизација (2) и дезинформации.

Во интервјуто со поранешниот министер за одбрана, Лазар Еленовски, новинарката користи квалификации за одредени политички актери за кои не нуди доволно докази и аргументи, како што се протестите во училиштето во село Чашка, и притоа самата креира штетен наратив за време на интервјуто: *Дали ВМРО-ДПМНЕ ќе се трансформира од националистичка партија со националистичка реторика со која нема да може да направи коалиција за власт? ВМРО исто така се обвинува и дека ги поттикнува протестите во Чашка.* (**ТВ Алсат М, 18 декември 2023**)

Сериозните обвинувања, како што е ова дека една партија е организатор на протести во едно училиште, мора да бидат поткрепени со докази, особено кога ги изнесува новинарот. Уште повеќе кога никој од партијата не е присутен да одговори на ваквите обвинувања. Непристрасното новинарство секогаш треба да се потпира на аргументи. Според социологот Мајкл Шудсон, објективен новинар е

оној кој се потпира на факти, а не на квалификации, но и оној кој е посветен постојано да ја потенцира разликата меѓу нив[30].

Во истото прашање до соговорникот, новинарката ја етикетира опозициската партија и дека е националистичка и користи националистичка реторика, што е мошне сериозна етикета, особено кога се работи за најголемата опозициска партија во државата. Иако политичарите често ги користат ваквите обвинувања, новинарите мора да бидат исклучително внимателни со именувањето на актерите, тврдење кое мора да биде поткрепено со аргументи.

## ТВ Телма

Во декември, во централните вести на ТВ Телма се регистрирани вкупно 4 прилози кои содржеле еден или повеќе штетни наративи. Тие најчесто биле поврзани со поттикнување поделби (2), поткопување доверба (1) и напади на личност/демонизација (1). Во сите случаи, политичкиот актер го креира наративот, додека новинарот го пренел без да влијае.

Интересен е случајот кога член на ВМРО-ДПМНЕ од Охрид беше уапсен од полицијата поради поседување наркотици. Во изјавата на СДСМ, врз основа на еден индивидуален случај, се генерализира целата опозициска партија, која се нарекува криминална, поврзана со трговија на кокаин итн. *Ова е вистинското лице на ДПМНЕ и кажува за какви луѓе станува збор. Очигледно има многу бело околу ДПМНЕ и Мицкоски, а не само белата палата.* (**ТВ Телма, 10 декември**) Во овој случај, новинарот иако само ги пренел овие обвинувања со кои без докази се оцрнува една група луѓе, дал простор да се развиваат ваквите штетни наративи. Но, треба и да се потенцира дека ова е редок случај во кој новинарскиот тим на ТВ Телма ги дозволил или ги пренесел ваквите штетни наративи. Во многу случаи новинарот или ја парафразира или воопшто не ја пренесува навредливата и популистичка изјава на политичките актери и не нуди платформа за ваквите наративи.

## ТВ 21

Кај ТВ 21 е регистриран само еден прилог со штетен наратив, недоволно за анализа.

30 Schudson, Michael (1978). Discovering the News: A social history of American newspapers. ISBN 978-0-465-01666-2.

## 2.3 РЕЗИМЕ

### Клучни карактеристики за известувањето на онлајн-медиумите во ноември и декември 2023

Известувањето на **а онлајн-медиумите во последните два месеца од 2023 г. го карактеризира пораст на бројот на штетни наративи во однос на претходните анализирани месеци** (септември – 209, октомври – 154). Во **ноември** се утврдени рекордни **215 прилози** со штетни наративи, кои неретко, освен во насловите, неколкупати се повторуваат и во самите текстови (со реченици, пасуси, формулации). Доминираат обвинувања со кои се поткопува довербата во институциите на државата, пристрасното селектирање, напаѓање и оцрнување/демонизирање на одредена личност и популизмот. Онлајн-медиумите им даваат кислород на овие токсични наративи најчесто со востановената практика на голо пренесување на партиските соопштенија и говорите на политичките субјекти. Од анализираните медиуми, предничат порталите Курир и Република (во повеќе од 1/3 од сите идентификуваните „новинарски" текстови), а далеку зад нив се останатите портали.

Стандардно, како и во претходно мониторираните месеци, тоа се онлајн-објави во кои доминира еднострано информирање (во 187 прилози), жанровските категории соопштение за јавноста (најчесто на политичките партии) и говор на политичар (или вкупно 122 прилози), еден извор на информацијата (178 прилози), но најчесто прецизен, псевдо- и/или актуелен настан, прилози од кои најголемиот број не се потпишани (во 181 прилог), а визуелно најчесто покрепени со архивски и актуелни снимки, но без наведено авторство. Неизоставна тема е внатрешната политика, односно ЕУ-интеграцијата на земјата, криминалот и корупцијата, претстојните парламентарни и претседателски избори (во 153 прилози), а далеку помалку економијата, здравството или образованието.

Сликата се заокружува со политичките актери, како индивидуалните така и колективните, и начинот како тие се претставени во прилозите со штетни наративи. Притоа, наспроти големиот број на овие прилози, кумулативно ниту еден политички субјект посебно не се издвојува. Сепак, ВМРО-ДПМНЕ како партија, а заедно со нејзините членови, портпароли, пратеници, градоначалници активни на политичката сцена, е најзастапен субјект во онлајн-медиумите (особено Курир и Република), што несомнено се должи на доминацијата токму на објавите - соопштенија и објавите - говори на политичарите. Кога станува збор за „главните" доминантни актери во прилозите, тие најчесто или се цитираат или се парафразираат, додека за другите „споредни" актери најчесто се зборува во контекст на темата. Во однос на пристапот и оцената на политичките актери, порталите најчесто се неутрални или позитивни кон главните актери, а негативни кон споредните актери, но тоа пред сè зависи од тоа кој е главниот, а кој споредниот актер, односно на која политичка опција - припаѓа актерот - „десна" или „лева". Најуочливо е кај порталите со најмногу прилози со штетни наративи, Курир и Република, додека кај оние со мал број такви прилози доминираат неутралните, а спорадично негативните или позитивните.

**Месец декември го карактеризира несмалено темпо на голем број штетни наративи во онлајн-медиумите.** Мониторингот утврди 207 прилози со штетни наративи со голема фреквентност. Нотирани се дури 339 објави во текстовите (реченици, пасуси, формулаци) кои неретко се надополнуваат и во насловите на прилозите. Фокусот е на поткопување на довербата, пристрасното селектирање, нападите и демонизирањето на одредена личност, ширењето популизам, поттикнувањето поделби. Нив најчесто ги пласираат порталите Република, Курир и Вечер.мк, со најголем број прилози со штетни наративи (половина од сите евидентирани), а особено со бројни тврдења за корумпираност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност и непроверени наоди како основа за обвинување на политичките противници.

Исто како и во ноември, и овој месец доминира пренесувањето на партиските соопштенија (најчесто на политичките партии) и говорите на политичарите (или вкупно 158 прилози). Оттука и мнозинството

објави само со еден извор на информацијата (185 објави), иако најчесто прецизен (175 објави), објави во кои доминира еднострано информирање (188 прилози), а покриваат псевдо- и/или актуелен настан (135 прилози), речиси без автор (без име и презиме или иницијали на новинарот - 187 прилози) и визуелно поткрепени со архивски и актуелни снимки. Внатрешната политика секако останува најподатна за ширење штетни наративи (111 прилози) со фокус на претстојните парламентарни и претседателски избори, интеграцијата на земјата во ЕУ, формирањето на техничката влада, локалната самоуправа.

Наративот/приказната за штетните наративи ја кројат политичките актери, како индивидуалните така и колективните, а доминираат ВМРО-ДПМНЕ и претседателот Христијан Мицкоски, СДСМ, ДУИ, Владата, премиерот Димитар Ковачевски, најчесто присутни во онлајн-медиумите преку партиските соопштенија или говорите, изјавите, ставовите изнесени на прес-конференции, интервјуа, дебатни емисии (преземени од други медиуми). Порталите ги преземаат некогаш интегрално, а најчесто ги кројат/прекројуваат и извлекуваат „ударни реченици", без контекстуализација, и така обработени - ги пласираат на јавноста со што практично „директно/индиректно" и самите учествуваат во создавањето штетни наративи.

## Клучни карактеристики за известувањето на ТВ-станиците во ноември и декември 2023

Со мониторингот на прилозите на деветте ТВ-станици **во ноември 2023 г. се регистрирани вкупно 69 прилози со штетни наративи,** што не отскокнува многу од мониторингот на претходните месеци (септември – 76, октомври – 66). За разлика од претходните месеци, кај ТВ Алфа се регистрирани 16 прилози со штетни наративи, што е забележително помалку од обично (34 во октомври). За жал, тенденциозното и небалансираното информирање (во полза на опозициската ВМРО-ДПМНЕ), како и бројните примери во кои токму новинарот е одговорен за креирањето на штетните наративи, останува една од карактеристиките на информирањето на оваа ТВ-станица.

Од друга страна, **во ноември забележуваме поголем број прилози со штетни наративи во споредба со септември и октомври кај МТВ 1, МТВ 2, Канал 5 и ТВ 21.** Во најголемиот број случаи ваквите наративи се „произведени" од политичките актери, а не на новинарите. Сепак, како што нагласивме и во претходниот извештај, некритичкото и неверификувано пренесување на сите политички изјави кои изобилуваат со непоткрепени обвинувања за корупција, непрофесионално работење, злоупотреба на службената должност, мултиплицирањето на силната реторика и негативните описи за политичките противници во медиумскиот етер придонесуваат за подривање на довербата во институциите, продлабочување на поларизацијата и спуштање на нивото на политичка комуникација и културата на говорот.

Како и во претходните месеци, **најголемите политички партии СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ остануваат најчести актери во ударните ТВ-термини (особено претседателите на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ),** но и оние кои најмногу ги креираат штетните наративи кои се предмет на нашата анализа. Начинот на кој меѓусебно се обраќаат, но и начинот на кој медиумите ги ословуваат може да биде дел од поопсежна анализа. За ТВ Алфа, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски е секогаш лидер (лидер на опозицијата или лидер на партијата), додека премиерот Ковачевски е персонифициран со власта (често *„неспособна"* и *„криминална"* – ТВ Алфа).

Загрижува едностраното информирање на медиумите, односно вклучување на само една страна во прилозите, што е случај за 42 % од анализираните прилози, додека само 24,6 вклучиле повеќе од две страни. Исклучок претставуваат само ТВ Телма и ТВ 21, кои редовно во своите прилози ја понудиле и другата страна или другите страни во случувањето или проблемот.

Овој месец е нотиран карактеристичен пример за етноцентризам и националистички потпалувачки наратив на телевиската станица Алсат М во интервјуто со претставникот на косовската партија Самоопределување (20 ноември 2023). Гостинот Македонците ги нарекува *Славомакедонци* (дури три пати), а Албанците, вели тој, *треба да бидат спротивставени кон оваа држава*. Ваквиот говор е мошне опасен за мултиетнички општества и охрабрува поведение на нетолеранција во етнички сензитивна средина, особено кога е пропагиран во предизборен период. Дополнително внимание за анализа предизвикува и улогата на новинарката, која како домаќинка на интервјуто во ваквите случаи е должна да интервенира, да се спротивстави и да го осуди ваквиот штетен наратив. Таквата реакција на новинарката изостана.

Со анализата **во декември, регистрирани се вкупно 87 прилози со штетни наративи, што е најголем број досега.** Овој пораст може да се припише на предизборието, кога политичките актери беа мошне активни околу позиционирањето во преодната, т.н. „техничка" влада, но и за неколку важни случувања, како што се истрагата за двојното убиство на малолетната Вања Ѓорческа и Панче Жежовски, трошоците за Самитот на ОБСЕ во Скопје и сл.

Најмногу штетни прилози има повторно во Алфа ТВ (26). Тоа што отскокнува е високиот број прилози со штетни наративи кај МТВ 2 (17), што е најмногу кај оваа телевизија досега. За разлика од ТВ Алфа, каде голем дел од штетните наративи се произведени од новинарот (14 прилози) или новинарот заедно со политичкиот актер (15 случаи), кај МТВ 2 гледаме само еден случај во кој новинарот е директно одговорен за креирање на штетниот наратив.

Специфични се и случаите кои ги анализиравме во овој извештај, поврзани со  непрофесионалниот начин на најава на прилозите кој се забележува кај ТВ Алфа, при што уредникот на вести влегува во улога на толкувач на политичките настани, а притоа јасно зазема страна, но и учествува во креирањето на различни наративи. Освен уредникот/презентерот, се забележува сè позачестено навивачко информирање и од самиот новинар во самиот прилог, со што дополнително се засилува и штетниот наратив.

Кај останатите телевизии многу ретко ги гледаме случаите кога новинарот е тој кој го креира штетниот наратив и неговата улога најчесто била пасивна и без интервенција само го пренесувал ваквиот наратив.

Најчести актери во овие прилози, исто како и во претходните месеци, се најголемите политички партии во државата, СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Помалите партии ретко наоѓаат место во централните вести, па дури ни кога се користат со вакви алатки, како што е креирање штетни наративи за другите.

Навредите помеѓу политичките противници се зголемуваат и нема да биде изненадување доколку овој тренд продолжи во следниот период. Се формира предизборната реторика, клучни политички пораки и етикети кои партиите ќе ги користат за меѓусебни напади. ВМРО-ДПМНЕ сè повеќе ја нарекува владејачката партија СДС (избегнувајќи ја буквата М), алудирајќи на тоа дека тие не се достојни да ја претставуваат Македонија. Од друга страна, СДСМ пак ја нарекува опозицијата проруска, анти-ЕУ и антизападна, директно обвинувајќи ги дека тие се виновникот за неуспехот во ЕУ-интеграциите.

Поткопувањето на довербата во институциите повторно е најчестиот штетен наратив кој се забележува, при што политичките актери или новинарите, без обид за поткрепа на сопствените тврдења, обвинувале за корумпираност, неотчетност, непрофесионалност или злоупотреба на службената должност. Во овој извештај се забележува и доста висок број навреди и напади на личноста или демонизација (22), при што политичките противници се нарекуваат со погрдни имиња или се навредуваат. Со тоа дополнително се осиромашува дијалогот кој наместо да се одвива со аргументи и понудени решенија, се сведува на навреди.

Во прилозите со штетен наратив, најчесто гледаме еднострaност или во речиси половина од нив (41 или 48,8 %) е претставена само едната страна која напаѓа, обвинува без аргументи или навредува, а другата страна воопшто не добила шанса да одговори на ваквиот наратив. Ваквите прилози се дополнително проблематични и придонесуваат за зацврстување на штетниот наратив на кој нема кој да му се спротивстави.

Во периодот кој претстои, медиумите ќе имаат мошне важна и сериозна задача на професионален и непристрасен начин да известуваат за политичките изборни кампањи и на балансиран и објективен начин да ги пренесуваат нивните пораки, ветувања и промоција. Но, исто така ќе биде важно да не бидат соучесници во креирањето или пренесувањето на штетните наративи и да бидат алатка во политичката биполаризација во општеството. Исто така, нивна задача ќе биде и успешно да ги препознаваат ваквите наративи кога доаѓаат од политичките актери и да најдат начин како да ги избегнуваат и да не им овозможуваат простор во кој тие ќе доминираат со јавниот дискурс.

Институт за
комуникациски
студии

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти

British Embassy
Skopje

UKaid
from the British people

Ова истражување е спроведено во рамки на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

ИКС Институт за комуникациски студии

ШТЕТ-НА

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти